## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

## I ОПШТ ДЕЛ

Член 1

Во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 283/2023) се вршат следниве измени:

**во милиони денари**

| | Буџет 2024 | Ребаланс 2024 |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **310.128** | **318.150** |
| - даночни приходи | 178.066 | 179.027 |
| - придонеси | 100.977 | 105.212 |
| - неданочни приходи | 20.394 | 22.370 |
| - капитални приходи | 3.212 | 3.240 |
| - донации | 7.479 | 8.301 |
| **II. Вкупни расходи** | **343.638** | **362.816** |
| - утврдени намени | 343.438 | 362.616 |
| - резерви | 200 | 200 |
| **III. Дефицит** | **33.510** | **44.666** |
| - приливи | 78.564 | 83.727 |
| - одливи | 45.054 | 39.061 |

## 1. ВОВЕД

Фискалната политика ќе биде насочена кон враќање на макроекономската стабилност и поддршка на економската активност преку постепена фискална консолидација, подобрување на управувањето на јавните финансии и оддржливо ниво на капитални расходи.
Измените и дополнувањата на буџетот за 2024 година се базирани на реални макроекономски претпоставки и фискални проекции при што на расходната страна се обезбедени потребните средства за сервисирање на обврските на државата, како планирање на средства за кои иако имало обврска не биле предвидени, како и доспеани обврски кон граѓаните и бизнисот.
Со овие измени и дополнувања на Буџетот за 2024 година се овозможува реализација на стратешките приоритети и програмски определби насочени кон:
-Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните;
- конкурентен и стабилен енергетски систем кој се темели на принципите на сигурност, ефикасност и одржливост,
- Одржлив и конкурентен земјоделски сектор, поддршка на доходот и мерки за поддршка на инвестициите во програмата за рурален развој,
- Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти;
- Заштита на животната средина, зелен развој и влијанието на климатските промени.

## 2. МАКРОЕКОНОМСКИ КОНТЕКСТ

### *Тековни макроекономски движења*

Во првиот квартал од 2024 година економската активност забележа реален раст од 1,2%, со што продолжи динамиката од претходните квартали, која резултираше со низок просечен раст од 1% во текот на 2023 година. Растот во овој период се должи исклучиво на позитивните остварувања во услужниот сектор кој забележа зголемување од 4,1%. Активноста во услужниот сектор е на широка основа, при што дејноста трговија, транспорт и угостителство, која забележа зголемување од 6,9%, има најголем придонес кон растот. Согласно високофреквентните податоци, позитивните движења во трговијата продолжија и во периодот април-мај. Позначителен раст има и кај дејностите уметност, забава и рекреација од 19,6% и стручни, научни и технички дејности од 7,5%.

Графикон 1. Структура на економскиот раст според производниот метод (придонес во раст, п.п.)




Индустрискиот сектор забележа пад од 1,2% во првиот квартал од 2024 година, во чии рамки преработувачката индустрија забележа пад од 0,3%. Согласно месечните податоци за индустриското производство во односниот период, намалувањето главно се должи на падот во производството на електрична енергија од 24,5%, делумно и поради високата споредбена основа од претходната година, а негативен придонес има и рударството и вадењето камен со пад од 2,3%. Во рамки на преработувачката индустрија позначителен придонес врз падот имаа традиционалните индустриски гранки, производство на облека (пад од 23,3%) и производство на тутунски производи (пад од 61,6%). Во април 2024 година продолжи негативниот тренд кај индустриското производство, иако со забавена динамика, додека во мај падот значително се продлабочи и достигна 13,2% на годишна основа. Покрај падот во производството на електрична енергија, во мај значителен пад имаше и кај преработувачката индустрија (10,6%), при што најголем негативен придонес имаа дејностите во кои работат компаниите од индустриските зони.
Градежната активност забележа пад од 2,5%, што согласно месечните податоци за вкупните извршени градежни работи ваквото остварување се должи на падот на градежната активност во сегментот на високоградба и специјализирани градежни работи, додека активноста во делот на нискоградба забележа раст. Земјоделскиот сектор регистрира двоцифрен пад од 19,7%, по падот од 15,3% во претходниот квартал, со што продолжуваат негативните остварувања во овој сектор.

Графикон 2. Годишен раст на индустриското производство (во %)



Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на позитивниот придонес на домашната побарувачка, во услови на зголемени бруто инвестиции и зголемена потрошувачка, додека нето-извозот има негативен придонес кон растот.
Бруто-инвестициите забележаа раст од 23,6%, што претставува закрепнување по негативните остварувања во 2023 година поради искористувањето на залихите акумулирани во текот на 2022 година, во услови на зголемен увоз на капитални добра и пад на градежната активност.

Графикон 3. Расходна структура на економскиот раст (придонес во раст, во процентни поени)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Мин. за финансии

Потрошувачката забележа раст од 2,1% на реална основа. Притоа, приватната потрошувачка забележа раст од 2,0%, во најголем дел како резултат на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на поинтензивниот раст на платите во првиот квартал од 2024 година (реален раст од 12,5%) и кредитирањето на населението. Јавната потрошувачка забележа раст од 2,4% на реална основа во услови на умерен раст на расходите за стоки и услуги и значителен раст на расходите за плати и надоместоци (24,9%).
Слабата економска активност во земјите на ЕУ и соодветно на екстерната побарувачка, резултираше со пад на извозот на стоки и услуги од 7,8% на реална основа. Падот на извозот е главно одраз на намалениот извоз на хемиски материи и производи, електрична енергија, друмски возила, метална руда и отпадоци од метал и железо и челик. Од друга страна, увозот на стоки и услуги забележа реален раст од 0,2%, придвижен од увозот на капиталните производи, додека динамиката на увозот на интермедијарни производи забави во услови на намалена извозна активност овој квартал. Оттука, нето-извозот бележи негативен придонес врз економскиот раст во првиот квартал од 2024 година. Согласно месечните податоци за надворешно-трговската размена, во мај извозот на стоки забележа пад од 21,6%, при што во првите пет месеци од 2024 година раст е забележан само во април (7,7%). Намалување на извозот е регистрирано кај речиси сите сектори, при што падот на извозот на хемиски производи (катализатори) учествува со 53,9% во вкупниот пад на извозот на стоки во мај 2024 година. Увозот на стоки бележи променливи движења од почетокот на годината и во просек во првите пет месеци забележа раст од 1%, при раст на увозот на капиталните производи (29,9%) и производи за широка потрошувачка (13,5%), додека кај интермедијарните производи забележан е пад од 6,9%. Во првите пет месеци од 2024 година трговскиот дефицит е зголемен за 34,1% во споредба со истиот период од 2023 година.

Согласно податоците од Анкета за работна сила (АРС), стапката на невработеност во првиот квартал од 2024 година изнесува 12,9%, што претставува намалување од 0,1 п.п во однос на претходниот и 0,4 п.п во однос на истиот квартал од 2023 година. Стапката на вработеност изнесува 45,4% и е непроменета во однос на претходниот квартал, додека во однос на истиот период минатата година е зголемена за 0,3 п.п.. Притоа бројот на вработени во однос на претходниот квартал е речиси на исто ниво (незначително намален), додека во однос на К1 2023 година е зголемен за 0,6% (или 4.109 лица). Стапката на активност изнесува 52,1% и во однос на претходниот квартал е намалена за 0,1 п.п. Просечната нето-плата во април 2024 година забележа номинален раст од 13,7% и раст од 9,3% на реална основа на годишно ниво. Растот на нето-платата е на широка основа и е регистриран во речиси сите дејности, при што најголем годишен раст на нето-платата бележат секторите образование (21,8%), земјоделство (18,6%) и информации и комуникации (18,0%).

Графикон 4. Раст на просечната нето-плата (во %)




Извор: Државен завод за статистика

Во првиот квартал од 2024 година тековната сметка на платниот биланс забележа дефицит од 185,0 милиони евра, наспроти суфицитот од 92,8 милиони евра во истиот квартал минатата година, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки (35,1%) и на сметката на примарен доход (4,4%), како и намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 17,2%. Позитивен ефект имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 19,2%.

Графикон 5. Салдо на тековна сметка и прилив на СДИ (во % од БДП)




Извор: НБРСМ и пресметки на МФ

Странските директни инвестиции (СДИ) во земјата во првото тромесечје изнесуваат 290,2 милиона евра и во однос на истиот период минатата година се зголемени за 134,1 милион евра, што главно се должи на зголемениот прилив по основ на сопственички капитал и должнички инструменти. На крајот на јуни 2024 година девизните резерви изнесуваа 4,338 милијарди евра, обезбедувајќи покриеност на увозот на стоки и услуги од 4,4 месеци од претходниот 12-месечен период, што претставува адекватно ниво на резерви.

Графикон 6. Вкупна и базична инфлација (во %)



Извор: Државен завод за статистика и пресметки на Министерство за финансии

Во првата половина од 2024 година инфлацијата забележува забавување на растот и стабилизирање на нивото од 3,7%. Инфлацијата во првите шест месеци од 2024 година во голем удел произлегува од базичната компонента која регистрира побавно намалување на цените, односно во првата половина од годината базичната инфлација изнесува 4,9%. Цените на храната на крајот на првиот квартал регистрираа забрзување, што се должи на растот на цените на зеленчукот и овошјето, како и на укинувањето на мерките за намалување на цените во малопродажбата. Ваквите движења продолжија до мај 2024 година, а во јуни цените на храната забележаа забавување на растот на годишно ниво. Кумулативно во првите шест месеци цените на храната и енергијата регистрираа забавен раст од 3,0% и 2,7%, како и цените на нафтените деривати чиј раст во периодот јануари-јуни изнесува 0,7%, што е во согласност со движењата на светските берзи.

Согласно потребата од стабилизирање на инфлацијата и инфлациските очекувања на потрајна основа, Народната Банка и во текот на јуни 2024 година ја задржа основната каматна стапка на ниво од 6,3% која е непроменета од септември 2023 година. Кредитната активност во мај 2024 година порасна за 6,8% на годишна основа, при раст на кредитите на домаќинствата од 7,0% и кредитирањето на претпријатијата од 6,4%, додека вкупните депозити забележаа раст од 8,2% во услови на раст на депозитите на домаќинствата и претпријатијата од 10,2% и 5,0%, соодветно.

***Макроекономски проекции за 2024 година***

Глобалниот раст е проектиран на 3,2% во 2024 година, согласно последните проекции на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) од април 2024 година. Иако во однос на претходните проекции од октомври е извршена нагорна ревизија од 0,3 п.п., растот на глобалната активност и понатаму се очекува да биде понизок во споредба со периодот пред пандемијата, како резултат на сè уште високите трошоци за задолжување и повлекувањето на фискалната поддршка како краткорочни ефекти и долгорочните последици од пандемијата, руската инвазија на Украина, слабиот раст на продуктивноста и зголемувањето на геоекономската фрагментација.

Во ЕУ и Еврозоната во 2024 година економскиот раст е проектиран да изнесува 1,1% и 0,8%, соодветно, што претставува надолна ревизија на стапките на раст од 0,4 п.п. во споредба со октомврискиот извештај. Германија како наш најзначаен трговски партнер, се очекува да оствари раст од 0,2% во 2024 година што е намалување од 0,7 п.п. споредено со претходните очекувања.

Графикон 7. Економски раст и инфлација (%)




Извор: ММФ, април 2024 година (проекции за 2024 година)

Глобалната инфлација се очекува да се намали од 6,8% во 2023 година на 5,9% во 2024 година, додека во еврозоната се очекува да се намали на ниво од 2,4% во 2024 година од 5,4% во 2023 година. Проекциите за инфлацијата се базирани на очекувањата за намалување на цените на основните прехранбени производи на светските берзи, намалените цени на нафтата, како и пониската базична инфлација поради сè уште затегнатите финансиски услови.

Послаботo остварување во 2023 година во однос на очекуваното, податоците за економските движења во првата половина од 2024 година, како и понеповолното меѓународно окружување, условуваат надолна ревизија на очекувањата за раст на домашната економија годинава, кој е проектиран на ниво од 2,1%, наспроти растот од 3,4% согласно претходните проекции од декември 2023 година. Растот се очекува да биде придвижен од домашната побарувачка, додека нето-извозот се очекува да има негативен придонес врз растот.

Приватната потрошувачка и понатаму се очекува да биде еден од главните двигатели на растот, поддржана од растот на расположливиот доход и од солидната кредитна активност на банкарскиот систем. Расположливиот доход е поддржан од високиот раст на платите на реална основа, како и од линеарното зголемување на пензиите што ќе ја динамизира потрошувачката во следниот период. Оттаму, приватната потрошувачка се очекува да забележи раст од 2,7% на реална основа.

Бруто - инвестициите се очекува да забележат раст од 10%, што главно се должи на ниската споредбена основа, односно падот од 16,7% во 2023 година. Бруто-инвестициите се очекува да бидат придвижени од зголемените инвестиции во основни средства, односно машини и опрема, и нормализирање на нивото на залихи во текот на годината. Соодветен придонес се очекува и од поефикасна реализација на започнатите инфраструктурни проекти во преостанатиот дел од годината како и реализацијата на проекти од локалната инфраструктура.

Графикон 9. Структура на растот на БДП по компоненти (придонес во раст, п.п.)



Извор: ДЗС и пресметки на Министерство за финансии (*проекција)

Јавната потрошувачка се очекува да забележи раст од 3,3% во услови на зголемување на расходите за плати кои произлегуваат од потребата за усогласување со претходно потпишани колективни договори придружено со кратење на непродуктивните расходи за стоки и услуги.

Извозот на стоки и услуги се очекува да закрепне во следниот период (по падот во 2023 година) како резултат на нешто поповолните изгледи за раст кај главните трговски партнери. Извозната активност се очекува да биде поддржана од поволните ефекти од цената на металите врз традиционалниот извозен сектор, понатамошни добри перформанси на компаниите од автомобилската индустрија како и натамошните инвестиции за зголемување на капацитетите во слободните индустриски зони. Оттаму, извозот се очекува да забележи раст од 2,5%.

Раст на извозот, но и растот на домашната побарувачка и инвестициите, се очекува да влијае на зголемување и на увозот на стоки и услуги и тоа со позасилена динамика (делумно и поради повисокиот пад од 5,8% во 2023) и истиот се очекува да забележи раст од 5,4%, така што се очекува вкупниот придонес на нето-извозот да биде негативен.

Стапката на инфлација за 2024 година е проектирана на 3,5%, што претставува значително забавување на ценовната динамика споредено со 2023 година. Во текот на втората половина од годината се очекува понатамошно забавување на растот на инфлацијата, односно стабилизирање на цените на храната и енергенсите, како и поумерен притисок од базичната инфлација.

Позитивните движења на пазарот на труд се очекува да продолжат и во следниот период, но со нешто поумерена динамика во однос на претходните проекции. Бројот на вработени се очекува да се зголеми за околу 1%, додека стапката на невработеност во просек да се намали на ниво од 12,6% за 2024 година. Во однос на просечната нето-плата, високиот раст ќе се задржи во текот на 2024 година и е проектиран на ниво од 13% во просек, во услови на зголемување на платите во одредени дејности од јавниот сектор и порастот на платите во некои високопродуктивни дејности.

Основното макроекономско сценарио е придружено со ризици, коишто се оценуваат како надолни во однос на проектираниот економски раст. Ризиците во однос на надворешното окружување и понатаму се поврзани со геополитичките тензии, односно војната во Украина и конфликтот на Блискиот Исток. Понатамошното продлабочување на геоекономската фрагментација преку наметнување на дополнителни ограничувања на протокот на стоки,

капитал и луѓе, би имало неповолни ефекти врз синџирите на снабдување и берзанските цени, а соодветно на тоа на трговијата и надворешното окружување. Ризиците за проекцијата на инфлацијата се поврзани со движењата на цените на примарните производи, односно раст на истите поради геополитичките фактори и нарушувања во синџирот на снабдување, како и домашните ризици кои се поврзани со пазарот на труд и регулирањето на цените. Во однос на домашното окружување како главни ризици се понатамошното одлагање на реализацијата на предвидените инфраструктурни проекти.

## 3. ФИСКАЛНА РАМКА

### Остварување на Буџетот на Република Северна Македонија

Фискалната политика за 2024 година беше планирана да биде во функција на натамошна консолидација, реструктуирање и оптимизирање на јавните приходи и расходи со намалување на нивото на буџетскиот дефицит и јавниот долг, како и поттикнување на економската активност преку капиталните расходи и инфраструктурните инвестиции.
Дополнително за 2024 година беше планирана таргетирана буџетска поддршка за најранливите категории на граѓани и стопанство во насока на зачувување на животниот стандард на граѓаните и ликвидноста на фирмите.
Вкупните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година беа планирани на ниво од 310,1 милијарди денари и истите беа планирани за 10% повисоки во однос на 2023 година, додека расходите беа планирани на ниво од 343,6 милијарди денари или за околу 5,8% повисоки во однос на 2023 година.
Вака планираните приходи и расходи резултираа со намален буџетски дефицит во однос на 2023 година за околу 9,2 милијарди денари и истиот беше проектиран во апсолутен износ од 33,5 милијарди денари или на ниво од 3,4% од планираниот БДП. Со проектираното ниво на буџетскиот дефицит се потврдуваше конзистентноста на фискалната политика, која беше во согласност со претходно донесената среднорочна фискална стратегија.
Во период од јануари -јуни 2024 година, вкупните остварени приходи на Буџетот на Република Северна Македонија изнесуваат 144,2 милијарди денари (46,53% од планираните приходи за 2024 година) и истите се за 9,9% повисоки од вкупно остварените приходи истиот период во 2023 година, односно во апсолутен износ за 13 милијарди денари.

Во рамки на вкупните приходи на Буџетот на Република Северна Македонија, 133,8 милијарди денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, односно 47,97% од планираниот буџет на даночни приходи и социјални придонеси за 2024 година и се за 14,3% повисоки од даночните приходи и социјални придонеси остварени за истиот период минатата година .

Придонесите за социјално осигурување, како изворен приход на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Агенцијата за вработување на РСМ и Фондот за здравствено осигурување, се остварени во износ од 50,2 милијарди денари и се повисоки за 14,4%, споредено со анализираниот период во 2023 година.

Во структурата на даночни приходи најголемо учество имаат приходите по основ на ДДВ кои се остварени во износ од 36,1 милијарди денари и данокот на личен доход остварен во износ од 14,7 милијарди денари. Приходите по основ на акциза се остварени во износ од 13,4 милијарди денари., данокот на добивка е остварен во износ од 11,9 милијарди денари, увозните давачки изнесуваат 6,1 милијарда денари, додека од останати даночни приходи во овој период од годината се наплатени 1,3 милијарди денари, од кои 862 милиони денари од сопствени сметки.
Неданочните приходи се реализирани во износ од 8,8 милијарди денари или 43,57% од планираните неданочни приходи за 2024 година и се повисоки за 14,2% од неданочните приходи остварени во првите шест месеци во 2023 година.

Капиталните приходи се остварени во износ од 346 милиони денари, а приходите по основ на донации изнесуваат 1,2 милијарди денари односно 16,06% од планираните приходи од донации за 2024 година.

Во првите шест месеци во 2024 година, вкупните реализирани расходи на Буџетот на Република Северна Македонија се на ниво од 168,234 милијарди денари и се за 8,6% повисоки во однос на вкупните расходи реализирани во истиот период во 2023 година.
Во тие рамки, за тековни расходи потрошени се 155,3 милијарди денари или 16,8% повисоки во споредба со истиот период минатата година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 21 милијарди денари и истите се повисоки за 22,7% споредено со првите шест месеци во 2023 година.

За стоки и услуги во анализираниот период реализирани се вкупно 10,3 милијарди денари и се повисоки за 7,7% во споредба со 2023 година.

Во овој период реализирани се трансфери до единиците на локалната самоуправа во износ од 14,7 милијарди денари и тоа по основ на дотациите од ДДВ реализирани се 1,9 милијарди денари, а за блок и наменски дотации реализирани се 12,7милијарди денари. Во споредба со анализираниот период мината година реализацијата на трансферите до ЕЛС е зголемена за 11%.

Во овој период од годината исплатени се и 11,2 милијарда денари за каматни плаќања по основ на користени кредити и издадени државни хартии од вредност и се за 67,8% повисоки од реализираните каматни плаќања во 2023 година. Во овој дел каматните плаќања кон нерезидентните кредитори се извршени во износ од 8 милијарда денари, а за каматните плаќања кон резидентните кредитори исплатени се 3,1 милијарди денари.

Субвенциите и трансферите се реализирани во вкупен износ од 14,4 милијарди денари и истите се повисоки за 3,8% од реализираните субвенции и трансфери за перод од 01.01 до 30.06. во 2023 година.

Социјалните трансфери во првите шест месеци во 2024 се исплатени во износ од 82,6 милијарди денари и нивната реализација е повисока за 16% во споредба со истиот период во 2023 година. Во овие рамки најзначајни средства се реализирани преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и тоа 52,1 милијарди денари (44,1 милијарди денари за исплата на пензии и 7,9 милијарди денари за приватни пензиски фондови). Расходите за социјална помош реализирани се во износ од 7,4 милијарди денари. За остварување на правото за паричен надоместок во случај на невработеност преку Агенцијата за вработување на РСМ реализирани се 836 милиони денари, а за здравствена заштита преку Фондот за здравствено осигурување реализирани се 22,2 милијарди денари.

Капиталните расходи на Буџетот на Република Северна Македонија во првите шест месеци во 2024 година реализирани се во износ од 12,9 милијарди денари или 28,62% во однос на планираните капитални расходи за 2024 година. Капиталните расходи споредени со истиот период во 2023 год се пониски за 41%, односно за 8.9 милијарди денари.

Во периодот јануари-јуни 2024 година, Буџетот на Република Северна Македонија се финансираше од домашни и странски извори. Од буџетираните 43,1 милијарди денари предвидени за странско задолжување, во првите шест месеци вкупно се реализирани 13,2 милијарди денари, од кои е регистиран прилив од Меѓународниот монетарен фонд за втората транша од Кредитната линија за претпазливост и ликвидност ПЛЛ во износ од 8,9 милијарди денари, 3,2 милијарди денари од кредитот за макрофинансиска поддршка од ЕУ, а останатите 952 милиони денари се за повлекувања од заеми за финансирање на проекти заеми.

Кај домашното финансирање, Министерството за финансии се задолжува во согласност со донесената Одлука за утврдување на максималниот износ на нето задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2024 година во износ од 22 милијарди денари, донесена од страна на Владата на РСМ. Соодветно на тоа, заклучно со 30.06.2024 година, нето задолжувањето изнесува 19,6 милијарди денари

Во периодот од јануари-јуни во 2024 година Буџетот на Република Северна Македонија оствари дефицит од 23,9 милијарди денари или 2,44% од проектираниот БДП за 2024 година што претставува 71.38% од планираниот за 2024 година. За овој период остварен е примарен дефицит од 1,3%.

Табела 1. Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година и реализација за периодот јануари – јуни 2024 година

милиони денари

| | **Буџет 2024** | **Реализација јан-јуни 2024** | **Реализација јан-јуни 2023** | **Реализација 2024/Буџет 2023 (%)** | **Реализација 2024/Реализација 2023 (%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **во %** | |
| **Вкупни приходи** | **310.097** | **144.292** | **131.251** | **46,5%** | **9,9%** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **279.044** | **133.865** | **117.135** | **48,0%** | **14,3%** |
| Даночни приходи | 178.067 | 83.670 | 73.248 | **47,0%** | **14,2%** |
| Данок на личен доход | 31.116 | 14.733 | 12.504 | **47,3%** | **17,8%** |
| Данок на добивка | 19.483 | 11.960 | 9.712 | **61,4%** | **23,1%** |
| ДДВ (нето) | 80.698 | 36.147 | 31.844 | **44,8%** | **13,5%** |
| Акциза | 30.969 | 13.447 | 12.958 | **43,4%** | **3,8%** |
| Увозни давачки | 12.124 | 6.084 | 5.304 | **50,2%** | **14,7%** |
| Други даноци | 3.677 | 1.299 | 926 | **35,3%** | **40,3%** |
| Придонеси | 100.977 | 50.195 | 43.887 | **49,7%** | **14,4%** |
| **Неданочни приходи** | **20.394** | **8.885** | **7.783** | **43,6%** | **14,2%** |
| **Капитални приходи** | **3.210** | **346** | **383** | **10,8%** | **-9,7%** |
| **Донации** | **7.449** | **1.196** | **5.950** | **16,1%** | **-79,9%** |
| **Вкупни расходи** | **343.638** | **168.234** | **154.846** | **49,0%** | **8,6%** |
| **Тековни расходи** | **298.459** | **155.304** | **132.928** | **52,0%** | **16,8%** |
| Плати и надоместоци | 41.178 | 21.065 | 17.164 | **51,2%** | **22,7%** |
| Стоки и услуги | 25.113 | 10.306 | 9.569 | **41,0%** | **7,7%** |
| Трансфери до ЕЛС | 29.834 | 14.726 | 13.211 | **49,4%** | **11,5%** |
| Субвенции и трансфери | 22.242 | 14.465 | 13.937 | **65,0%** | **3,8%** |
| Социјални трансфери | 163.282 | 83.522 | 72.360 | **51,2%** | **15,4%** |
| Камати | 16.810 | 11.220 | 6.687 | **66,7%** | **67,8%** |
| **Капитални расходи** | **45.179** | **12.930** | **21.918** | **28,6%** | **-41,0%** |
| **Дефицит** | **-33.541** | **-23.942** | **-23.595** | **71,4%** | **1,5%** |
| **Дефицит (% од БДП)** | **-3,6%** | **-2,4%** | **-2,6%** | | |
| **Примарен деф. (% од БДП)** | **-1,7** | **-1,3** | **-1,8** | | |
| | | | | | |
| **Финансирање на дефицит** | **33.541** | **23.942** | **23.595** | | |
| **Приливи** | **78.595** | **47.316** | **31.457** | | |
| Домашни извори | 39.763 | 32.486 | 18.049 | | |
| Странски извори | 43.164 | 13.477 | 32.303 | | |
| Депозити ("-" е кумулирање на сметка) | -4.332 | 1.353 | -18.895 | | |
| **Одливи** | **45.054** | **23.374** | **7.862** | | |
| Отплата по дом. задолж. | 18.625 | 13.473 | 5.416 | | |
| Отплата по стр. задолж. | 26.429 | 9.901 | 2.446 | | |
| | . | | | | |

Извор: Министерство за финансии

**Измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година**

Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија во 2024 година е насочено кон ревидирање на иницијалните фискални проекции во согласност со макроекономските движења во првата половина од годината, реструктуирање на буџетските расходи за сервисирање на најприоритетните обврски, како и оптимизирање на изворите за финансирање на буџетскиот дефицит.
Со ревидираните проекции на расходната страна се изврши намалување кај несуштинските трошења и кај проектите со позабавена динамика на реализација, а едновремено се обезбедија средства за доспеаните законски обврски, како и за новите политики на Владата за линеарен пораст на пензии, локални инфраструктурни проекти.
Со ова ниво на буџетска потрошувачка се овозможува нормално и непречено функционирање на институциите, исполнување на обврските кон меѓународните кредитори, како и подобрување на животниот стандард на граѓаните и бизнис заедницата.
Врз основа на ревидираните проекции на приходи и расходи на Буџетот, првично планираниот дефицит од 3,4% од планираниот БДП е ревидиран на повисоко ниво утврден на 4,9% од планираниот БДП, односно од 33,5 милијарди денари е проектиран на ниво од 44,7 милијарди денари. Отстапувањето од фискалното правило се должи пред се на потребата за обезбедување на неопходни средства за непречено функционирање на институциите и сервисирање на обврските.
Вкупните приходи се планирани на ниво од 318,2 милијарди денари или повисоко за 2,6%, односно за околу 8 милијарди денари повеќе во однос на иницијалните проекции со планот за 2024 година.
Во овие рамки, даночните приходи се проектирани на приближно идентично ниво што се должи, пред сè, на досегашниот тренд на реализација на истите во периодот јануари-јуни 2024 година. Дополнително, земени предвид се и ревидираните проекции на макроекономските индикатори (БДП, вкупната потрошувачка, увозот и сл.), порастот на просечната плата, поголемата профитабилност на компаниите и сл., како и очекувањата за подобрена наплата на даночните приходи поради намалување на сивата економија, засилена даночна контрола и поедноставување и дигитализација на даночните постапки.

Приходите по основ на данокот на личен доход предвидено е да изнесуваат 31,5 милијарди денари, што претставува 1,4% пораст во однос на планираните со Буџетот за 2024 година. Очекуваниот раст од 426 милиони денари е базиран на зголемување на даночната основа по основ на доход од работен однос и од доход за повремено и привремено вршење на услуги, раст на приходите од данокот на доход од капитал, како и растот на приходите од игри на среќа и наградни игри.

Проектиран е понатамошен тренд на раст и кај приходите од данокот на добивка со што, во Измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година, тие изнесуваат 21,1 милијарди денари или 8,4% над планираните со Буџетот за 2024 година. Истото, главно се должи на зголемената даночна основа на даночните обврзници, зголемените уплати по основ на данокот на добивка во периодот на поднесување на даночните пријави, како и проектираните месечни аконтативни плаќања до крајот на 2024 година. Со Измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година по основ на зголемена наплата проектирани се приходи од царински давачки, вклучувајќи ги и приходите од данокот на моторни возила во износ од 13,6 милијарди денари, што е за 11,8% над нивото планирано со Буџетот за 2024 година, додека пак другите даноци и даночните приходи на сопствените сметки се проектирани на 4,5 милијарди денари, што во однос на претходниот буџет претставува раст од 22,8%.

Приходите од данокот на додадена вредност со Измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година се планирани на ниво од 78,5 милијарди денари, што претставува пад од 2,8%, а врз основа на досегашниот тренд на наплата на истите во периодот јануари-јуни 2024 година.

Дополнително, приходите по основ на акцизи предвидено е да изнесуваат 29,8 милијарди денари или 3,7% под нивото на иницијално планираните приходи со Буџетот за 2024 година.

Со проекциите на даночните приходи во Измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година, учеството на поодделните даноци во структурата на даночните приходи е следно: данок на додадена вредност (43,8%); акцизи ( 16,7%); данок на личен доход ( 17,6%); данок на добивка ( 11,8%); царински давачки и данок на моторни возила ( 7,7%) и други даночни приходи и приходи на сопствените сметки на буџетските корисници ( 2,5%).

Главната цел на даночната политика е постигнување одржлив економски раст и развој, притоа обезбедувајќи правна сигурност за даночните обврзници и редовна наплата на јавните приходи преку реализација на основните приоритети, и тоа:

- поголема праведност во оданочувањето со цел да се обезбеди секој да ја исполнува својата општествена обврска и да го плаќа својот праведен удел од данокот;

- поголема ефикасност и продуктивност на даночниот систем за подобра наплата на приходите преку поефикасна борба против нерегистрираните дејности и затајување данок и зајакнат институционален капацитет, како и намалување на заостанатите даночни обврски;

- зголемена даночна транспарентност, што вклучува подобрување на размената на информации помеѓу даночните органи и други субјекти, која во прв ред ќе се заснова на електронски услуги, што ќе доведе до зголемена фискална писменост и поголема доброволна усогласеност;

-подобар квалитет на услугите на начин кој ги поедноставува и забрзува постапките и го намалува административниот товар преку повеќе дигитални услуги, подобро управување со издавањето увозно-извозни дозволи, елиминирање на непотребните нецарински бариери и подобра внатрешна и даночна контрола и

- зелено оданочување со цел стимулирање на даночните обврзници преку јавните давачки да придонесуваат за помало загадување, односно да се дестимулуираат да ја загадуваат животната средина.

Во Измените и дополнувањата на Буџетот за 2024 година планирано е да се остварат околу 22,4 милијарди денари по основ на неданочни приходи (административни такси, концесии и други неданочни приходи), околу 3,2 милијарди денари од капитални приходи (по основ на продажба на земјоделско земјиште и општествени станови, како и по основ на планирана дивиденда од АД Македонски Телеком), како и 8,3 милијарди денари по основ на донации кон буџетските корисници за конкретни проекти и од повлекувања од предпристапните фондови на ЕУ. Зголемувањето на неданочните приходи е резултат на определбата, тековното работење на буџетските корисници наместо со целосно финансирање со буџетски средства, да се финансира со сопствени приходи.

Социјалните придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско и здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување се планирани во износ од 105,2 милијарди денари или за 4,2% на повисоко ниво во однос на придонесите планирани со Буџетот за 2024 година.

Вкупните расходи се планирани на ниво од 362,8 милијарди денари или повисоко за 5,6%, односно за околу 19,2 милијарди денари повеќе во однос на иницијалните проекции со планот за 2024 година.

Врз основа на ревидираните проекции на приходи и расходи, дефицитот е планиран на ниво од 44,7 милијарди денари, односно од иницијално планираните 3,4% на 4,9% од БДП. Отстапувањето од фискалното правило се должи пред се на потребата за обезбедување на неопходни средства наменети за:

-исплата на плати за кои се проектирани дополнителни средства од околу 4,1 милијарди денари. Зголемувањето на платите се должи на обврските кои произлегуваат од потпишаните колективни договори и законските решенија кои беа донесени по усвојување на Буџетот на РСМ за 2024 година и тоа:

- Колективниот договор на УКИМ и измената на законите за високо образование и научно истражувачката дејност,
- Усогласување со минималната плата за вработените каде минималната плата претставува компонента на основната плата
- Усогласување на платите според индексот на трошоци на живот за првите шест месеци од годината, согласно одредбите од Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор и
- Обезбедување на дополнителни средства за исплата на апанажи на функционерите.

-исплата на пензии, за кои се обезбедени дополнителни средства во износ од 5,1 милијарди денари, од кои 2,5 милијарди денари ќе бидат наменети за дополнителен пораст од 2.500 денари, почнувајќи од септемвриската пензија, со што ќе се овозможи подобар и поквалитетен живот на највозрасните граѓани.
- за транзициски трошоци-втор пензиски столб обезбедени се дополнителни средства во износ од околу 400 милиони денари.
-За корисниците на правото на гарантирана минимална помош обезбедена е дополнителна финансиска поддршка од околу 0,8 милијарди денари.
- за здравствена заштита обезбедени се дополнителни 1,7 милијарди денари, наменети за здравствено осигурување, боледувања и исплата на обврски.
- за ТИРЗ зоните планирани се дополнителни средства од 1 милијарда денари.
-за субвенции и трансфери за директна финансиска поддршка во земјоделскиот сектор се обезбедени дополнителни 1,7 милијарди денари.
- за студентски оброк предвидени се дополнителни средства во износ од 437 милиони денари, како и средства за исплата на стипендии во износ од 207 милиони денари.
- за блок дотации планирани се дополнителни средства во износ од 300 милиони денари за материјални расходи.
- за финансирање на радиодифузна дејност.
- за финансирање на изборните активности и политички партии.
-за извршни исплати и за поврат на средства кон Европската комисија согласно наодите на ОЛАФ.
- за исплата на камати кон домашни и меѓународните кредитори планирани се дополнителни средства во износ од околу 0,8 милијарди денари.
- за јавните претпријатија и АД во државна сопственост по основ на задолжувања (активирани гаранции) преку буџетот обезбедени се околу 5,1 милијарда денари, со обврска овие компании до крајот на 2024 година сукцесивно за исплатените гаранции да ги вратат и уплатат средствата во Буџетот на државата.
- за проекти за општините – планирани се 6 милијарди денари.

Капиталните расходи се планирани во висина од 45 милијарди денари на ниво на иницијалниот Буџет 2024 година, а при тоа е извршено ревидирање на капиталните проекти со позабавена динамика пред се кај капиталните проекти кои се реализираат на посебните сметки, вклучувајќи ги заемите и донациите.

Притоа, кај буџетските корисници со планираните средства за капитални инвестиции  предвидено е непречено да се реализираат планираните реконструкции и модернизациии кај јавните здравствени установи, капитални инвестиции во областа на образованието, детската и социјалната заштита, во областа на патната, железничката и комуналната инфраструктура, исполнување на договорите во областа на одбраната и безбедноста, како и за рурален развој.

Графикон 10.Капитални расходи




Извор: Министерство за финансии

Планирани се значајни инвестициски вложувања со буџетски средства во областа на патната инфраструктура, поврзани со проектирање и изградба на дел од Коридорот 8, и тоа: делницата Тетово – Гостивар / проширување на автопат, изградба на нов автопат Требеништа – Струга – Ќафасан, изградба на делницата Гостивар - Букојчани, но и на делницата Прилеп – Битола како дел од Коридорот 10д. Дополнително, во делот на патна инфраструктура преку ЈПДП ќе биде изготвена физибилити студија за изградба на патот Тетово - Призрен.

Во делот на патната инфраструктура предвидена е изградбата на источниот дел од патниот Коридор 8 преку делницата Ранковце - Крива Паланка, финансирана со заем од Светската банка и делницата Крива Паланка до границата со Бугарија, финансирана со заем од Европската банка за обнова и развој - ЕБОР и грант од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ. Во 2024 година ќе биде финансиран и западниот дел од патниот Коридор 8, поточно изградбата на автопатската делница Кичево - Букојчани со заем од ЕБОР и делницата Кичево - Охрид со заем од ЕКСИМ банка.

Исто така, предвидена е изградбата на автопатската делница Скопје - Блаце (граница со Косово), која се финансира со заем од ЕБОР, додека подобрувањето на патната инфраструктура на општините во Република Северна Македонија се реализира преку Проектот за поврзување на локалните патишта, финансиран со заеми од Светската банка. Во оваа област, продожува реализацијата на Програмата за национални патишта, финансирана со заем од ЕБОР, како и активностите за реализација на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан, којшто е дел од регионалната иницијатива на Светската банка, од каде што се обезбедени средствата за негово финансирање.

Во делот на железничката инфраструктура, предвидено е и продолжување на реализацијата на првата и втората фаза од проектот за изградба и рехабилитација на источниот дел од железничката пруга - Коридор 8 - делница Куманово - Бељаковце - Крива Паланка, финансирана од ЕБОР. Покрај со заем од ЕБОР и со грант од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ, во рамките на проектот предвидени се активности за подобрување на техничките карактеристики на пругата, изградба и рехабилитација на мостови, железнички станици, стојалишта, подвозници и надвозници.
Во соработка со ЕБОР ќе се спроведува проектот со кој е предвидена изградба на заеднички железнички граничен премин со Република Србија, односно изградба и опремување на железничката станица Табановце.

Табела 2. Буџет на Република Северна Македонија (во милиони денари)

| Буџет на Република Северна Македонија за 2024 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Завршна сметка 2023 | Буџет 2024 | Ребаланс 2024 | разлика Ребаланс 2024-Буџет 2024 | Р 2024/Б 2024 (%) |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **203,946** | **189,554** | **218,021** | **243,085** | **277,128** | **310,128** | **318,150** | **8,022** | **2.6** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **178,894** | **173,464** | **196,317** | **220,186** | **250,355** | **279,044** | **284,239** | **5,195** | **1.9** |
| Даночни приходи | 116,728 | 106,900 | 125,690 | 142,567 | 157,733 | 178,067 | 179,027 | **960** | **0.5** |
| Данок на личен доход | 18,706 | 18,625 | 20,552 | 23,852 | 27,257 | 31,116 | 31,542 | **426** | **1.4** |
| Данок на добивка | 11,554 | 10,497 | 10,871 | 15,776 | 16,927 | 19,483 | 21,118 | **1,635** | **8.4** |
| ДДВ | 52,059 | 46,893 | 58,194 | 64,764 | 70,036 | 80,698 | 78,458 | **-2,240** | **-2.8** |
| Акцизи | 26,087 | 22,450 | 25,548 | 25,483 | 26,818 | 30,969 | 29,837 | **-1,132** | **-3.7** |
| Царини | 6,033 | 6,738 | 8,480 | 9,973 | 11,244 | 12,124 | 13,556 | **1,432** | **11.8** |
| Други даноци | 674 | 510 | 641 | 670 | 3,616 | 1,101 | 1,240 | **139** | **12.6** |
| Даночни приходи на сопствени сметки | 1,615 | 1,187 | 1,404 | 2,049 | 1,835 | 2,575 | 3,276 | **701** | **27.2** |
| Придонеси | 62,166 | 66,564 | 70,627 | 77,619 | 92,622 | 100,977 | 105,212 | **4,235** | **4.2** |
| Придонес за пензиско осигурување | 41,921 | 45,044 | 47,819 | 52,509 | 62,610 | 70,064 | 72,125 | **2,061** | **2.9** |
| Придонеси за вработување | 2,622 | 2,757 | 2,918 | 3,214 | 3,842 | 3,587 | 4,087 | **500** | **13.9** |
| Придонес за здравствено осигурување | 17,623 | 18,763 | 19,890 | 21,896 | 26,170 | 27,326 | 29,000 | **1,674** | **6.1** |
| **Неданочни приходи** | **18,800** | **11,173** | **13,882** | **17,189** | **16,866** | **20,394** | **22,370** | **1,976** | **9.7** |
| **Капитални приходи** | **2,369** | **1,846** | **1,928** | **2,273** | **2,071** | **3,210** | **3,240** | **30** | **0.9** |
| **Донации** | **3,883** | **3,071** | **5,894** | **3,437** | **7,836** | **7,479** | **8,301** | **822** | **11.0** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **217,447** | **243,421** | **256,906** | **278,596** | **318,538** | **343,638** | **362,816** | **19,178** | **5.6** |
| **Тековни расходи** | **199,634** | **227,306** | **233,498** | **249,959** | **275,014** | **298,459** | **317,795** | **19,336** | **6.5** |
| Плати и надоместоци | 27,754 | 29,775 | 31,010 | 32,159 | 36,877 | 41,178 | 44,449 | **3,271** | **7.9** |
| Стоки и услуги | 16,265 | 15,423 | 20,110 | 21,001 | 21,117 | 25,113 | 25,308 | **195** | **0.8** |
| Трансфери до ЕЛС | 19,097 | 21,373 | 21,218 | 23,365 | 27,459 | 29,834 | 30,787 | **953** | **3.2** |
| ДДВ дотација | 2,216 | 2,342 | 2,238 | 2,910 | 3,562 | 4,349 | 4,202 | **-147** | **-3.4** |
| блок дотации | 16,881 | 19,031 | 18,980 | 20,455 | 23,897 | 25,485 | 26,585 | **1,100** | **4.3** |
| Субвенции и трансфери | 20,285 | 34,905 | 30,635 | 32,536 | 27,754 | 23,682 | 29,824 | **6,142** | **25.9** |
| Социјални трансфери | 108,131 | 117,799 | 121,439 | 131,758 | 148,866 | 161,842 | 169,794 | **7,952** | **4.9** |
| Пензии | 56,320 | 60,216 | 62,289 | 67,567 | 77,967 | 85,395 | 90,495 | **5,100** | **6.0** |
| Транзициски трошоци | 8,859 | 8,608 | 9,233 | 10,827 | 12,172 | 13,600 | 14,000 | **400** | **2.9** |
| Надоместоци за невработени | 1,472 | 1,576 | 1,388 | 1,282 | 1,191 | 1,526 | 1,426 | **-100** | **-6.6** |
| Активни мерки за вработување | 1,267 | 1,359 | 1,365 | 1,420 | 1,462 | 1,962 | 2,014 | **52** | **2.7** |
| Социјални надоместоци | 9,416 | 11,347 | 12,120 | 12,505 | 13,653 | 13,627 | 14,414 | **787** | **5.8** |
| Здраствена заштита | 30,797 | 34,693 | 35,044 | 38,157 | 42,421 | 45,732 | 47,445 | **1,713** | **3.7** |
| Каматни плаќања | 8,102 | 8,031 | 9,086 | 9,140 | 12,941 | 16,810 | 17,632 | **822** | **4.9** |
| **Капитални расходи** | **17,813** | **16,115** | **23,408** | **28,637** | **43,524** | **45,179** | **45,020** | **-159** | **-0.4** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-13,501** | **-53,867** | **-38,885** | **-35,511** | **-41,410** | **-33,510** | **-44,666** | **-11,156** | 33.3 |
| | | | | | | | | | |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **13,501** | **53,867** | **38,885** | **35,511** | **41,410** | **33,510** | **44,666** | | |
| **Прилив** | **29,569** | **95,695** | **81,480** | **46,869** | **84,998** | **78,564** | **83,727** | | |
| Домашни извори | 19,669 | 37,307 | 23,689 | 15,587 | 37,431 | 40,263 | 55,638 | | |
| Странски извори | 8,632 | 65,247 | 61,258 | 24,895 | 61,855 | 43,164 | 48,486 | | |
| Депозити ("-" е кумулирање на сметка) | 1,268 | -6,859 | -3,467 | 6,387 | -14,288 | -4,863 | -20,397 | | |
| **Одлив** | **16,068** | **41,828** | **42,595** | **11,358** | **43,588** | **45,054** | **39,061** | | |
| Отплати на домашно задолжување | 10,314 | 26,567 | 6,123 | 5,571 | 7,474 | 18,625 | 18,727 | | |
| Отплати на странско задолжување | 5,754 | 15,261 | 36,472 | 5,787 | 36,114 | 26,429 | 20,334 | | |
| | | | | | | | | | |
| **МЕМОРАНДУМ** | | | | | | | | | |
| Нето домашно задолжување | 9,345 | 10,730 | 17,566 | 10,016 | 29,957 | 21,638 | 36,911 | | |
| Нето домашно задолжување (континуирани ДХВ) | 1,711 | 22,545 | 19,009 | 10,492 | 25,340 | 22,035 | 37,410 | | |
| Нето странско задолжување | 2,578 | 49,496 | 24,786 | 19,108 | 25,741 | 16,735 | 28,152 | | |
| Примарно буџетско салдо | -5,399 | -45,836 | -29,799 | -26,371 | -28,469 | -16,700 | -27,034 | | |
| **Примарно буџетско салдо, % од БДП** | **-0.8** | **-6.8** | **-4.1** | **-3.3** | **-3.4** | **-1.7** | **-3.0** | | |
| **Буџетско салдо, % од БДП** | **-1.9** | **-8.0** | **-5.3** | **-4.4** | **-4.9** | **-3.4** | **-4.9** | | |

Извор: Министерство за финансии

Во енергетската инфраструктура, поточно во областа на гасификацијата, предвидена е изградба на магистрални гасоводната делница Скопје - Тетово, а со Гостивар - Кичево и Свети Николе – Велес, потоа изградба на интерконективни гасоводи меѓу Република Северна Македонија и Република Косово, Република Северна Македонија и Република Србија и меѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

Исто така, во оваа област ќе се финансираат и проектите што ги имплементираат АД ЕСМ и АД МЕПСО: Ветерен парк Богданци - фаза 2, Топлификација на Битола, 400 kV интерконекција Македонија (Битола) – Албанија (Елбасан), Фотонапонска електрана Осломеј, Ветерен парк Миравци, Рехабилитација на шест големи ХЕЦ - фаза 3, Проект на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици, кој опфаќа изградба на две соларни фотонапонски електрани - 10 MW Осломеј 2 и 20 MW Битола.

Во областа на водоводната и комуналната инфраструктура и управување со отпад, предвидена е изградбата на водоводните и канализациските системи во општините, финансирана од сопствени извори и со средства од новата кредитната линија од ЕИБ. Исто така, значаен капитален проект кој ќе се реализира во оваа област е Регионалниот проект за цврст отпад кој ќе се финансира со заем од ЕБОР. Овој проект ќе помогне во развојот и воспоставувањето регионални системи за управување со отпад во следните избрани региони на Република Северна Македонија: Југозападен Регион, Полошки Регион, Вардарски и Југоисточен Регион. Исто така, ќе продолжат активностите на еден од поголемите капитални проекти во земјата - Пречистителна станица за отпадни води во Скопје, кои се финансирани со заеми од ЕИБ и ЕБОР, како и грант од инструментот на ЕУ - Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ.

Како големи капитални проекти во областа на земјоделието се издвојуваат Програмата за наводнување на Северна Македонија и Проектот за модернизација на земјоделството. Имено, со заем од Светската банка и грант од ЕУ ќе продолжи и реализацијата на Проектот за модернизација на земјоделството, со кој се предвидува изградба на откупно-дистрибутивни центри за земјоделски производи ширум државата и развој на систем за безбедно отстранување на нуспроизводите од животинско потекло. Со Програмата за наводнување на Северна Македонија, која се финансира со заем од КфВ, предвидени се активности за рехабилитација и проширување на 4 системи за наводнување по долината на реката Вардар (Страиште, Лисиче, Коњско и Пепелиште) и изградба на мали хидроцентрали на ХС Лисиче.

Од областа на воспоставување инфраструктура за собирање и третман на отпадни води и воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад што ги исполнува условите на ЕУ, како позначајни капитални проекти кои ќе се финансираат преку програмите ИПА 2 во периодот 2020 - 2025 година се рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Град Скопје, изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Општина Тетово, рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Општина Кичево, изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализациската мрежа во Битола, проект за затворање депонии во Источниот и Североисточниот Регион, изградба на централен објект за управување со отпад, изградба на фабрика за сортирање, погон МБТ, депонија, постројка за компостирање, зелена точка за Источниот и Североисточниот Регион во Свети Николе, изградба на шест локални објекти за управување со отпад, станици за трансфер, постројки за компостирање и зелени точки за Источниот и Североисточниот Регион, поддршка при воспоставување регионален систем за управување со отпад, набавка на опрема за Источниот Регион, поддршка и подготовка на потребната документација за набавка на опрема за вода за општините Радовиш, Кичево, Струмица, Битола, Тетово, Берово, Куманово и Прилеп, подготовка на проектна документација за подобрување на инфраструктурата за собирање и третман на отпадни води и водоводна мрежа во Општина Арачиново.

Во областа на образованието, со заем од КФВ предвидена е реализацијата на Проектот за реконструкција на студентските домови, како и активностите коишто се дел од Проектот за изградба на фискултурни сали во основните училишта и рехабилитација на основните и средните училишта во Република Северна Македонија, финансиран со заем од ЦЕБ, грант од инструментот на ЕУ Инвестициска рамка за Западен Балкан - ВБИФ и со национално кофинансирање. Реализацијата на овој проект ќе помогне во унапредувањето на физичкото образование, но и во подобрувањето на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта.

Со цел подобрување на условите за учење во основното образование во земјата, со заем од Светската банка ќе продолжи реализацијата на Проектот за унапредување на основното образование. Во насока на подобрување на пристапот до социјалните права и услуги, како и проширување на капацитетите за предучилишно згрижување и воспитување преку изградба на нови објекти и пренамена/надградба на постоечката инфраструктура на предучилишни институции, предвидена е реализацијата на Проектот за администрирање на социјалното осигурување, финансиран со заем од Светската банка. Исто така, предвидена е и реализацијата на двата проекти за унапредување на социјалните услуги, финансирани со заеми од Светската банка.

Во областа на правосудството, во рамки на Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа, предвидена е реконструкцијата на притворското одделение, затвореното одделение и на централната економска единица во КПД Идризово.

Од областа на праведниот пристап до квалитетно инклузивно образование на сите нивоа како означаен капитален проект што ќе се финансира преку Програмата ИПА 2 2020 - 2025 година се издвојува реконструкцијата на јавните предучилишни установи.

Во делот на општинската инфраструктура предвиден е Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, финансиран од Светска банка, со кој ќе се реализираат енергетски ефикасни проекти во општините, како и проекти во јавните здравствени установи на централната власт.

**Проектираниот дефицит за 2024** година во износ од од 44,7 милијарди денари и отплатата на долгот во износ од 39,0 милијарди денари (од кои за надворешен долг 20.3 милијарди денари и за домашен долг 18,7 милијарди денари) ќе се финансираат преку домашно и странско задолжување.

Отплатата на главнината по основ на надворешен долг во износ од 20.3 милијарди денари го вклучува редовното сервисирање на обврските кон странските кредитори: обврзница - НСВ во износ од 7,7 милијарди денари, ММФ во износ од 5,4 милијарди денари, ИБРД во износ од 2,9 милијарди денари, ЕБРД 1,6 милијарди денари, ИДА 0,9 милијарди денари, ЦЕБ 0,6 милијарди денари, ЕИБ 0,8 милијарди денари и остатокот од 0,4 милијарди денари кон други билатерални кредитори (ИФАД, КфВ, Јапонска агенција за меѓународна соработка и др.).

Отплатата на главнината по основ на домашен долг во вкупен износ од 18,7 милијарди денари се однесува на отплати на 3, 5 и 10-годишни државни обврзници во износ од 18,2 милијарди денари и отплата на структурни обврзници во износ од 0,5 милијарди денари. Другите долгорочни обврзници коишто се со рочности од 2, 15 и 30 години немаат доспевања во 2024 година.

Предвиденото ниво на домашно задолжување изнесува 55,1 милијарди денари, а ќе се обезбеди преку задолжување со ДХВ и/или домашен заем. Со задолжување на домашниот пазар ќе се обезбеди финансирање под поволни услови, користејќи ги поповолните каматни стапки. Едновремено, со цел оптимизација на портфолиото на ДХВ, а во насока на намалување на ризикот од рефинансирање, основна заложба на Министерството за финансии ќе биде и зголемување на рочноста на портфолиото на ДХВ. Задолжувањето во странство ќе се реализира преку повлекување на средства од втората транша од кредитната линија на ММФ за претпазливост и ликвидност во износ од 119,3

милиони СПВ, прва транша од заем од ЕУ за макрофинансиска поддршка во износ од 50 милиони ЕУР, билатерален заем во износ од 500 милиони евра, како и преку повлекување средства од други кредитни линии од странски финансиски институции наменети за финансирање одделни проекти и/или буџетски дефицит.
Износот на државниот долг на Република Северна Македонија на 31.03.2024 година е 7.543,9 милиони евра, односно 50,4% од БДП, а на јавниот долг 8.769,9 милиони евра, односно 58,6% од БДП. Согласно Ревидираната Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024 - 2026 (со изгледи до 2028 година), државниот долг на крајот на 2024 година ќе забележи благо зголемување и ќе изнесува 52,1%, а јавниот долг се очекува да биде на нивото од 61,7%.

**Заклучни согледувања и корективни мерки за почитување на фискалните правила**

Имајќи го предвид планираниот буџетски дефицит и отстапувањето од фискалното правило за буџетски дефицит, неопходни се мерки на расходната страна, а кои се однесуваат на:

- При склучување на договори (колективни договори и договори за јавни набавки), институциите од јавен сектор да ги имаат во предвид одобрените финансиски средства за тековната година и да не преземаат обврски за кои нема обезбедено средства на среден рок.
- Стриктна контрола на новите вработувања во јавниот сектор со планирана динамика на реализација согласно буџетските можности.
- Институциите од јавен сектор да преземат активности за наплата на сопствените приходи со цел непречено тековно работење, финансирано од сопствени приходи.
- Институциите од јавен сектор да преземат мерки за консолидација на расходите за тековно работење, преку рационализација на непродуктивните трошења.
- Буџетските корисници кои остваруваат самофинансирачки активности и имаат неискористени средства, тековното работење на институцијата наместо со буџетски средства да се финансира со користење на средства од сопствените сметки.
- Се задолжуваат сите јавни субјекти да ги почитуваат обврските за навремено пријавување на доспеани, а неплатени обврски согласно законските рокови.
- Редизајнирање и утврдување на построги критериуми при доделување на субвенции и социјални трансфери од буџетски средства,
- Фискална дисциплина, преку зајакнат и континуиран мониторинг на наменско користење на средствата, како и
- Зголемување на квалитетот на јавните услуги, преку дигитализација на процесите
- Пореално планирање на капиталните расходи во насока на навремено реализирање на проектите.

Со овој процес на фискална консолидација на расходите се очекува да допринесе до намалување на нивото на расходите, а со тоа и постигнување на оптимално ниво на буџетски дефицит и намалување на јавниот долг.

# ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Северна Македонија коишто се преземаат во насока на реализација на стратешките приоритети. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на Република Северна Македонија.

Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од Буџетот, од донации и од заеми од меѓународни финансиски институции. Утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства, при што се дава приоритет на нивното финансирање.

Планираните средства обезбедуваат имплементација на овие програми, континуитет во реализацијата и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

## А. **ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА**

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрување на нивниот капацитет е еден од приоритетите којшто произлегува од Пристапното партнерство на Република Северна Македонија со ЕУ и Рамковниот договор. Унапредувањето на фискалната децентрализација е во целосна согласност и со Европската повелба за локална самоуправа на Советот на Европа (1985) којашто е прифатена со Декларација и ратификувана од страна на нашата држава во 1997 година.

Децентрализацијата на власта од централно на локално ниво официјално започна од 1 јули 2005 година, согласно Законот за локална самоуправа којшто беше донесен во 2002 година. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа донесен во 2004 година се уредува финансиското работење на општините и фазниот пристап на фискалната децентрализација. Втората фаза од процесот на фискалната децентрализација започна од 1 јули 2007 година со оценување на општините за влез во втора фаза. Фазниот пристап за пренесување и управување со материјалните и финансиските ресурси за пренесените надлежности во образованието, културата, детската и социјалната заштита е завршен, односно сите општини (освен Пласница) финансирањето го вршат со блок дотации.

Еден од приоритетите наведени во Програмата на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 - 2028 година е развиени локални самоуправи и рамномерен регионален развој. Главни принципи на Владата ќе бидат поддршка за модерни, транспарентни и финансиски стабилни општини и рамномерно развивање на сите региони, преку балансирана распределба на средствата меѓу планските региони и општините.

Финансиската поддршка и соработка на Владата со општините ќе биде насочена кон: континуирано инвестирање на средства од централниот буџет за капитални инфраструктурни проекти во општините до 250 милиони евра годишно, зголемување на финансиската стабилност на општините преку овозможување на фер распределба на средствата, каде ќе се внимава на начелата на рамномерен регионален развој, поволности и стимулација за општините кои имаат одлично испланирани буџети, висок степен на реализација, како и висок степен на наплата на локалните даноци и подобрена методологија за пресметка на трошоците за одржување на образовните објекти во општините, согласно со кои им се исплаќаат средства преку блок дотации.

Во соработка со локалните самоуправи, Владата ќе работи на продлабочување на процесот на децентрализација во Македонија, преку континуирано зголемување на пренесување на опфатот на надлежностите од државните органи на управата во надлежност на единиците на локалната самоуправа во согласност изградените капацитети на единиците на локалната самоуправа.

Преземените надлежности во повеќе области од страна на општините го зголеми административниот и фискалниот капацитет и ги зајакна капацитетите за управување со поголем обем на финансиски средства. Со успешно администрирање и наплата на сопствените приходи продолжува процесот на зголемување на сопствените приходи на општините и капацитетот за менаџирање на средствата, извршувањето на пренесените надлежности и управувањето со финансиските средства и другите ресурси потребни за нивно извршување. Дополнително, општините успешно администрираат нови надлежности на управување со градежното земјиште и постапување со бесправно изградени објекти со соодветно обезбедување приходи.

Успешното спроведување на фискалната децентрализација со целосно воспоставена законска и институционална рамка на локалната самоуправа, обезбедува развиени, одговорни и функционални единици на локалната самоуправа и ниво на локална демократија што ги доближува граѓаните до институциите на локалната самоуправа.

Во Извештајот на Европската комисија за 2021 година Република Северна Македонија доби позитивна забелешка во однос на напорите на Владата за дополнително зголемување на фискалната транспарентност. Во Извештајот е нагласено дека, во 2020 година Министерството за финансии на својата веб-страница започнало да ги објавува консолидираните податоци за извршувањето на буџетот на општините. Ова е важен чекор кон решавање на слабостите во управувањето со јавните финансии од страна на локалните власти.

Во Извештајот на Европската комисија за 2022 година Република Северна Македонија доби забелешка дека треба да го финализира реформскиот процес на системот на локална самоуправа. Измените на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа се

насочени кон обезбедување дополнителни финансиски средства за општините и зајакнување на управувањето со јавните финансии на локално ниво. Врз основа на ова, Владата треба да напредува со севкупната реорганизација на надлежностите помеѓу централното и поднационалното ниво.

Во рамките на Буџетот на РСМ, Програмата А - Децентрализација се реализира преку потпрограмите А0 - Децентрализација и А2 - Пренесување на надлежностите на ЕЛС.

Согласно критериумите утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија, финансирањето на пренесените надлежности на општините се врши преку ресорните министерства, и тоа со блок дотации во дејностите: образование, култура, детска заштита и згрижување на стари лица, а со наменска дотација во дејноста противпожарна заштита.

Преку потпрограмата А0 - Децентрализација до сите општини во 2024 година ќе се трансферира 6% од наплатениот данок на додадена вредност во претходната фискална година, како општа дотација од ДДВ. Распределбата по општини се врши согласно критериуми утврдени во Уредба, која на предлог на Министерството за финансии ја донесува Владата. Со последните измени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, обезбедените средства се распределуваат во три дела, и тоа: основен дел – 4,5% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година, дел за перформанси - 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и дел за вооедначување - 0,75% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година. Делот за перформанси ќе ги награди општините што имаат подобра реализација на приходите во споредба со планираните и повисока наплата на сопствените приходи, додека делот за воедначување е наменет за надминување на разликите согласно фискалниот капацитет на општините, односно општините кои имаат пониски приходи поради ограничен капацитет на ресурси добиваат дополнителни средства.

Преку Програмата А2 - Пренесување на надлежностите на ЕЛС, до општините се трансферираат блок и наменски дотации, и тоа:

- во насока на извршување на воспитно-образовниот процес во основните и средните училишта, Министерството за образование и наука, преку Програмата А2, обезбедува една наменска дотација и 79 блок дотации за основно образование, а 38 општини добиваат блок дотации за средно образование. Обезбедените средства секоја општина ги распределува на своите единки корисници за покривање на платите и надоместоците на вработените и за покривање на материјалните и другите трошоци од работењето на основните и средните училишта;

- за згрижување и воспитување деца, Министерството за социјална политика, демографија и млади преку Потпрограмата А2, на 67 општини им трансферира блок дотации за детски градинки и центри за ран детски развој. Во четири општини каде што има установи за згрижување стари лица им се доделуваат блок дотации за домови за стари лица;
- Министерството за култура и туризам, преку Програмата А2, на 30 општини им трансферира блок дотација наменета за финансирање на програмските активности за пренесената надлежност од областа на културата од локален интерес, односно реализација на активности од музичко-сценска и уметничка дејност, библиотекарство, музејска и кинотечна дејност и реализирање културни манифестации;
- преку Програмата А2 Министерството за одбрана ја трансферира наменската дотација за противпожарна заштита на 34 општини (на 33 територијални противпожарни единици и на Територијалната противпожарна бригада на Град Скопје). Со наменската дотација се исплаќаат платите и надоместоците на професионалните пожарникари.

Распределбата на блок и наменските дотации се врши согласно уредби во кои се пропишува методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок и наменските дотации, кои на предлог на надлежните министерства ги усвојува Владата.

(Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

## Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите коишто се однесуваат на зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на работниците. Во рамки на оваа програма се обезбедени средства за реализација на активни мерки за вработување, со опфат на различни целни групи кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, вработување деца без родители и родителска грижа, како и за проектот за субвенционирање на придонесите за поддршка на плати.

## В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е унапредување на одбранбените и безбедносните активности на Република Северна Македонија како полноправен член на НАТО. Во рамките на оваа програма се обезбедени средства за опремување и модернизација на Армијата на Република Северна Македонија која се стреми да биде вооружена сила, интероперативна и компатибилна со другите земји членки на НАТО, која ќе има оперативни способности за одбрана на земјата и за учество во колективните безбедносни системи на НАТО и Европската Унија.

## Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е продолжување на реформата во судството преку имплементација на стратегијата во правосудниот сектор, реализација на владините мерки во насока на владеење на правото и продолжување на борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд.

## Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со цел интензивирање на економскиот развој и креирање нови работни места, како едни од главните стратешки приоритети, Владата на Република Северна Македонија создава услови за подобрување на деловната клима и развивање на приватниот сектор. Активностите од оваа програма се реализираат со инвестиции во железничката инфраструктура, инвестиции во технолошки индустриски развојни зони, поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, поддршка на инвестициските вложувања и унапредување на деловните активности.

## К. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамките на оваа програма се реализираат активности поврзани со потребата од зајакнување на капацитетот на јавната администрација и формирање ефикасна државна администрација оспособена за успешна имплементација на евроинтеграцискиот процес. За таа цел се спроведуваат обуки и усовршување на јавната администрација за ефикасно управување со буџетските средства и со фондовите на ЕУ, за имплементација на ефикасни контролни механизми во менаџирањето со овие средства, како и усовршување на вработените од областа на законодавството на ЕУ.

## М. ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Во рамките на оваа програма се прикажани активностите поврзани со користењето на средствата од ИПА фондови во функција на реализација на стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија за започнување на преговорите за членство на Република Северна Македонија со Европската Унија.

Финансирањето преку ИПА фондовите се програмира и имплементира преку повеќе програми. Во моментотРепублика Северна Македонија продолжува да ја користи финансиска помош од Европската комисија преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА 2 во рамките на финансиската перспектива за периодот 2014-2020. Во рамките на оваа перспектива се опфатени проекти кои се реализираат преку повеќе министерства во следниве области: реформи во подготовката за членство

во ЕУ и градење на капацитетите на поврзаните институции, општествено-економски и регионален развој, вработување, општествени политики, образование, промоција на родова еднаквост и развој на човекови ресурси, земјоделство и рурален развој и регионална и територијална соработка и учество во програми и агенции на Унијата.

Во Буџетот за 2024 година планирани се средства за спроведување на неколку инфраструктурни проекти кои се во фаза на реализација:

- Изградба на патната делница Градско- Дреново како дел од патниот правец на Коридор Xd;
- Рехабилитација на државниот пат А2, делница Куманово - Страцин (фаза 1);
- Рехабилитација на надградба на канализациската мрежа и изградба на пречистителна станица во Кичево;

Истовремено, во текот на 2024 година се планирани средства за повеќе инфраструктурни и други видови на проекти во секторот животна средина и секторот транспорт кој ќе започнат со реализација, меѓу кои позначајни се:

- Изградба на железничката пруга Крива Паланка према Република Бугарија;
- Рехабилитација на надградба на канализациската мрежа и изградба на пречистителна станица во Битола;
- Рехабилитација на надградба на канализациската мрежа и изградба на пречистителна станица во Тетово;
- Изградба на централен капацитет за управување со отпад – Погон за селектирање, постројка МБТ, депонија, постројка за компостирање, зелена точка за источен и североисточен регион во Свети Николе;
- Изградба на шест (6) локални капацитети за управување со отпад – претоварни станици, постројки за компостирање и зелени пунктови за Источен и Североисточен регион;
- Воспоставување на регионален систем за управување со отпад и затворање на депонии во Источниот и Североисточниот регион;
- Подобрување на спроведувањето на Директивата за поплави (Подготовка на планови за управување со поплави од ризици со мерки за имплементација);
- Поддршка во спроведувањето на директивите за квалитет на воздухот и хоризонталното законодавство;
- Набавка на водна опрема за општините Радовиш, Кичево, Струмица, Битола, Тетово, Берово, Куманово и Прилеп;

Во рамки на оваа програма се планирани и средства за финансирање на проектите во рамки на Годишната акциска програма за 2017 година за поддршка на ЕУ во областите на образование, вработување и социјална политика, преку финансирање на активности со кои ќе се обезбеди правичен пристап до квалитетно образование на сите нивоа и подобрување на вработувањето и олеснување на пристапот до пазарот на трудот при

наоѓање на пристојна работа. Во таа насока во Буџетот за 2024 година се обезбедени средства за поддршка на следните проекти:

- Директен грант на Агенцијата за вработување за спроведување на активните мерки на пазарот на трудот и пружање на конкретни услуги за вработување, како и подобрување на услугите на АВРСМ за млади лица и лица кои имаат потешкотии при вработување
- Градежни работи за изградба и реконструкција на јавни предучилишни установи во рурални и урбани средини и набавка на опрема во Тетово и Теарце;
- Обезбедување на техничка помош за поддршка за предучилишно образование и грижа.
- ПонатамошнаподдршказаспроведувањетонаНационалнатарамканак валификаци;
- Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на обуките за стручно образование и образованието на возрасните.

Истотака, планирано е средствата проектирани во рамките на програмата М да се користат и за премостување на крајните исплати на ниво на програма, премостување и порамнување на плаќањата во текот на годината во случај на недостаток на ИПА и буџетски средства, камати за задоцнети плаќања, поврат на средства по разни основи и други неоправдани трошоци согласно регулативите за имплементација на проектите од ИПА.

ИПАРД Програмата ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигнување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, преработката на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

*Инструмент за претпристапна помош - ИПА 3.* Република Северна Македонија ќе продолжи да користи финансиска помош од Европската комисија преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА 3 во рамките на новата финансиска перспектива за периодот 2021-2027.

## Н. ИНФОРМАЦИСКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во рамките на оваа програма се предвидува спроведување низа проекти во функција на јакнење на капацитетите на јавната администрација и развој на ИКТ во Република Северна Македонија. Со спроведувањето на развојните проекти би се обезбедило забрзување на циркулацијата на информациите помеѓу органите на управата, креирање и водење централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди цврста ИТ основа

за сите хоризонтални програми со директна или индиректна поддршка на реализацијата на приоритетите на Владата на Република Северна Македонија.

## О. РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Целта на оваа програма е спроведување на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, којашто е насочена кон рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Северна Македонија заснован врз моделот на полицентричен развој, намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на живот на сите граѓани, зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони, зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони и нивна афирмација и развој, развој на урбаните подрачја, на подрачјата со специфични развојни потреби, како и развој на селата и поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на општините во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.

## П. МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-КРИЗАТА И ДРУГИ АНТИКРИЗНИ МЕРКИ

Во рамките на оваа програма се опфатени мерките што ги презема Владата на Република Северна Македонија за справување со последиците од здравствената пандемија, енергетската криза, како и поддршката на заздравувањето и повторниот раст на економијата.

Владините мерки за поддршка на економијата во својот фокус ги имаат граѓаните, нивните работни места, социјалната сигурност, солидарноста, креирањето амбиент за полесно надминување на економските последици од кризите со кои се соочува државата и спроведување брза излезна стратегија кога кризите ќе завршат со цел продолжување со позитивните трендови на новата развојна македонска економија.

## С. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Оваа програма опфаќа реализација на проекти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина, одржливиот развој, унапредувањето на квалитетот на почвата, водата и воздухот, заштитата на биолошката разновидност, валоризацијата и повторната валоризација на природните вредности, заштитата на озонската обвивка, како и проекти од областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на

енергија и сл. Преку оваа програма ќе се реализираат активности за пристап до чиста вода и воздух, чистење на дивите депонии и намалување на емисиите на штетни гасови, што непосредно ќе влијае врз квалитетот на живеење, менталното здравје и спречувањето на природните катастрофи.

Со неа се опфатени мерки и активности за заштита на животната средина, овозможување зелен и одржлив развој и обезбедување поддршка и создавање услови за заштита од загадување и деградација. Таквите активности значат унапредување на економскиот раст и развој без понатамошно влијание врз климатските промени, деградација на животната средина и неодржливо користење на природните ресурси. Во основа, тоа значи економски развој придружен со намалени емисии на стакленички гасови, подобрена ефикасност на енергијата и на ресурсите и заштита на биодиверзитетот.

## Т. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во рамките на оваа програма се врши финансирање на значајни проекти во оваа дејност: изградба и реконструкција на основни и средни училишта, реконструкција на ученички и студентски домови и изградба на училишни спортски сали.

Целта на оваа програма е подобрување на соодветните просторни услови во училиштата, ученичките и студентските домови за реализација на воспитно–образовниот процес што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието, како и обезбедување услови за одвивање на наставата по спорт и спортски активности во основните и средните училишта со цел зголемување на интересот за спорт кај младата популација, а во насока на посветување поголемо влијание на здравјето на идните генерации.

# БУЏЕТСКИ ПРОГРАМИ 2024 ГОДИНА

## 01001 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Претседателот на Република Северна Македонија ги поврзува сите граѓани кои живеат во нашата земја, работи за граѓаните, му служи на својот народ стручно, чесно и правично, ги поврзува граѓаните независно од нивното етничко, верско, социјално или друго потекло. Исто така, ја претставува земјата во меѓународни рамки, а своите права и должности ги врши согласно Уставот и законите. Претседателот го определува мандаторот за состав на Владата на Република Северна Македонија, ги поставува и ги отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Северна Македонија во странство, ги прима акредитивните и отповиковните писма на странските дипломатски претставници и склучува меѓународни договори во име на Република Северна Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Од вкупните планирани активности на претседателот на Република Северна Македонија за 2024 година, како стратешки приоритети по области посебно се издвојуваат: зајакнување и унапредување на одбранбените способности за зачувување на мирот, стабилноста и суверенитетот на земјата, натамошен развој на Армијата на Република Северна Македонија со цел исполнување на стандардите на НАТО како дел од пакетот-обврски на членките на Алијансата и постигнување интероперативност со сојузничките армии, учество во регионалните иницијативи кои ја унапредуваат соработката со земјите во регионот и помагаат за промоција на земјата, како и градење нови партнерства и соработка со Владата на Република Северна Македонија во остварувањето на утврдената политика за развој на земјата.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (во илјади денари)* | 63.780 | 82.900 | 98.272 | 104.907 | 106.738 | 115.123 |
| *Број на вработени* | 61 | 66 | 65 | 62 | 63 | 63 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 47.449 | 48.485 | 51.190 | 65.544 | 74.312 | 84.852 |
| *Оперативни расходи по вработен (во илјади денари)* | 965 | 1.135 | 1.401 | 1.592 | 1.560 | 1.726 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на меѓународни посети на претседателот и возвратени посети на државници од други земји* | 40 | 40 | 40 | 14 | 35 | 35 |

## 01002 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за разузнавање е посебен орган на државната управа којшто е надлежен да собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации од значење за безбедноста, одбраната, надворешнополитичките и економските интереси на Република Северна Македонија.

Агенцијата за работите од нејзината надлежност ги известува претседателот на Република Северна Македонија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Советот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница и други органи на државната управа во зависност од прашањето што е предмет на известување.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Агенцијата за разузнавање е насочена кон остварување на целите и приоритетите согласно Законот за Агенцијата за разузнавање и Стратешкиот план на Агенцијата за разузнавање.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (во илјади денари)* | 248.087 | 256.110 | 318.262 | 317.781 | 321.618 | 341.556 |
| *Број на вработени* | 267 | 236 | 246 | 248 | 222 | 252 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 56.790 | 70.975 | 80.204 | 82.357 | 96.542 | 93.013 |
| *Оперативни расходи по вработен (во илјади денари)* | 900 | 1.041 | 1.243 | 1.230 | 1.405 | 1.329 |

## 02001 СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Собранието на Република Северна Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот на Република Северна Македонија, Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија и Законот за Собранието.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Собранието на Република Северна Македонија за 2024 година се: функционален Парламент со зајакната претставничка функција, остварување на законодавната функција, зајакната надзорна функција, граѓанско учество во законодавниот процес, информирани пратеници, подобрена правна рамка за работата на Собранието, календар на активности и родово-сензитивен парламент; отворен Парламент кој ќе овозможи промовирање култура на отвореност и вклучена

и информирана јавност, реформа на собранискиот канал, транспарентност и отворени податоци и дигитален и безбеден Парламент со ефикасна служба, парламентарна дипломатија со остварување на стратешки цели на надворешната политика и поддршка на парламентарната дипломатија.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 411.993 | 633.936 | 506.217 | 636.414 | 905.500 | 919.260 |
| *Број на вработени* | 426 | 414 | 379 | 385 | 391 | 387 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 57.889 | 68.944 | 65.785 | 88.818 | 139.589 | 134.970 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 922 | 1.177 | 1.259 | 1.500 | 2.107 | 2.129 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на денови во кои се одржуваат седници* | 66 | 100 | 89 | 91 | 100 | 100 |

## 02002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за ревизија е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, која има за цел навремено и објективно да ги информира Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, другите носители на јавни функции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии. Државниот завод за ревизија обезбедува континуирана поддршка на Собранието на Република Северна Македонија во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можните случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните и другите институции во унапредување на управувањето со јавните средства и придонесува за поголема отчетност на трошењето на јавните средства/средствата на даночните обврзници, а со тоа и

подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Република Северна Македонија преку испорака на услуги со почитување на принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците и граѓаните.

Државниот завод за ревизија ја врши ревизијата во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI), применувајќи високи професионални квалификации и континуирана обука на вработените како основни вредности во работата.

Независноста на институцијата е утврдена со Законот за државна ревизија, во кој се регулирани надлежностите на Државниот завод за ревизија, а утврден е широк мандат во вршењето ревизии на регуларност и на ревизии на успешност, со неограничен пристап до сите потребни информации, документација и евиденции за спроведување на државната ревизија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Главните приоритети на Државниот завод за ревизија за 2024 година прозлегуваат од надлежностите пропишани со одредбите од Законот за Државната ревизија, друга релевантна законска рамка, стратешките документи на Државниот завод за ревизија, забелешките содржани во Извештајот за РСМ на Европската комисија за Поглавјето 3.32. - Финансиска контрола, активностите утврдени во Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии „СМАРТ јавни финансии“ 2022 - 2025 година, стандардите и упатствата донесени од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (INTOSAI) и Европската организација на врховните ревизорски институции (EUROSAI), како и одредбите содржани во билатералните договори.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 94.148 | 117.895 | 135.788 | 147.730 | 188.087 | 193.387 |
| *Број на вработени* | 100 | 113 | 119 | 122 | 114 | 120 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 65.707 | 67.572 | 70.533 | 79.542 | 110.524 | 104.998 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 919 | 984 | 1.045 | 1.129 | 1.565 | 1.529 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени ревизии* | 48 | 61 | 188 | 66 | 70 | 77 |
| *Број на ревизии на успешност* | 10 | 10 | 10 | 11 | 9 | 13 |

## 02003 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, има надлежности и функции за следење на спроведување на мерките и активностите предвидени со Националната стратегија за борба против корупцијата, спроведување на процесот на Антикорупциска проверка на легислативата, постапување по пријави со наводи за сомневања за корупција, следење на законитоста на финансирањето на политичките партии, постапување по предмети за можен судир на интереси и постапување по изјавите за судир на интереси.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основен приоритет на Државната комисија за спречување на корупцијата е зајакнувањето на одлучната и неселективна борба со корупцијата и судирот на интереси и јакнење на интегритетот и независноста на институциите во насока на владеењето на правото и доброто управување.

Како главни цели се издвојуваат постапување по пријави за сомнежи за корупција, постапување по пријави за сомнежи за судир на интереси, испитување на имотна состојба, водење на прекршочни постапки, антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, следење на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи, ажурирање на Регистарот на избрани и именувани лица, спроведување и следење на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021 – 2025 година.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 31.144 | 59.199 | 44.650 | 57.527 | 83.218 | 93.669 |
| *Број на вработени* | 30 | 41 | 42 | 54 | 56 | 60 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 68.809 | 60.933 | 69.991 | 72.884 | 93.302 | 88.332 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.030 | 1.035 | 1.032 | 1.042 | 1.280 | 1.352 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Донесени одлуки и поднесени иницијативи при постапување во случаи за сомнежи за судир на интереси* | 157 | 152 | 108 | 146 | 161 | 175 |
| *Изречени платни налози за глоба при постапување во случаи за испитување на имотна состојба* | 38 | 92 | 228 | 73 | 403 | 415 |
| *Донесени одлуки при постапување во случаи за сомнежи за корупција* | 378 | 390 | 462 | 1.074 | 509 | 520 |

## 02004 ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната изборна комисија како највисок стручен и професионален изборен орган, согласно Изборниот законик, ги организира изборните активности, се грижи за законитоста во подготовката и спроведувањето на изборите за претседател на Република Северна Македонија, пратеници, градоначалници и советници, спроведувањето на референдумите, а врши и надзор над изборните органи и се грижи за унапредување на изборниот процес следејќи ги искуствата од изборните активности во регионот и обуки во специјализирани институти во светот.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на Државната изборна комисија се: зголемување на знаењата и свесноста на граѓаните за изборниот процес, градење доверба кон Избирачкиот список, зголемување на ажурноста и точноста на Избирачкиот список, унапредување на знаењата и вештините на изборната администрација за спроведување на изборниот процес, унапредување на внатрешната организација и функционалност на Државната изборна комисија и зголемување на квалитетот на подзаконските акти.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (во илјади денари)* | 517.297 | 340.637 | 85.517 | 78.618 | 790.203 | 1.192.346 |
| *Број на вработени* | 106 | 112 | 92 | 93 | 95 | 87 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 37.740 | 46.810 | 48.553 | 51.817 | 56.248 | 69.499 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.362 | 1.465 | 837 | 814 | 4.947 | 6.454 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на денови на одржани обуки* | 45 | 45 | 11 | 15 | 45 | 45 |

## 02005 КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на конкуренцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице. Таа е надлежна да ја контролира примената на одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за државна помош и прописите донесени врз основа на овие закони, да ги следи и анализира состојбите на пазарот до степенот што е потребен за развој на слободна и ефикасна конкуренција, да соработува со регулаторни тела, надлежни органи, јавни претпријатија и организации на потрошувачи. Јакнење на капацитетите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, транспонирање на европските регулативи, директиви, упатства и препораки во националното законодавство преку донесување подзаконски акти.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Цели и приоритети на Комисијата за заштита на конкуренцијата се: јакнење на капацитетот на Комисијата за заштита на конкуренцијата; јакнење на институционалната соработка и договарање конкретни политики и стратегии, како и подобрување на законодавната рамка со цел создавање ефикасен систем на заштита на конкуренцијата; подигање на јавната свест и конкурентската култура и јакнење на транспарентноста во работата на Комисијата; реализација и натамошно јакнење на соработката со другите владини институции, регулаторни тела и меѓународни организации и конкурентски тела на други земји.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 20.846 | 23.680 | 22.557 | 25.403 | 27.828 | 29.148 |
| *Број на вработени* | 27 | 27 | 26 | 26 | 26 | 25 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 52.834 | 57.701 | 58.063 | 67.810 | 76.179 | 84.160 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 745 | 859 | 838 | 959 | 1.056 | 1.149 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на одлуки и мислења од областа на антитруст* | 65 | 56 | 101 | 128 | 65 | 65 |
| *Број на одлуки и мислења од областа на државна помош* | 25 | 20 | 27 | 37 | 25 | 25 |

# 02006 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за заштита на личните податоци е надлежна за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработка на лични податоци и нивна заштита на територијата на Република Северна Македонија, целосна имплементација на прописите за заштита на личните податоци од страна на контролорите и обработувачите и континуирано вршење инспекциски надзор. Агенцијата развива политики и дава насоки во врска со заштитата на личните податоци, ја цени законитоста на обработката на личните податоци, издава одобрение за пренос на личните податоци во други држави, остварува меѓународна соработка во областа на заштитата на личните податоци и учествува во работата на меѓународните организации и институции за заштита на личните податоци.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година Агенцијата за заштита на личните податоци ќе продолжи со активностите за подигање на јавната свест за заштита на личните податоци, контрола на законитоста на обработката на личните податоци, издавање одобрение за пренос на личните податоци во други држави, продолжување на меѓународната соработка во областа на заштитата на личните податоци и учество во работата на меѓународните организации и институции за заштита на личните податоци.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 14.700 | 21.099 | 17.643 | 16.365 | 22.707 | 22.999 |
| *Број на вработени* | 23 | 24 | 22 | 20 | 20 | 20 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 43.209 | 46.906 | 47.460 | 53.528 | 61.783 | 66.400 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 621 | 783 | 731 | 808 | 1.007 | 1.072 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на редовни, вонредни и контролни супервизии кај контролори и обработувачи на збирки на лични податоци во јавниот и приватниот сектор* | 220 | 220 | 170 | 237 | 220 | 220 |

## 02007 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за жалби по јавни набавки е самостоен државен орган, надлежен за решавање по жалби во постапките за доделување договори за јавни набавки пропишани со Законот за јавните набавки, решавање по жалби во постапките за доделување договори за концесии и јавно приватно партнерство, решавање по жалби во постапките за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста и други работи согласно со закон. Државната комисија одлучува за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија, на одлуките како поединечни правни акти донесени во горенаведените постапки пропишани со Законот за јавните набавки, како и за други барања кои во постапката на правна заштита е дозволено да ги поднесат странките во постапката.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни приоритетни цели на Комисијата во 2024 година се: решавање по жалбите во постапките за доделување договори за јавни набавки, концесии и јавно приватно партнерство, во законски утврдените рокови, на квалитетен и транспарентен начин. Исто така, како приоритети се издвојуваат и решавањето по жалби во постапките за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, развој, одржување и надградување на електронската архива и внатрешниот систем за итероперабилност, системот за управување со работните процеси и воведување електронски систем за управување и водење на целокупната жалбена постапка пред Државната комисија (е-жалба).

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 14.534 | 17.573 | 15.298 | 18.110 | 21.103 | 24.215 |
| *Број на вработени* | 18 | 18 | 16 | 17 | 17 | 17 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 56.799 | 63.394 | 64.013 | 76.725 | 88.750 | 100.701 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 789 | 937 | 889 | 1.013 | 1.189 | 1.373 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на решени предмети* | 1.037 | 1.135 | 784 | 994 | 1.250 | 1.250 |

## 02009 РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна надлежност на Регулаторната комисија за домување е обезбедување долгорочен, стандардизиран и хармоничен развој на домувањето, категоризација на станови, издавање лиценци за управители, водење регистар на управители, посредување во решавање спорови од областа на домувањето и покренување иницијативи за закони од областа на домувањето.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основна цел и приоритет на Регулаторната комисија за домување е да се унапреди и подобри квалитетот на станбеното живеење во Република Северна Македонија. Притоа, земајќи го предвид фактот дека домувањето е релативно нова област каде што има доволно простор за примена на законските одредби, права и одговорности, а со цел зголемување на квалитетот на живот во заедничкото станбено живеење, Регулаторната комисија за домување се стреми кон успешно реализирање на целите и приоритетите што произлегуваат од работниот процес и деловните активности од областа на домувањето, на начин кој ќе обезбеди зголемување на квалитетот на работењето, со единствена цел овозможување професионални услуги на граѓаните.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 7.702 | 9.142 | 8.671 | 10.905 | 13.172 | 13.133 |
| *Број на вработени* | 8 | 10 | 8 | 7 | 8 | 8 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 62.514 | 53.150 | 69.537 | 102.913 | 108.813 | 108.813 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 955 | 900 | 1.039 | 1.507 | 1.595 | 1.595 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на управители и регистрирани заедници на сопственици во станбените згради и категоризација на станови* | упр.-57 З.С.-2730 | упр.-68 З.С.-2691 | упр.-64 З.С.-2655 | упр.-72 З.С.-2534 | Упр.-80 З.С.-2500 | Упр.-80 З.С.2500 |

## 02010 СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија го сочинуваат седум члена кои ги именува Владата на Република Северна Македонија. Советот е основан со цел унапредување и надзор над вршењето на

ревизијата. Предмет на надзор се Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, односно овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Активностите на Советот се насочени кон издавање лиценци за работа на друштва за ревизија, овластени ревизори и овластени ревизори – трговци поединци, зајакнување на надзорот врз Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, како и склучување меморандуми за соработка и размена на искуства со домашни и меѓународни институции.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 7.944 | 15.056 | 9.737 | 10.404 | 11.683 | 11.533 |
| *Број на вработени* | 6 | 5 | 9 | 8 | 8 | 8 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 62.112 | 100.000 | 51.365 | 61.695 | 66.906 | 66.906 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.311 | 2.345 | 1.074 | 1.233 | 1.403 | 1.376 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б- 2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на издадени лиценци на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поеднинци* | 12 | 8 | 9 | 7 | 10 | 10 |

## 02011 КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација според Законот за спречување и заштита од дискриминација се преземање активности за промоција, заштита и превенција за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата. Комисијата го следи спроведувањето на Законот и дава свои мислења и препораки, промовира принцип на еднаквост, право на недискриминација и справување со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација, се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или за

пристапување кон нив и го следи нивното спроведување, постапува по претставки, носи мислења, препораки и заклучоци за конкретните случаи на дискриминација и се јавува како замешувач во судски постапки.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Главни приоритети и цели на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се зајакнување на интерните капацитети како признаено национално тело за заштита од дискриминација, системско отстранување на дискриминацијата, зголемена јавна свест во однос на начините на превенција и заштита од дискриминација, остварување значајна улога и соработка на меѓународно поле и иницирање ефикасно поврзување и размена на позитивните практики.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 30 | 15.200 | 16.040 | 21.515 | 30.371 | 31.644 |
| *Број на вработени* | 0 | 12 | 16 | 21 | 22 | 25 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 0 | 62.500 | 65.006 | 70.628 | 89.170 | 88.797 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 0 | 992 | 945 | 997 | 1.273 | 1.226 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на доставени/завршени претставки* | 14 | 150 | 214 | 521 | 388 | 406 |

## 02012 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи. Надлежна е да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен за вработените во јавниот сектор, за кои, согласно посебните закони, е пропишана надлежноста за постапување. Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен се утврдува со посебните закони.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Државната комисија останува посветена на своите цели и во целост ги искористува расположливите капацитети за постигнување максимални резултати во работењето. Приоритетите се насочени кон навремено изготвување на издржани решенија по доставени жалби, кои се целисходни и ги запазуваат начелата на правото и правдата и кои со својот квалитет позитивно влијаат врз намалувањето на приливот на предмети во Управниот суд. Приоритетна цел е унапредување на легислативата и зголемување на нивото на јавна свест за правото на жалба (правна заштита) во управната постапка.

Приклучувањето кон Националната платформа за интероперабилност е еден од приоритетите, сè со цел поврзување и размена на податоци помеѓу државните органи, институциите и бизнис-секторот, како и развој и одржување на информатички и електронски систем и надградба и адаптација на системот за управување со документи.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 46.150 | 51.399 | 49.158 | 55.165 | 71.296 | 72.658 |
| *Број на вработени* | 70 | 67 | 61 | 66 | 61 | 64 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 47.577 | 53.848 | 52.455 | 56.678 | 84.042 | 82.931 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 658 | 761 | 775 | 785 | 1.122 | 1.085 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на решени предмети* | 5.159 | 6.267 | 5.497 | 4.888 | 6.300 | 6.300 |

## 02013 РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Ревизорското тело е независен надворешен ревизор за ИПА, формирано како самостојно правно лице кое е функционално независно од сите учесници во системите за управување, контрола и надзор на средствата од Инструментот за претпристапна помош согласно Законот за ревизија на ИПА, Рамковната спогодба помеѓу Република Северна Македонија (РСМ) и Европската комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за РСМ во рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2) и Секторската спогодба за спроведување на помошта според ИПАРД 2.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Цели на Ревизорското тело за 2024 година се изработка на ревизорско мислење и ревизорски извештај за точноста и комплетноста на финансиските извештаи издадени од страна на НАО, а коишто се однесуваат на промените во книгата на должници и управување со долг за ИПА - Компонента 5 и кои се доставуваат до Европската комисија, потоа изработка на три годишни ревизорски стратегии за периодот 2025 - 2027 година и доставување Годишен извештај за финансиската 2023 година за ревизорската активност за сите Програми за кои е добиено право на индиректно управување до надлежните генерални директорати при Европската комисија, Владата на Република Северна Македонија, со копија до НИПАК и Националниот координатор за авторизација во Република Северна Македонија.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 37.544 | 39.940 | 40.218 | 43.543 | 52.345 | 52.577 |
| *Број на вработени* | 32 | 34 | 29 | 32 | 34 | 34 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 97.770 | 72.922 | 82.701 | 85.422 | 104.926 | 104.926 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.116 | 1.142 | 1.303 | 1.322 | 1.508 | 1.519 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Годишни ревизорски извештаи* | 56 | 60 | 48 | 52 | 58 | 58 |

## 02014 ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ВТОР СТЕПЕН ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Надлежноста на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е решавање по жалби против решенија донесени од прв степен во инспекциска постапка.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Стратешка цел на Државната комисија е решавање на предметите оформени по жалби изјавени против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка во законските рокови, на квалитетен и транспарентен начин.

Приоритети на Државната комисија се: транспарентност на постапките, зајакнување на капацитетите со канцелариски материјали и компјутери, воведување систем за електронска евиденција на предмети согласно законските и подзаконските акти, обука и усовршување на вработените.

| Инпут индикатори | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен буџет (илјади денари) | 21.137 | 22.447 | 21.714 | 26.543 | 34.162 | 33.299 |
| Број на вработени | 26 | 27 | 25 | 21 | 24 | 23 |
| Просечна месечна бруто-плата по вработен | 56.963 | 56.256 | 59.511 | 81.404 | 104.201 | 101.848 |
| Оперативни расходи по вработен (илјади денари) | 806 | 818 | 833 | 1.155 | 1.378 | 1.406 |

| Аутпут индикатори | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на решени предмети | 1.682 | 1.682 | 695 | 656 | 550 | 550 |

## 02015 ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Оперативно-техничката агенција обезбедува техничка поврзаност помеѓу операторите и овластените органи за следење на комуникациите, во случаите кога со судска наредба е одобрено следење на комуникациите за потребите на кривичните истраги или заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата. ОТА не поседува техничка можност за пристап до содржината на следената комуникација, а техничката поврзаност помеѓу операторите и овластените органи се обезбедува исклучиво и само врз основа на издадена судска наредба за следење на комуникациите.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на Оперативно-техничката агенција за 2024 година се: унапредување на системите за законско следење на комуникациите кон воспоставување интегриран систем за следење на комуникации за кривични истраги и за потребите на безбедноста и одбраната на РСМ, унапредување и проширување на процесот на дигитализација преку проширување на бројот на приклучени институции (овластени органи, јавни обвинителства и судови во други градови во РСМ) кои ќе бидат дел од дигитализираниот процес на барање/издавање и спроведување судски наредби, усогласување со стандардите за управување со квалитет - ИСО, опремување со соодветни безбедносни ситеми, мрежи и опрема заради создавање соодветна професионална, безбедносна и сигурна околина согласно безбедносните и стандардите на НАТО.

| Инпут индикатори | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен буџет (илјади денари) | 80.935 | 207.018 | 306.364 | 123.777 | 321.841 | 190.342 |
| Број на вработени | 24 | 26 | 26 | 27 | 28 | 28 |
| Просечна | 101.055 | 101.683 | 106.812 | 105.426 | 130.502 | 131.211 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *месечна бруто плата по вработен* | | | | | | |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 2.510 | 3.700 | 3.130 | 4.020 | 4.170 | 4.496 |

## 02016 ФИСКАЛЕН СОВЕТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Фискалниот совет е независно тело кое на независна, објективна и професионална основа изработува анализи и мислења за: макроекономските и фискалните претпоставки користени за изработка на Буџетот на државата и фискалната стратегија; Фискалната стратегија, Буџетот на државата, Измената и дополнувањето на Буџетот на државата, Полугодишниот извештај за реализација на Буџетот и Завршната сметка на Буџетот; фискалните ризици и веројатноста на исполнување на Буџетот на државата и фискалната стратегија; исполнувањето и ризиците за отстапување од фискалните правила и други анализи утврдени согласно закон.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Фискалниот совет во голема мера ќе влијае врз растот на одржливоста на јавните финансии преку независна оцена на фискалната политика, стратегиите и проекциите, а воедно ќе го надгледува и спроведувањето на фискалните правила и ќе донесе дополнителна транспарентност во јавните финансии.

## 03001 УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Уставниот суд на Република Северна Македонија е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста, одлучува за усогласеноста на законите со Уставот, ги штити човековите права и слободи, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката и за други прашања утврдени со Уставот на Република Северна Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во текот на 2024 година се очекува зголемување на обемот на примени предмети за кои ќе се оценува уставноста и законитоста. Вршејќи ги овие редовни активности основната цел е зголемување на ефикасноста во одлучувањето по добиените предмети во функција на правилна заштита на уставноста и законитоста и

заштита на слободите и правата на граѓаните кои се во надлежност на Уставниот суд. Исто така, во 2024 година се очекува Уставниот суд да добие надлежност во решавањето на уставната жалба и очекувано бројот на предмети ќе биде зголемен.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 31.623 | 48.280 | 47.105 | 56.237 | 74.384 | 72.466 |
| *Број на вработени* | 30 | 36 | 52 | 54 | 54 | 61 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 68.592 | 84.676 | 56.341 | 74.130 | 95.585 | 84.616 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.028 | 1.283 | 808 | 1.026 | 1.352 | 1.179 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на решени предмети и поведување постапки по предмети, иницијативи од граѓани и други правни субјекти* | 300 | 300 | 131 | 185 | 500 | 500 |

## 04001 ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Владата на Република Северна Македонија ја утврдува развојната и економската политика на земјата, предлага мерки на Собранието и утврдува политики за извршување на законите и другите прописи и го следи нивното извршување, го координира процесот на стратешкото планирање на централно ниво и неговото усогласување со буџетскиот циклус и врши други работи утврдени со закон. Во рамки на систематизираните организациони единици во Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат како стручна служба обезбедува целосна стручна и логистичка поддршка на претседателот и на членовите на Владата, потоа стручна, логистичка (материјална и финансиска) поддршка на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и на Канцеларијата на претседателот на Владата на РСМ при реализација на нивните законски утврдени надлежности и тековни активности, кои имаат и фискални импликации врз буџетот на Владата на РСМ. Надлежностите, задачите и обврските на Генералниот секретаријат се утврдени со Законот на Владата на Република Северна Македонија и Деловникот за работа на Владата.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Стратешките приоритети и целите на Владата на РСМ за 2024 година, произлезени од реализацијата на Програмата на Владата, се предвидени во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2024 година и се однесуваат на зголемување на економскиот раст, на вработеноста, пораст на животниот стандард и поквалитетен живот за граѓаните, интеграција на РСМ во ЕУ, одржување на добрите меѓуетнички односи и развивање на принципите и на меѓусебната почит и толеранција, инвестирање во образованието, иновациите и информатичката технологија за што, соодветно, во одлуката се наведени приоритетните цели кои се однесуваат на нив. Согласно стратешките приоритети на Владата утврдени се и стратешките приоритети на Генералниот секретаријат, како стручна служба на Владата, пред сè во насока на унапредување на стратешкото планирање, стандардизирање на секторското и мултисекторското планирање и зајакнување на кохерентноста меѓу долгорочното, среднорочното, краткорочното и годишното планирање; развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација; подобрена стручна и логистичка поддршка при подготвувањето на седниците на Владата; системско подобрување на регулаторната рамка во функција на подобрување на деловната клима; осовременување на информациско - комуникациската инфраструктура.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 18.473.371 | 14.289.348 | 18.844.429 | 9.732.872 | 5.185.633 | 3.838.226 |
| *Број на вработени* | 384 | 371 | 359 | 350 | 359 | 353 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 49.537 | 55.658 | 58.175 | 72.677 | 74.870 | 90.488 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.809 | 2.679 | 2.478 | 2.874 | 2.907 | 3.018 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на лица вклучени во процесот е-влада* | 100 | 100 | 100 | 80 | 80 | 100 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на склучени договори кај Фондот за иновации и технолошки развој* | 124 | 128 | 260 | 250 | 300 | 300 |

## 04002 СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Организцијата и делокругот на работа на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ е да врши општи работи и услуги за потребите на претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, министерствата и органите во состав, секретаријатите и други стручни служби на Владата, претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието и Уставниот суд на Република Северна Македонија.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија врши услуги за тековно одржување и хигиена на објектите и деловните простории што ги користат органите на државна управа, физичко обезбедување на објектите, одржување и уредување на зелените површини во Владата, резиденцијалните и репрезентативните објекти и објектите на органите на државна управа, печатење и умножување материјали, превоз со моторни возила за службени потреби, превоз со воздухоплови за службени потреби, угостителски услуги, услуги за мобилна телефонија и сл.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 1.459.166 | 1.078.020 | 1.040.571 | 1.079.827 | 1.337.532 | 1.196.725 |
| *Број на вработени* | 404 | 391 | 353 | 342 | 347 | 309 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 33.686 | 36.232 | 41.215 | 45.696 | 49.278 | 55.949 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.509 | 1.753 | 2.019 | 2.004 | 2.426 | 2.455 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Одржување на хигиена во м²* | 151.495 | 151.495 | 153.477 | 154.574 | 154.574 | 154.574 |
| *Број на налетни часови* | 153 | 180 | 300 | 820 | 300 | 300 |

## 04003 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Секретаријатот за законодавство врши работи кои се однесуваат на конзистентноста на правниот систем на Република Северна Македонија и дава стручни мислења за усогласеноста на предлозите на законите и другите прописи со Уставот на Република Северна Македонија, законодавството на Европската Унија, како и со меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија. Исто така, Секретаријатот е надлежен за давање стручни мислења по основ на прописите на општините, врз основа на барање на Министерството за локална самоуправа.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите на Секретаријатот за законодавство за 2024 година се: подобрена стручна поддршка при подготвувањето мислења и континуирана надградба на информатичката инфраструктура.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 16.374 | 19.251 | 19.788 | 20.877 | 25.778 | 26.240 |
| *Број на вработени* | 25 | 28 | 26 | 26 | 26 | 26 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 45.829 | 47.176 | 52.897 | 57.414 | 70.859 | 72.462 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 642 | 675 | 735 | 787 | 972 | 991 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на изготвени стручни мислења* | 8.000 | 6.500 | 4.945 | 5.412 | 6.500 | 6.500 |

## 04006 ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државното правобранителство на Република Северна Македонија има законска обврска да презема мерки и правни средства со цел правна заштита на имотот и имотните интереси на државата и државните органи.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите на Државно правобранителство на Република Северна Македонија се правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и државните органи основани со закон, постојано, редовно, благовремено, и економично преземање на сите правни мерки и средства во постапките што се водат пред судовите и другите органи и институции. Главни цели кон кои е насочено Државното правобранителство се: изработка на полугодишни извештаи за спроведување на Законот за постапка по претставки и предлози и Законот за спречување на корупцијата, изработка на годишна Информација за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, изготвување План за годишна обука и подготовка на полугодишни извештаи за реализација на Планот за годишна обука, одржување работилници (семинари) на ниво на државни правобранители на стручниот кадар и на стручно-административниот кадар и воспоставување бекап (back up) заштита (копија на податоци за надворешна локација) на документите на Државното правобранителство на Република Северна Македонија. Како дел од процесот на унапредување и координирање на функционалниот процес на стратешко планирање предвидени се следните активности: подобрување на квалитетот на процесот на стратешко планирање и зајакнување на интеграцијата на буџетскиот процес, зголемување на институционалните капацитети за подготвување и спроведување на стратешкиот план, евалуација и известување за постигнатите резултати, одржување дневна комуникација и соработка со одделенијата во Државното правобранителство на Република Северна Македонија преку консултативно советодавни работни средби и приклучување на Државното правобранителство на Република Северна Македонија на Националната платформа за интероперабилност.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 80.760 | 130.553 | 135.729 | 160.739 | 181.313 | 207.846 |
| *Број на вработени* | 123 | 187 | 186 | 165 | 167 | 176 |
| *Просечна месечна бруто-* | 47.171 | 48.505 | 50.385 | 70.193 | 78.343 | 87.555 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *плата по вработен* | | | | | | |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 649 | 685 | 710 | 966 | 1.060 | 1.165 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на решени предмети во една фискална година* | 20.996 | 14.809 | 21.465 | 20.326 | 24.000 | 12.700 |

## 04008 АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за администрација е надлежна за објавување огласи за вработување на административни службеници, организација на постапки за селекција на административни службеници, постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, спроведување на испитот за административен службеник и испитот за административно управување, водење евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и други работи утврдени со закон.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите на Агенцијата за администрација се спроведување и унапредување на постапката за селекција на кандидати, развој на стручни и професионални раководни административни службеници, промовирање и развој на квалитетна правна заштита на правата на административните службеници во втор степен.

Целите на Агенцијата во тековната година се обезбедување ефективно и ефикасно извршување на законските обврски и континуирано развивање на заедничките функции и јакнење на сопствените капацитети. Во 2024 година се очекува Агенцијата да продолжи со непречена и ефикасна реализација на обврските утврдени во Законот за административни службеници.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 41.170 | 43.364 | 42.736 | 43.025 | 48.075 | 47.922 |
| *Број на вработени* | 67 | 61 | 56 | 56 | 57 | 55 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 39.728 | 44.617 | 46.164 | 49.265 | 55.349 | 58.977 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 562 | 654 | 684 | 710 | 788 | 821 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на обработени барања за ново вработување на* | 700 | 700 | 800 | 930 | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *административен службеник* | | | | | 950 | 950 |
| *Број на обработени предмети по жалби и приговори на административни службеници* | 700 | 700 | 639 | 772 | 700 | 700 |
| *Број на направени проверки на веродостојност на доказите* | 350 | 350 | 626 | 612 | 500 | 500 |

## 04009 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за европски прашања ги врши работите што се однесуваат на: обезбедување координација и усогласување на работата на органите на државната управа и другите органи и институции за подготовка на Република Северна Македонија за членство во Европската Унија, вклучително и за преговори за членство во Европската Унија, обезбедување координација на активностите за спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, како и на работните тела формирани во рамките на склучената спогодба и другите договори со Европската Унија, обезбедување координација на процесот на подготовка на македонската верзија на правото на Европската Унија, координација на програмирањето, следењето, имплементацијата и евалуацијата, како и на градењето капацитети за спроведување на програмите од Инструментот за претпристапна помош на ЕУ (ИПА), координација на друга странска помош обезбедена за поддршка на процесот на евроинтеграција, информирање на јавноста за активностите поврзани со процесот на европската интеграција и други работи поврзани со Европската Унија кои ќе ги определи Владата.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Стратешките приоритети и целите на Министерството за европски прашања за 2024 година се однесуваат на: квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија преку исполнување на обврските од Спогодбата за асоцијација и стабилизација и од другите правни акти кои ги регулираат билатералните односи со Европската Унија, квалитетно управување со процесот на пристапни преговори со зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во соработката со институциите на Европската Унија и на земјите членки на Европската Унија и натамошен развој на европските демократски вредности во пристапниот процес.

Планирани активности и проекти за 2024 година се: кадровско зајакнување и пополнување на капацитетот на постојаната Мисија на Република Северна Македонија при Европската заедница во Брисел, Рамковна спогодба за услуги за подготовка на националната верзија на правото на ЕУ – писмен превод на акти од ЕУ,

национални акти, други документи од важност за процесот на европска интеграција, реализација на повеќе обуки, ангажман на надворешни експерти/обучувачи или обучувачи од администрацијата во согласност со утврдените потреби за обука (ТНА), Програма за работа на ЦОСЕП 2024, работилници за ИПА/ЕУ, обука за членови за оперативната структура за ИПА во согласност со утврдените потреби од обука (ТНА), набавка на лиценцирани софтвери за апликации, набавка за одржување на системите со редовни надградби и ажурирања на софтверските и хардверските платформи и сервисирање на целокупната опрема.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 70.149 | 120.047 | 98.590 | 146.837 | 155.214 | 151.456 |
| *Број на вработени* | 92 | 98 | 100 | 95 | 100 | 95 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 44.544 | 47.619 | 47.116 | 60.566 | 62.099 | 66.584 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 722 | 1.045 | 931 | 1.331 | 1.378 | 1.450 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на одржани састаноци на Комитетот за стабилизација и асоцијација и поткомитетите кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација* | 9 | 9 | 9 | 7 | 7 | 7 |
| *Број на преведени и ревидирани страни од Службен весник на Европска Унија* | 2.057 | 15.020 | од 15.000 до 20.000 | 28.531 | 20.000 | 20.000 |
| *Спроведени обуки за ИПА* | 2 | 0 | 20 | 39 | 20 | 20 |

## 04010 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за односи меѓу заедниците ги врши работите што се однесуваат на обезбедување координација и усогласување на работата на органите на државната управа за спроведување на Рамковниот договор; обезбедување и координација на поддршка на Владата во реализацијата на стратешкиот приоритет поврзан со обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор, а особено за обезбедување на правичната и соодветната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на

сите заедници во органите на државната управа; го обезбедува и координира подготвувањето на методологијата за донесување акциски планови на Владата во областа на спроведувањето на Рамковниот договор; го обезбедува и координира изработувањето на Акцискиот план за подготовка на проекти од Рамковниот договор и координација на неговото спроведување и нивното следење; редовно комуницира и врши координација за реализација на задачите преземени по основ на проектите од акциските планови од соодветните министерства; врши координација на активностите со органите на државната управа и со донаторите; обезбедува кохерентен пристап за зголемување на ефикасноста на процесот на спроведувањето на Рамковниот договор; работи на обезбедување на потребните човечки ресурси за реализирање на процесот на спроведувањето на Рамковниот договор; се залага за обезбедување и реализација на финансиските средства потребни за успешно одвивање на процесот на реализација на обврските што произлегуваат од Рамковниот договор во рамките на Буџетот на Република Северна Македонија и од донаторите; одржува комуникација со јавноста и другите целни групи преку медиумите и се грижи за ажурирање на веб-страницата; изготвува извештаи за информирање на Владата за нивото на спроведување на Рамковниот договор; за потребите на Владата подготвува стручни-аналитички материјали од оваа област; стручно се произнесува по материјалите што се во функција на спроведувањето на Рамковниот договор и други работи поврзани со спроведувањето на Рамковниот договор кои ќе ги определи Владата.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат активностите за унапредување на спроведувањето на соодветната и правичната застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа; активно учество во координирањето на процесот на децентрализација; развој на образованието на припадниците на сите етнички заедници; унапредување на културата на етничките заедници, употреба на јазиците како важен елемент на идентитетот и средство за зајакнување на идентификацијата со државата.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 542.800 | 376.115 | 239.117 | 235.194 | 246.031 | 208.036 |
| *Број на вработени* | 1433 | 392 | 397 | 346 | 373 | 296 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 30.645 | 65.097 | 35.141 | 43.332 | 42.399 | 50.400 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 378 | 938 | 527 | 619 | 608 | 701 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на спроведени обуки и* | 0 | 15 | 1 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *работилници* | | | | 0 | 5 | 5 |
| *Број на испратени државни службеници на службени патувања* | 0 | 20 | 25 | 20 | 20 | 20 |

## 04012 АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основната надлежност на Агенцијата е доследно спроведување на уставно и со закон загарантираните права на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населнието во Република Северна Македонија. Цели на Агенцијата се: следење на остварувањето и унапредувањето на правата на припадниците на зедниците, учество во подобрувањето на принципот на соодветна и правична застапеност при вработување, унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците во областа на образованието, културата, информирањето на мајчин јазик и употребата на симболи.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се насочени кон следење на остварувањето и унапредувањето на правата на припаднците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ, унапредување на заштитата, промоција и надзор над спроведувањето на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението на РСМ, зајакнување на капацитетите на граѓанскиот сектор кој работи во областа на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците.

Во 2024 година продолжуваат активностите за анализа на состојбите со правата на заедниците; промоција на културата на заедниците; како и други активности во насока на унапредување на правата на заедниците..

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 10.943 | 15.457 | 15.204 | 18.692 | 20.822 | 18.854 |
| *Број на вработени* | 20 | 22 | 23 | 24 | 25 | 24 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 38.585 | 41.667 | 40.576 | 47.205 | 50.840 | 56.778 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 543 | 606 | 565 | 652 | 707 | 782 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Изготвени анализи* | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 | 6 |

## 04013 АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за управување со одземен имот е државна институција која управува со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети. Агенцијата е самостојна во своето работење, а своите права, должности и одговорности ги спроведува во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија, одредбите од својот Статут, како и со другите прописи и општи акти. Агенцијата ја спроведува постапката за извршување на конфискуваниот имот и имотна корист, го чува и складира одземениот имот, врши процена, евиденција и продажба.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите и целите се насочени кон јасно поставената визија за потребата од контролирање, управување, располагање, отстапување и продавање на одземениот имот. Активностите во 2024 година ќе вклучуваат целосно собирање и евидентирање на целокупниот одземен имот, регионална поставеност со магацини и депоа, соодветно чување и заштита на вредноста на одземениот имот, зголемување на приходите по основ на конфискација на имотна корист и продажба, надградба - едуцирање и обука на постојаните човечки ресурси, спроведување на стратегијата и акцискиот план за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, самостојно застапување пред надлежните судови за заштита на одземениот имот во корист на Република Северна Македонија, како и во координација со Правобранителството.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 24.342 | 25.808 | 29.981 | 33.084 | 34.245 | 38.403 |
| *Број на вработени* | 45 | 48 | 45 | 47 | 49 | 44 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 31.450 | 32.639 | 38.530 | 45.788 | 58.240 | 54.100 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 529 | 528 | 646 | 684 | 824 | 861 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на правосилни одлуки и решенија за одземени предмети* | 850 | 850 | 650 | 969 | 1.000 | 1.000 |

## 04014 ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Инспекцискиот совет е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, надлежен за: воспоставување и одржување на регистрите и информацискиот систем за управување со инспекциски надзор; донесување програма за испит за лиценца за инспектор - општ дел и организирање и спроведување на испитот; донесување и спроведување на годишната програма за генеричка обука на инспекторите и воспоставување и одржување систем за стручно усовршување и обука на инспектори во инспекциските служби и постапување по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекциските служби и/или субјектите на инспекциски надзор.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Главните цели и приоритети на Инспекцискиот совет за 2024 година се: развој и одржување на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење – Е-инспектор, одржлив и дигитализиран систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби и зајакнување на организациската поставеност на Инспекцискиот совет.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 17.550 | 18.642 | 26.126 | 27.871 | 40.551 | 32.430 |
| *Број на вработени* | 18 | 19 | 20 | 20 | 21 | 18 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 67.468 | 66.125 | 65.548 | 95.186 | 104.556 | 117.935 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 966 | 965 | 975 | 1.357 | 1.615 | 1.774 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на издадени лиценци за инспектор* | 281 | 26 | 889 | 139 | 100 | 100 |
| *Број на инспекциски служби кои ја користат платформата „Е-инспектор“* | 0 | 0 | 3 | 3 | 28 | 28 |
| *Број на обуки за стручно оспособување и усовршување на инспекторите на централно ниво* | 11 | 11 | 13 | 14 | 15 | 15 |

## 04015 АГЕНЦИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЈАЗИКОТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за примена на јазикот на РСМ е надлежна за: поддршка на институциите во остварувањето на обврските од овој закон, вклучувајќи превод и лекторирање документи; лекторирање на сите акти што се објавуваат во „Службен

весник на Република Северна Македонија“; промовирање и преземање мерки за унапредување на употребата на јазикот којшто го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија; изготвување извештаи за информирање на Владата на Република Северна Македонија за спроведувањето на нејзините надлежности; подготвување стручно-аналитички материјали од својата надлежност за потребите на Владата на Република Северна Македонија; давање стручни мислења по материјалите кои се во функција на спроведување и унапредување на употребата на јазикот којшто го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година Агенцијата продолжува со активности за, унапредување и употреба на јазикот којшто го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на РСМ (албански јазик и албанско писмо) во државните институции. Во функција на наведениот приоритет се предвидуваат следниве цели: вработување на квалитетен и стручен персонал, особено преведувачи и лектори; имплементација на употребата на службените јазици; обука на преведувачи и лектори од јавните институции; набавка на ИКТ опрема (кабини и сл.); обуки за стручно усовршување на вработените; имплементација на електронски тријазичен речник во вид на софтверско решение; активност за унапредување на употребата на службените јазици; студиски посети и меѓународно вмрежување.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 32.503 | 42.924 | 31.947 | 34.119 | 41.871 | 39.447 |
| *Број на вработени* | 18 | 37 | 37 | 37 | 38 | 38 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 48.222 | 37.473 | 40.363 | 46.781 | *51.625* | 56.371 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.241 | 801 | 794 | 875 | *1.022* | 979 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на барања за лекторирање и превод* | 237 | 360 | 439 | 438 | 538 | 538 |

## 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна цел на Министерството за одбрана е зачувување на територијалниот суверенитет и интегритет на Република Северна Македонија и придонесување за исполнување на стратешките определби на Владата. Министерството за одбрана се стреми да создаде добро обучена и опремена Армија која ќе има оперативни

способности за одбрана на земјата и која ќе може да учествува во колективните безбедносни системи на НАТО и Европската Унија. За исполнување на својата мисија, Армијата постојано се унапредува за да постане вооружена сила која ќе биде интероперативна и компатибилна како земја сојузник на НАТО. Македонската армија располага со добро обучени припадници, кои со учеството во низа мировни операции предводени од НАТО, ЕУ и ОН докажаа дека Република Северна Македонија е полноправна членка на НАТО.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на Министерството за одбрана во 2024 година се фокусирани на одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независност на Република Северна Македонија, придонес во операциите на мисиите предводени од НАТО, ЕУ и ОН како дел од заедничката безбедносна и одбранбена политика, поддршка на другите државни институции во случај на природни и други катастрофи (пожари, поплави, земјотреси), унапредување и одржување на постигнатото ниво на борбената готовност на единиците на Армијата (првенствено на декларираните единици за мировни мисии), зголемување на опременоста на борбените единици со опрема компатибилна на НАТО и одржување на опремата, имплементација на целите на способности во рамки на процесот на НАТО за одбранбено планирање.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 7.892.386 | 10.804.500 | 11.772.742 | 14.658.724 | 20.128.460 | 18.068.560 |
| *Број на вработени* | 7.780 | 7.591 | 7.425 | 7.093 | 7.250 | 7.250 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 43.582 | 46.329 | 49.841 | 63.752 | 67.149 | 72.232 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 759 | 886 | 952 | 1.173 | 1.523 | 1.401 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б -2024* | *Р - 2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на лица на служба во странство како преставници на МО* | 28 | 30 | 25 | 31 | 44 | 44 |
| *Број на лица кои учествуваат во меѓународни мисии и операции* | 105 | 210 | 187 | 189 | 253 | 253 |
| *Број на проекти за изградба, реконструкција, адаптација и модернизација на објекти* | 0 | 12 | 10 | 4 | 15 | 15 |

*и инфраструктура*

## 05002 ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации е надлежна за заштитата на класифицираните информации и примената на меѓународните стандарди, за реализирање на размената на класифицирани информации согласно со ратификуваните меѓународни договори, за вршење инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/19) и другите прописи од областа на класифицираните информации, како и за вршење други работи утврдени со Законот за класифицирани информации.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Утврдени стратешки цели на Дирекцијата се: обезбедување ефикасен систем за заштита на класифицираните информации, континуирана хармонизација на легислативата за заштита на класифицираните информации, изготвување програма за подигање на нивото на безбедносната свест, зголемено учество во меѓународната соработка и подобра соработка со безбедносните служби, органите на државната управа и со приватниот сектор.

Во насока на нивно исполнување, Дирекцијата ќе продолжи со активностите за измена на постојните и за донесување нови интерни акти, вклучувајќи ги и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Дирекцијата; зајакнување со професионален кадар; одржување и унапредување на безбедносните стандарди за физичка безбедност преку надградба на постојните системи во Дирекцијата; безбедносна акредитација на КИС низ кои се процесираат класифицирани информации во државните институции; унапредување, надградба, администрирање и одржување на единствениот КИС во Дирекцијата; соработка со правни лица специјализирани за давање услуги во доменот на информатичката безбедност, вклучувајќи соработка во доменот на превентивното одржување на модулот Архива и модулот за издавање безбедносни сертификати, како и развој (втора фаза) на модулот за издавање безбедносни сертификати; вршење инспекциски надзор врз корисниците на класифицирани информации за начинот на спроведување на Законот за класифицирани информации.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 34.333 | 40.494 | 34.985 | 38.111 | 39.329 | 39.329 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на вработени* | 42 | 40 | 41 | 37 | 40 | 35 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 49.056 | 51.938 | 52.843 | 63.430 | 64.331 | 73.209 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 730 | 806 | 819 | 954 | 967 | 1.101 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на издадени национални безбедносни сертификати* | 1.480 | 2.824 | 2.695 | 3.160 | 2.500 | 2.500 |

## 05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување, како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице е организирање и подготвување систем за заштита и спасување за справување со природни непогоди и други несреќи, кој ќе биде во можност да одговори со сите расположливи ресурси на потребите за заштита на луѓето, имотот и животната средина со помош на ефективна координација преку достигнување на стандардите на НАТО и на Европската Унија и спроведување на правната рамка од областа на заштитата и спасувањето.

Основни функции на системот за заштита и спасување се: планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција, како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на Дирекцијата за заштита и спасување концепциски се фокусирани врз неколку клучни аспекти, и тоа: реорганизација на структурата на органот, опремување и обука на силите за заштита и спасување и справување со евентуалните временски непогоди.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 222.646 | 299.621 | 318.812 | 374.804 | 317.305 | 334.980 |
| *Број на вработени* | 259 | 280 | 256 | 247 | 253 | 217 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 40.951 | 39.312 | 44.153 | 46.951 | 48.714 | 54.142 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 711 | 821 | 838 | 1.173 | 1.070 | 1.187 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Спроведени обуки* | 13 | 10 | 44 | 44 | 50 | 50 |
| *Сертифицирани лица од обуки* | 378 | 159 | 3.700 | 1.869 | 2.740 | 2.740 |
| *Број на мобилизации* | 5 | 21 | 75 | 15 | 25 | 25 |

## 05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Центарот за управување со кризи, како самостоен орган на државната управа има посебна положба и стратешка функција во насока на обезбедување постојана координација со сите субјекти во Системот за управување со кризи, консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствената процена на загрозеност од сите ризици и опасности кои можат да ја загрозат безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување кризи и кризна состојба, обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка и врши и други работи утврдени со закон, воедно е и носител на вкупната поддршка (стручна, организациска, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена, како Владини тела кои управуваат со Системот за управување со кризи.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

За остварување на своите законски надлежности, а во функција на стратешките приоритети и цели на Владата, основните приоритети, цели и активности на Центарот за управување со кризи се насочени кон: Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи преку воспоставување целосно функционален систем за известување и тревожење; овозможување континуиран и координиран процес на изработка и ажурирање на „Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности“; воспоставување и функционалност на Центарот за обука за вработените и учесниците во Системот за управување со кризи; целосно воспоставување на единствениот комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување во случај на итни ситуации Е-112; целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи, во сегментот на мониторинг и процена на ризици, превенција и рано предупредување, проширување и надградба на постоечките комуникациско-информативни системи во ЦУК; обезбедување континуирана меѓународна соработка во согласност со ратификуваните меѓународни договори во сите сфери со Организацијата на обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Европската Унија, НАТО, странските амбасади и меѓународни претставници во земјата, соработка со Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и други меѓународни хуманитарни организации, како и

подобрување на континуитетот и подобра интегрираност на кризниот менаџмент, следејќи ги новите политики на ЕУ презентирани преку комесарот за кризен менаџмент.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 159.545 | 225.551 | 206.591 | 244.461 | 247.852 | 254.662 |
| *Број на вработени* | 283 | 339 | 346 | 331 | 340 | 300 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 39.521 | 35.205 | 40.471 | 51.719 | 53.421 | 62.546 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 522 | 498 | 547 | 675 | 707 | 807 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Одржани состаноци на Управувачкиот комитет и Групата за процена* | 39 | 52 | 50 | 26 | 28 | 28 |
| *Вкупен број повици на бројот 112* | 0 | 0 | 0 | 663.808 | 800.000 | 800.000 |

## 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој ги спроведува владините политики во сферата на внатрешните работи и на законит, стручен, транспарентен и одговорен начин гарантира целосна лична и имотна сигурност на сите граѓани. Преку начелата на владеење на правото подеднакво за сите, ефикасност, заштита на човековите слободи и права и други, Министерството за внатрешни работи успешно ги спроведува следните задачи и обврски: одржување на јавниот ред и мир; заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните; спречување на вршење казниви дела, откривање, пронаоѓање и фаќање на сторителите на казниви дела и нивно предавање на надлежните органи; одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција, заштита на уставниот поредок и превенција од сите облици на тероризам и други противуставни дејствија, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со Уставот и законите на РСМ; спречување на разгорување на националната, расната или верската омраза или нетрпеливост; обезбедување определени личности и објекти; регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата и други работи поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата; контрола на државната граница и гранично обезбедување и престој и движење на странци. Орган во состав на МВР е Бирото за јавна безбедност – БЈБ, коешто е задолжено за извршување на полициските работи и за внатрешната безбедност.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Стратешки приоритети на Министерството за внатрешни работи за 2024 година се: вклучување и комуникација со заедницата, јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на криминалистичките работи и сузбивање на организиран криминал, јакнење на капацитетите на БЈБ во делот на полициските работи од општа и посебна надлежност и унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, јакнење на капацитетите во делот на криминалистичка техника – воспоставување телефонска комуникација за поврзување на објектот со мрежата на МВР, јакнење на капацитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграции, на специјализираните полициски служби, како и воведување систем за управување со документи и надградба на телекомуникацискиот и информатичкиот систем во МВР.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 10.458.090 | 11.770.885 | 11.614.047 | 12.660.740 | 13.018.187 | 14.097.239 |
| *Број на вработени* | 11.952 | 12.230 | 11.661 | 11.235 | 11.804 | 11.198 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 56.147 | 55.192 | 59.929 | 64.632 | 64.753 | 73.455 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 810 | 848 | 893 | 988 | 970 | 1.109 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Регистрирани прекршоци против јавниот ред и мир* | 9.441 | 7.418 | 6.252 | 6.121 | 7.325 | 7.325 |
| *Регистрирани прекршоци од областа на сообраќајот* | 68.248 | 191.546 | 112.151 | 211.591 | 115.135 | 115.135 |
| *Спречени обиди за илегални преминувања* | 27.971 | 20.362 | 27.394 | 13.954 | 15.758 | 15.758 |

## 06003 АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за национална безбедност е основана заради заштита на националната безбедност на државата, заштита на независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и други работи од интерес на националната безбедност на државата. Агенцијата, како еден од чинителите на безбедносно-разузнавачката заедница во Република Северна Македонија, пред сè има значајна улога во заштитата на националната безбедност со превентивни активности, а сè со цел откривање и спречување активности што се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Агенцијата за национална безбедност за 2024 година се целосно инфраструктурно, материјално и техничко доопремување на Агенцијата, унапредување на оперативната работа, унапредување на процесот на анализа за навремено и објективно информирање на крајните корисници, целосна имплементација на стандардите на НАТО за вршење безбедносни проверки и водење НАТО-регистар, јакнење на меѓуинституционалната соработка, јакнење на соработката со партнерски безбедносни и разузнавачки служби согласно безбедносните стандарди, принципи и вредности на НАТО и ЕУ и изградба на современа, професионална и транспарентна служба.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 365.739 | 400.356 | 401.086 | 438.020 | 556.069 | 523.454 |
| *Број на вработени* | 378 | 381 | 372 | 382 | 386 | 378 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 72.949 | 76.916 | 78.659 | 80.573 | 85.550 | 90.808 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 942 | 1.007 | 1.055 | 1.076 | 1.108 | 1.191 |

## 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за коишто е надлежно, и тоа: судство, јавно обвинителство, државното правобранителство; нотарските работи, адвокатурата и другите видови правна помош; наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи; меѓународната правна помош; извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци; организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; судските вештачења, експертизите и супервештачењата; изборниот систем, кривичната, прекршочната, парничната и вонпарничната, извршната и управната постапка; вршењето работи што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа, а врши и други работи утврдени со закон.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Министерството за правда, во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности, во текот на 2024 година ќе продолжи со развивање и спроведување политики во секторот правда преку изготвување и предлагање закони и други прописи од областа на правосудството, обезбедување ефикасен систем за еднаков пристап и можности на граѓаните во остварувањето и заштитата на нивните

права и слободи, подобрување на транспарентноста, учество во создавање нормативни и организациски претпоставки во областите за коишто е надлежно, и тоа: јакнење на независноста, непристрасноста и зголемувањето на ефикасноста на судството со цел обезбедување на владеење на правото и правната сигурност; унапредување на статусот на јавното обвинителство; унапредување на стандардите на пенитенцијарниот систем; остварување на уставните определби на адвокатурата како самостојна и независна служба; унапредување на вршењето нотарска дејност; обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди преку извршители; унапредување на граѓанската иницијатива и унапредување на претпоставките за остварување на човековите права.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 385.144 | 415.064 | 574.738 | 612.750 | 623.883 | 706.150 |
| *Број на вработени* | 227 | 220 | 206 | 199 | 202 | 195 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 37.668 | 39.205 | 41.545 | 45.092 | 46.964 | 52.441 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 667 | 807 | 855 | 884 | 1.003 | 1.078 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен број на корисници на примарна и секундарна бесплатна правна помош* | 663 | 820 | 3.561 | 3.500 | 5.714 | 4.000 |

## 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за извршување на санкциите е орган во состав на Министерството за правда која ги врши работите што се однесуваат на извршување на санкциите, и тоа: обезбедување законито извршување на санкциите изречени за казниви дела; раководење со извршувањето на санкциите за казниви дела и професионално организирани и управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи; изготвување на предлог-законски акти и подзаконски прописи од областа на извршувањето на санкциите; координација во работењето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; укажување на пропусти и давање стручна помош во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи; следење на квалитетот на работата на установите и вршење стручен надзор; организирање, спроведување и вршење надзор над извршувањето на пробациските работи; контрола

и обезбедување сместувачки услови на осудените, децата и притворените лица; давање согласност за општите акти на установите; одлучување по разни барања на осудените лица; надзор во материјално-финансиското работење на казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Унапредување на процесот на извршување на санкциите преку имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021 – 2025 година); подобрување на условите во КПД Идризово преку изградба и реконструкција на установата (втора фаза); зголемен степен на безбедност на осудените лица и персоналот во казнено-поправните и воспитно-поправните установи; реконструкција на КПД Штип и КПД Прилеп (2022 - 2025 година); зајакнување на системот на управување и надзор над работата на КПУ и ВПУ; имплементација на Стратегијата за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија со Акциски план (2021 – 2025 година), имплементација на Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија со Акциски план (2021 – 2025 година); имплементација на Законот за пробација и подзаконска регулатива; обезбедување просторни и материјални услови за функционирање на пробациската служба; вработување и обука на персонал во пробациската служба; имплементација на Националната стратегија за спречување самоубиство во КПУ; имплементација на План за спречување на корупцијата (2022 – 2026 година); имплементација на Акциски план за реализирање на препораките на КПТ (2022 – 2026 година); воспоставување и јакнење на одржлив систем за обука за целокупниот персонал во Управата за извршување на санкциите, казнено-поправните и воспитно-поправните установи и зајакнување на системот на управување и надзор над работата на КПУ и ВПУ: зајакнување на капацитетите на персоналот во Управата за извршување на санкциите, казнено-поправните и воспитно- поправните установи; подобрување на менаџирањето и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи и ревидирање на Стратегијата за обука на затворскиот персонал.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 917.485 | 1.061.143 | 1.301.057 | 1.237.798 | 1.400.077 | 1.372.427 |
| *Број на вработени* | 1.010 | 1.039 | 1.009 | 1.076 | 973 | 1.044 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 46.941 | 47.787 | 51.605 | 53.201 | 72.888 | 71.332 |
| *Оперативни расходи по* | 762 | 792 | 919 | 983 | 973 | 1.083 |

| | |
|---|---|
| *вработен (илјади денари)* | |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на стручни инструкторски надзори во казнено-поправните и воспитно–поправните установи* | 22 | 12 | 15 | 24 | 18 | 12 |
| *Број на осудени и притворени лица во казнено-поправните и воспитно–поправните установи* | 2.500 | 2.550 | 2.498 | 2.718 | 2.736 | 2.430 |

## 07003 УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Матичната евиденција претставува витална компонента во секое општество, а од неа се црпат сите податоци битни за општествениот, социјалниот и економскиот развој на земјата. Основна надлежност на Управата за водење на матичните книги, согласно овој закон, е водење на матичните книги на родени, венчани и умрени, нивна заштита и чување, издавање изводи, уверенија, преписи и копии врз основа на матичните книги, водење постапка и составување записник за најдено дете, обновување на уништени, оштетени или исчезнати матични книги.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Управата за водење на матичните книги ќе се фокусира на унапредување на квалитетот на матичната евиденција со цел дигитализација на матичните регистри и надоградување и усовршување на електронскиот матичен регистар. Основна стратешка цел за 2024 година ќе биде во насока на комплетна дигитализација на матичните регистари за родени, венчани и умрени преку доопремување со информатичка технологија со цел затворање на овој голем проект за електронско водење на матичните податоци на целата територија на државата, сè со цел кратење на времето и трошоците на граѓаните за добивање на бараната услуга онаму каде што се наоѓаат и живеат, а не на местото каде што биле родени.

Со заокружување и ставање во функција, односно поврзување на сите матични подрачја со Електронскиот матичен регистар се овозможи успешна имплементација, вградување опрема, прилагодување на системите и целокупно поедноставување на системите на регистрирање и издавање документи за матичната евиденција. Поврзувањето на нови 148 матични подрачја со Е-матичен регистар ќе биде проследено со дополнителни активности и проекти во 2024 година: надградба и

унапредување, односно замена на застарената и по обем помала база на складирање податоци, набавка на нови безбедносни елементи за системска и мрежна архитектура на системот, имплементација на решение за безбедност на бази и податоци согласно новиот Закон за заштита на личните податоци.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 385.144 | 415.064 | 374.315 | 386.808 | 354.127 | 335.159 |
| *Број на вработени* | 227 | 220 | 467 | 458 | 472 | 374 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 37.668 | 39.205 | 34.018 | 36.915 | 40.405 | 46.557 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 667 | 807 | 653 | 749 | 689 | 837 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на склучени бракови надвор од службени простории* | 974 | 1.000 | 1.966 | 1.700 | 2.145 | 1.620 |
| *Број на донесени решенија во управна постапка од областа на матичната евиденција* | 2.942 | 3.000 | 1.137 | 2.950 | 3.185 | 3.000 |
| *Број на издадени изводи за родени, венчани и умрени* | 426.787 | 400.000 | 450.562 | 500.000 | 523.227 | 505.000 |

## 07004 БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РСМ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права е орган на државната управа во состав на Министерството за правда, кое ги врши работите што се однесуваат на застапување и постапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и врши други стручни работи согласно Законот за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права и Законот за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Бирото за застапување ќе биде насочено кон квалитетна одбрана на државата во постапките пред Европскиот суд за човекови права со цел поквалитетни одлуки на Европскиот суд за човекови права; застапување на интересите на Република Северна Македонија пред Комитетот на министри во однос на извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП; ефикасна координација на извршувањето на пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права во насока на нивно брзо и ефикасно извршување на национално ниво; зајакнување на соработката со домашните институции (судовите, обвинителството, органите на државната управа, но и другите институции во државата, вклучително и Собранието на Република Северна Македонија); подигнување на свеста за системот воспоставен со Европската конвенција за човекови права; зајакнување на човечките капацитети на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 4.452 | 10.174 | 5.359 | 5.716 | 7.605 | 7.551 |
| *Број на вработени* | 7 | 7 | 7 | 6 | 7 | 5 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 41.518 | 69.714 | 47.851 | 54.893 | 59.798 | 83.717 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 629 | 1.396 | 746 | 953 | 1.071 | 1.499 |

## 07005 ИНСПЕКТОРАТ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Инспекторат за употреба на јазиците е орган во состав на Министерството за правда, со надлежност за надзор над целосното и доследното спроведување на Амандманот V од Уставот на Република Северна Македонија и на одредбите на Законот за употреба на јазиците на територијата на Република Северна Македонија од страна на сите надлежни институции. Инспекторатот го врши надзорот преку инспектори за надзор над употребата на јазиците.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Главните приоритети и цели на Инспекторатот за употреба на јазиците произлегуваат од законските надлежности. Во 2024 година, Инспекторатот за употреба на јазиците ќе се фокусира на отпочнување и вршење инспекциски надзор над примената на Законот за употреба на јазиците преку спроведување редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори; зајакнување, развој, стручно усовршување и одржување на човечките ресурси на Инспекторатот; обезбедување медиумско/јавно претставување и правилно разбирање на улогата на Инспекторатот за употреба на јазиците и неговото значење во системот на инспекциските служби и

административно и оперативно отпочнување со работа на подрачната единица на Инспекторатот во Тетово.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 4.725 | 14.650 | 12.154 | 15.157 | 17.318 | 17.334 |
| *Број на вработени* | 8 | 17 | 17 | 18 | 20 | 18 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 16.229 | 35.539 | 43.145 | 51.621 | 54.742 | 64.120 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 527 | 685 | 710 | 837 | 846 | 952 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори* | 0 | 15 | 100 | 150 | 150 | 150 |

## 08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Приоритети на Министерството се надворешните работи и надворешната политика на Република Северна Македонија, како и реализирање на Владините приоритети и приоритетите на Министерството, во согласност со Законот за надворешни работи и Стратешкиот план на Министерството. Своите функции и надлежности Министерството ги извршува во земјата и во 59 ДКП-а на Република Северна Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во 2024 година се: зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница преку динамичен развој на односите на билатерално и мултилатерално ниво со земјите во светот, кои се залагаат за слобода, демократија, владеење на правото и одобрување на заштитата на човековите права, активно учество и подобра соработка со меѓународните организаци, промоција на македонските економски интереси во странство и привлекување странски инвестиции во земјата, развивање добрососедски односи и постигнување поцврста и поефикасна регионална соработка, активно учество во работата на регионалните иницијативи во кои РСМ е членка и зачленување во оние во кои сè уште не е членка и обезбедување повисок квалитет на конзуларни услуги за македонските државјани во странство.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 1.120.133 | 1.285.8007 | 1.454.645 | 1.689.389 | 1.428.183 | 1.581.374 |
| *Број на вработени* | 431 | 450 | 441 | 430 | 438 | 440 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 98.743 | 102.194 | 109.053 | 115.586 | 124.171 | 127.878 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 2.561 | 2.770 | 3.229 | 3.850 | 3.018 | 3.504 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на издадени дипломатски и службени пасоши* | 357 | 355 | 488 | 624 | 350 | 350 |

## 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Мисијата на Министерството за финансии е преку успешно управување со јавните финансии да постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија со креирање среднорочна стратегија за економско заздравување и забрзан раст, со акцент на изворите, инструментите и механизмите на финансирање на растот.

Министерството за финансии ја креира фискалната политика преку управување со јавните финансии, а притоа работи посветено на воспоставување на концептот „СМАРТ финансии" (паметни финансии) преку систем на подолгорочно и поквалитетно буџетско планирање ориентирано кон резултати, како и транспарентност и отчетност на јавните финансии, како највисок степен на фискална контрола. Министерството го подготвува и следи извршувањето на Буџетот, ја подготвува завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, управува со трезорската сметка и другите сметки на државата и ефикасно управува со јавниот долг на Република Северна Македонија, спроведува наплата на побарувања пренесени по законски основи во Министерството за финансии, побарувања генерирани од компензациони фондови и наплата на побарувања по основ на јавен долг.

Меѓу другото, Министерството за финансии се фокусира и на обезбедување на макроекономската стабилност преку креирање и следење на макроекономската политика за развој и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори. Истовремено се залага за ефикасно користење на претпристапната помош од ЕУ и воспоставување ефикасен систем на контроли во распределбата на средствата од фондовите на ИПА, техничка имплементација и следење на проектите на Министерството за финансии финансирани преку ИПА ТАИБ и координација на соработката со меѓународните

финансиски институции и техничка имплементација и следење на проектите на Министерството за финансии финансирани преку ИПА 2 и ИПА 3.
Министерството ја креира даночната и царинската политика во државата и се грижи за одржување стабилен финансиски систем преку изготвување соодветна законска регулатива, спроведува хармонизација и унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и воспоставување функционално независна внатрешна ревизија во согласност со меѓународните стандарди и најдобрите практики на ЕУ. Исто така, ги уредува имотноправните односи со предлагање законски прописи и подзаконски акти кога една од страните е државата (експропријација, приватизација на градежно земјиште) и сл.
Министерството за финансии преку Бирото за јавни набавки истовремено работи на јакнење на системот на јавни набавки со помош на донесување законски и подзаконски акти од областа на јавните набавки и оперира со електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), додека, пак, преку Управата за финансиско разузнавање прибира, обработува и доставува податоци за целите на спречување перење пари и финансирање тероризам.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетни цели за 2024 година на Министерството за финансии се задржување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата, фискална одржливост и консолидација на јавните финансии, поддршка на економијата и инвестирање во инфраструктурни проекти, одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси, предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи, реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зајакнување на внатрешната и надворешната контрола, зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето на централно и локално ниво, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините, намалување на сивата економија и поттикнување на приватната иницијатива и инвестициите, воведување на буџетското финансирање во пилот-институции по принципот на исполнување на развојните индикатори (СМАРТ - клучни индикатори за успешност), квалитетно управување и координација со структурите во процесот на пристапување во Европската Унија, ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување преку доставување квалитетна тендерска документација во рамките на ИПА 3, заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси и борба против неправилности и измами, одржување на професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови и усогласување на домашното законодавство со законодавството на Европската Унија.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 1.267.914 | 1.425.143 | 1.113.845 | 958.829 | 2.270.763 | 1.636.305 |
| *Број на вработени* | 676 | 705 | 648 | 690 | 655 | 709 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 38.918 | 41.975 | 43667 | 54.658 | 68.988 | 66.177 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 654 | 812 | 819 | 969 | 1.363 | 1.191 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на решени предмети за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост* | 4.933 | 5.283 | 7.000 | 4.714 | 8.000 | 5.000 |
| *Број на склучени договори за проектите финансирани во рамки на ИПА* | 5 | 3 | 45 | 6 | 17 | 8 |
| *Доставени извештаи за сомнителни трансакции од субјектите* | 292 | 298 | 310 | 330 | 340 | 200 |

## 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 79.179.063 ДЕНАРИ
## ОПИС И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на овој раздел опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и средствата од ЕУ

преку ИПА). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање на елементарни непогоди и за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

## 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Царинската управа на Република Северна Македонија како орган во состав на Министерството за финансии ги врши работите од својата надлежност согласно Законот за Царинската управа, Царинскиот закон, Законот за царинска тарифа, Законот за акцизите, Законот за царински мерки за спроведување заштита на права од интелектуална сопственост, Законот за данок на додадена вредност, Законот за данок на моторни возила и други закони со кои се уредува увозот, извозот и транзитот на стоки, како и други закони со кои се регулираат други работи кои спаѓаат во надлежност на Царинската управа. Царинската управа ги извршува задачите што се во нејзина надлежност преку Централната управа – централна точка која ги координира и управува царинските надлежности на целата територија на Република Северна Македонија и царинарниците кои координираат и управуваат со одреден регион, вршат царинско работење во патнички и товарен сообраќај и кои спроведуваат мерки за царински надзор, царинење, спречување незаконски увозни, царински управни и царински прекршочни постапки, присилна наплата на царински давачки преку нивните организациони единици - царински испостави. Главните области на работа на Царинската управа опфаќаат задачи поврзани со царини и акцизи (пресметка и наплата на давачки, надзор, контрола, царинење на стоки, истрага и разузнавање, наплата на парични казни) и други задачи утврдени со закон. Во Царинската управа се извршуваат следните функции според утврдени категории: функција на креирање јавни политики (стратешко планирање, регулатива, норми, анализа на јавни политики, планирање); регулаторна функција (издавање лиценци, дозволи, акредитации, инспекции, контрола); координативна функција (меѓу повеќе тела); функција на давање услуги (на администрацијата или на граѓаните) и функција на поддршка (финансиско управување, управување со човечки ресурси, ИКТ, обуки, ревизија).

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Стратешка определба на Царинската управа е воспоставување ефективна царинска политика која ги поддржува владините економски цели, како и одржување рамнотежа помеѓу интересите на бизнис-заедницата и одговорностите за царинска контрола со цел обезбедување поддршка на легалната трговија и подобрена наплата на давачки. Царинската управа, согласно актуелните мерки и политики на ЕУ и Царинската унија, се стреми кон поголема иновативност и ефикасност и воведување

„паметни“ царински процеси. Дејствата што се планираат се во насока на надминување на клучните предизвици со кои се соочуваат царините на меѓународно ниво: порастот на примената на е-троговијата и дигитализацијата, излегувањето на Обединетото Кралство од ЕУ и од Царинската унија, како и непредвидливите случувања на глобално ниво. Во таа насока, стратешките приоритети на Царинската управа се олеснување на трговијата, заштита на општеството, наплата на приходите и заштита на финансиските интереси и модернизација.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 970.056 | 1.099.405 | 1.119.144 | 1.232.958 | 1.530.072 | 1.613.766 |
| *Број на вработени* | 1.170 | 1.239 | 1.252 | 1.189 | 1.208 | 1.193 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 52.537 | 51.208 | 52.727 | 64.686 | 79.579 | 84.957 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 785 | 790 | 847 | 978 | 1.199 | 1.253 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Реализирани буџетски приходи по вработен (илјади денари)* | 70.677 | 73.037 | 98.883 | 98.296 | 101.630 | 101.000 |
| *Вработени кои учествувале на најмалку една обука (% од вкупниот број вработени)* | 39% | 45% | 57,07% | 71,27% | 65% | 65% |
| *Број на економски оператори иматели на одобренија за Овластен економски оператор* | 17 | 21 | 26 | 27 | 30 | 29 |

## 09004 АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за стоковни резерви е носител на активностите во врска со планирањето, формирањето, финансирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковните резерви во Република Северна Македонија, ги врши управните, стручните и другите работи во врска со стоковните резерви и се грижи за нивото на пополнетост и квалитетот на стоковните резерви.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во текот на 2024 година во зависност од расположливите средства потребно е да се набават дополнителни количини на стоки за дополнување на стоковните резерви со цел покриеност на потрошувачката во Република Северна Македонија. Покрај активностите околу набавка и обновување на стоковните резерви, во 2024 година ќе се посвети внимание и на одржување на објектите во државна сопственост,

дадени на користење на Агенцијата за стоковни резерви, во кои се складирани стоки од стоковните резерви.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 127.058 | 348.628 | 774.966 | 598.511 | 520.960 | 517.205 |
| *Број на вработени* | 29 | 31 | 31 | 31 | 29 | 30 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 35.758 | 41.608 | 41.225 | 47.929 | 61.819 | 65.222 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.357 | 1.910 | 1.944 | 2.848 | 3.365 | 3.282 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Набавка на меркантилна пченица* | 64.890.000 | 174.300.000 | 543.854.430 | 274.443.500 | 200.000.000 | 200.000.000 |
| *Набавка на јачмен за сточна храна* | 0 | 0 | 119.883.750 | 77.836.500 | 142.360.000 | 142.360.000 |
| *Обновување на стоковите резерви на готварска сол* | 6.447.000 | 0 | 8.850.000 | 0 | 0 | 0 |

## 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за јавни приходи оперативно ја спроведува даночната политика, го води единствениот даночен регистар и даночните евиденции на даночните обврзници, врши наплата и поврат на даноци, социјални придонеси од плата и други јавни давачки, врши инспекциски надзор, дава помош на даночните обврзници за исполнување на нивните даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава предлози за негово унапредување, соработува со даночни органи од други држави и дава меѓународна правна помош во даночни предмети.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритети на Управата за јавни приходи се зајакнување на административните капацитети, зајакнување на борбата за превенција, заштита и спречување даночни измами и сива економија, како и зајакнување на управувањето со јавните финансии. Во 2024 година, Управата за јавни приходи ќе продолжи да го зајакнува административниот капацитет со цел подобрување на деловните практики

и внесување промени согласно севкупната дигитална трансформација. Управата за јавни приходи креира единствена политика за обезбедување едноставни даночни постапки и дигитализирани услуги за помош и поддршка на даночните обврзници за навремено и точно исполнување на обврските.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 2.099.727 | 3.033.571 | 2.994.586 | 3.613.632 | 3.463.523 | 4.535.931 |
| *Број на вработени* | 1.091 | 1.164 | 1.094 | 1.006 | 1.039 | 986 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 49.495 | 46.854 | 48.024 | 59.393 | 75.620 | 76.590 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 740 | 775 | 726 | 842 | 1.159 | 1.110 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Реализирани даночни приходи по вработен (илјади денари)* | 69.674 | 74.751 | 105.000 | 113.224 | 89.017 | 133.161 |
| *Број на извршени контроли на даноци, придонеси и други јавни давачки* | 2.761 | 3.600 | 2.544 | 2.580 | 3.900 | 3.900 |

## 09006 УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за финансиска полиција е орган на државната управа со посебни надлежности пропишани со Закон за финансиска полиција, Закон за кривична постапка и Закон за јавно обвинителство, којшто е надлежен за контрола на примената на прописите од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Со цел развој на капацитетите на Управата, а согласно со Уставот и законите на Република Северна Македонија и ратификуваните меѓународни договори во областа на кривичната постапка, континуирано се имплементираат најдобрите практики кои органите на прогон ги применуваат во земјите на Европската Унија. Со Законот се пропишани надлежностите и овластувањата на Управата, а ваквата специјализација при откривање и гонење сложени појавни форми на организиран финансиски криминал има за цел градење одбранбен систем во борба против корупцијата и организираниот финансиски криминал. Управата за финансиска полиција е определена како контакт-точка за соработка со ОЛАФ и известување за детектираните неправилности, при што во наредниот период се очекува воспоставување на интензивна меѓународна соработка со Европол, Интерпол и други сродни институции за борба против организираниот криминал.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година Управата за финансиска полиција ќе продолжи со своите активности во насока на Дополнување на Законот за финансиска полиција, изработка

на Оперативни инструкции со кои ќе се имплементираат меѓународните стандарди за борба против криминал, континуирана едукација на финансиските полицајци со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста во откривањето кривични дела и на Форензичкиот кабинет и на кабинетот за мерки на ПИМ. Понатаму, Управата ќе земе активно учество во имплементација на Национален координативен центар за сузбивање организиран и сериозен криминал, спроведување на Стратегијата на Република Северна Македонија за јакнење на капацитетот за водење финансиски истраги и конфискација на имот, Стратегијата за спречување насилен екстремизам и тероризам и Националната платформа за интероперабилност „Набавка на опрема за институции во областа на правдата и внатрешните работи" (Supply of equipment for the institutions in the area of justice and home affairs), која претставува платформа за меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци помеѓу државните органи и институции, а паралелно ќе ја интензивира соработката со секторите и органите во состав во Министерството за финансии, со Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство на РСМ и ОТА, како и воспоставување на меѓународна соработка со органи и организации членки на Европската унија и други земји.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 54.751 | 60.753 | 73.794 | 68.175 | 74.760 | 78.669 |
| *Број на вработени* | 70 | 72 | 68 | 64 | 70 | 66 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 55.381 | 57.648 | 60.620 | 70.790 | 67.283 | 81.874 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 762 | 810 | 1.015 | 1.017 | 1.017 | 1.153 |

| Аутпут индикатори | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Б- 2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени контроли* | 900 | 950 | 1.450 | 1.100 | 1.500 | 1.500 |

## 09007 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ – МАКОРА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за задолжителни нафтени резерви - МАКОРА врши управни, стручни и други работи во врска со задолжителните нафтени резерви на Република Северна Македонија, носител е на имплементацијата на директивите на ЕУ во врска со потребите од чување и одржување на задолжителните нафтени резерви и го проектира и остварува постепеното зголемување на резервите. Задолжителните резерви се формираат и чуваат со цел да се обезбеди непречено снабдување на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати во случај на нарушена енергетска сигурност предизвикана од вонредно пореметување и значителен и ненадеен пад во

снабдувањето на пазарот со сурова нафта и нафтени деривати. Вонредното пореметување на снабдувањето може да биде предизвикано со нарушување на регионалниот пазар на сурова нафта и нафтени деривати и/или од причини и услови на чие настанување не може да се влијае, а се случиле на територијата на Република Северна Македонија и/или во земјите преку кои се врши увоз на сурова нафта и нафтени деривати за потребите на пазарот во Република Северна Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во наредниот период Агенцијата за нафтени резерви – МАКОРА ќе продолжи со исполнување на обврските на државата во однос на европските директиви за минимална покриеност со нафтени деривати од задолжителните резерви, како и за формирање на посебните резерви. Нафтените резерви во државава се формираат согласно Акциски план за формирање на задолжителните резерви. Согласно Законот за задолжителни нафтени резерви и Одлуката на Министерскиот состанок на Енергетската заедница Д/2012/03МЦ-ЕнЦ од 18.10.2012 година за транспонирање и имплементација на Директивата 2009/119/ЕУ, минимумот резерви на сурова нафта и/или нафтени производи треба да одговараат на најмалку 90 дена од дневните просечни нето-увози или на 61 ден од просечната дневна домашна потрошувачка во претходната календарска година во земјата, во зависност од тоа која од двете наведени количини е поголема.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 1.335.479 | 877.630 | 1.134.860 | 677.476 | 815.411 | 1.212.134 |
| *Број на вработени* | 17 | 17 | 17 | 18 | 18 | 16 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 41.268 | 49.020 | 48.940 | 51.790 | 61.787 | 69.930 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 861 | 1.348 | 900 | 1.067 | 1.744 | 1.901 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Пополнетост со задолжителните нафтени резерви во денови* | 51 | 52 | 57 | 54 | 49 | 54 |

## 09008 ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Согласно Законот за девизната инспекција со кој се уредуваат надлежноста, овластувањата и организацијата на вршење на работите на девизната инспекција, Државниот девизен инспекторат е орган во состав на Министерството за финансии со

својство на правно лице. Инспекторатот врши инспекциски надзор над работењето на резиденти и нерезиденти кои вршат дејност во Република Северна Македонија, и тоа во делот на тековните трансакции и нивна реализација во вид на плаќања и трансфери, директни инвестиции, вложувања во недвижности, работење без одобрение од НБРСМ, делот на брз трансфер на пари спротивно на закон и други работи определени со Законот за девизно работење и со други закони. Инспекторатот води прекршочна постапка и изрекува прекршочни санкции по прекршоците пропишани со Законот за девизното работење и Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Државниот девизен инспекторат се насочени кон зголемување на контролата во девизното работење и трансферот на пари.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 5.428 | 7.080 | 6.016 | 7.817 | 9.094 | 8.994 |
| *Број на вработени* | 8 | 10 | 8 | 9 | 9 | 9 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 41.849 | 45.500 | 43.702 | 58.181 | 69.259 | 69.259 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 670 | 703 | 734 | 867 | 1.005 | 993 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени инспекциски надзори* | 4 | 6 | 20 | 30 | 35 | 35 |

## 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Активностите на Министерството за економија и труд се насочени кон: следењето на состојбата и појавите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика; следење на економските, структурните и техничко-технолошките состојби и предлагање на мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, угостителството и занаетчиството; преземање мерки против монополска положба и монополско однесување; следење на тековни материјални биланси и снабдувањето на граѓаните со основните прехранбени производи и други стоки за

широка потрошувачка и на претпријатијата со суровини и репроматеријали; системот и политиката на цени на производи и услуги; подготвувањето програма за глобален материјален развој на човечките ресурси; заштитата на потрошувачите; малите и средните претпријатија и задругарството; работните односи, вработувањето и вработеноста; заштитата на работниците при работењето; материјално обезбедување на привремено невработените; платите и животниот стандард; надзор од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Стратешките приоритети на Министерството за економија и труд за 2024 година се насочени кон поддршка и развој на мали и средни претпријатија; развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика и општествена одговорност; зголемување на конкурентноста на економијата; развивање ефективна трговска политика, јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 1.036.074 | 841.137 | 1.115.633 | 821.650 | 1.362.657 | 546.702 |
| *Број на вработени* | 275 | 275 | 264 | 252 | 255 | 233 |
| *Просечна месечна бруто-плата* | 42.579 | 46.303 | 43.836 | 49.742 | 61.131 | 57.354 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 900 | 1.213 | 1.086 | 1.305 | 1.697 | 1.375 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на усвоени стандарди* | 1.500 | 1.500 | 3.240 | 2.214 | 1.500 | 1500 |
| *Број на пријави за акредитација* | 220 | 255 | 225 | 215 | 220 | 220 |
| *Број на претпријатија и лица вклучени во програмата за ваучерско советување* | 40 | 40 | 38 | 39 | 38 | 38 |

## 10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна цел на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции преку презентирање на поволностите кои Република Северна

Македонија ги нуди на инвеститорите, промовирање на регионите на Република Северна Македонија и поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија.

Нејзините активности се насочени кон ажурирање и имплементирање на најдобрите практики на стратегии за промоција на инвестиции за привлекување странски директни инвестиции и на стратегии за промоција на извозот, обезбедување услуги на инвеститорите и извозниците, дефинирање и поткрепување на клучните маркетинг пораки насочени кон подобрување на имиџот на Република Северна Македонија како локација атрактивна за инвестирање и генерирање на инвестициони можности, преземање активности за промоција на извозот во земјата и странство и поврзување на македонските извозници со странските купувачи и давање информативни услуги на странски компании за извозните потенцијали во Република Северна Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетите и целите на Агенцијата за странски инвестиции се насочени кон спроведување на нејзините основни активности предвидени со Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, продолжување на процесот на промоција на извозот преку поврзување на домашните компании со странски партнери и нивна извозна промоција на странските пазари и соработка со потенцијалните инвеститори и нивна целосна поддршка во процесот на евалуација на РСМ како инвестициска дестинација.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 43.112 | 46.530 | 44.943 | 48.442 | 54.547 | 52.550 |
| *Број на вработени* | 52 | 49 | 46 | 45 | 45 | 48 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 42.260 | 48.469 | 45.537 | 54.211 | 66.865 | 60.429 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 828 | 929 | 933 | 1.046 | 1.187 | 1.075 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на склучени договори за инвестирање согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите* | 38 | 108 | 277 | 289 | 340 | 340 |

## 10003 АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот е самостојно правно лице чија основна цел е унапредување и промоција на туризмот на Република Северна Македонија во земјата и странство, промовирање на вкупниот туристички потенцијал и развивање и промовирање нови туристички понуди.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Активностите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2024 година се насочени кон унапредување на туристичката понуда, зголемување на бројот на туристи, зголемување на бројот на ноќевања на туристи, промоција на туристичките потенцијали на таргетирани пазари, етаблирање на Република Северна Македонија како туристичка дестинација во светот и решавање на проблемите кои го тангираат туризмот во Република Северна Македонија.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 92.143 | 96.132 | 75.100 | 80.379 | 100.831 | 102.357 |
| *Број на вработени* | 27 | 31 | 27 | 27 | 28 | 27 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 36.999 | 35.484 | 38.145 | 44.913 | 49.976 | 58.052 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 1.017 | 1.073 | 1.286 | 1.415 | 1.373 | 1.491 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на ноќевања* | 1.697.535 | 2.313.543 | 2.848.604 | 3.135.767 | 3.500.000 | 3.500.000 |

## 10004 ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги врши работите поврзани со основање, развој и следење на зоните, промовирање и привлекување основачи и корисници на зоните, го следи работењето на зоната и предлага мерки до Владата на Република Северна Македонија за нивно унапредување во случај кога Владата на Република Северна Македонија е основач на зона, ги врши работите од надлежност на основачот на зоната и други активности согласно закон.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Активностите на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во 2024 година се насочени кон навремена и целосна реализација на договори за странски инвестиции, реализација на проектите за инфраструктурно уредување на ТИР зоните во Република Северна Македонија во насока на обезбедување оперативни услови за влез на нови инвеститори, зголемување на вработеноста и економски раст,

привлекување потенцијални странски и домашни инвеститори и давање услуги за поддршка и грижа за инвеститорите во ТИР зоните преку остварување директна комуникација и решавање на тековните проблеми во врска со работењето во зоните.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 1.092.189 | 1.309.787 | 2.134.179 | 2.365.760 | 2.053.261 | 3.303.055 |
| *Број на вработени* | 81 | 80 | 82 | 77 | 82 | 77 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 39.182 | 42.085 | 42.916 | 51.623 | 55.200 | 61.905 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 2.799 | 4.466 | 8.458 | 7.063 | 6.821 | 9.639 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на нови договори за странски и домашни инвестиции* | 4 | 6 | 17 | 9 | 10 | 10 |

## 10005 ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот пазарен инспекторат врши инспекциски надзор над примената на законите и прописите донесени врз основа на Закон во работењето на трговските друштва, правните и физичките лица, изрекува инспекциски мерки, а со цел отстранување на утврдените неправилности. Државниот пазарен инспекторат врши надзор над пазарот на производи и услуги, безбедност на производи, заштита на потрошувачи, промет на предмети од скапоцени метали, техничка сообразност на производи, контрола на употреба на мерни единици и мерила во промет, надзор врз туристичката дејност, заштита на правата од индустриска сопственост и други активности утврдени со закон.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Активностите на Државниот пазарен инспекторат во 2024 година се насочени кон висок степен на примена на законите од страна на економските оператори во надлежност на Инспекторатот, создавање еднакви услови за работа за сите економски оператори преку сузбивање на сивата економија и нелојалната конкуренција, владение на правото и услови за брз економски раст и раст на животниот стандард, пуштање на пазарот само безбедни производи, висок степен на заштита на правата од индустриска сопственост и заштита на потрошувачките права.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 179.031 | 194.038 | 182.080 | 184.950 | 216.283 | 226.380 |
| *Број на вработени* | 257 | 282 | 263 | 254 | 257 | 285 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 43.937 | 44.563 | 46.819 | 52.101 | 59.722 | 58.339 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 591 | 639 | 669 | 719 | 819 | 784 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени инспекциски надзори* | 30.309 | 19.221 | 28.775 | 31.898 | 36.000 | 36.000 |

## 10006 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за техничка инспекција донесува технички прописи, врши инспекциски надзор над примената на законите и техничките прописи при користење техничка опрема, донесува решенија за ставање во употреба на техничка опрема и води евиденција на независни правни лица кои ги исполнуваат условите за вршење технички преглед и периодични испитувања определени со Законот за техничка инспекција.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Активностите на Државниот инспекторат за техничка инспекција за 2024 година се насочени кон имплементација на законската регулатива и подобрување на квалитетот на инспекцискиот надзор.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 17.988 | 21.506 | 21.755 | 24.217 | 30.125 | 31.123 |
| *Број на вработени* | 23 | 27 | 26 | 26 | 25 | 27 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 45.552 | 48.985 | 52.929 | 58.894 | 67.487 | 66.735 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 705 | 756 | 808 | 919 | 1.107 | 1.073 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени инспекциски надзори и донесени инспекциски акти* | 1.598 | 916 | 1.274 | 926 | 1.300 | 1.027 |

## 10101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ги врши работите што се однесуваат на: енергетиката, енергетската политика и планирањето на развојот во областа на електрична енергија, природен гас, нафта и деривати на нафта, топлотна енергија и термални води, како и други видови енергија и нивна експлоатација; снабдувањето со енергија; спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од областа на енергетиката во целосна или доминантна државна сопственост; стратегијата и политиката за енергетска безбедност; рационалната употреба на енергијата и енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија; координацијата на работата и реализација на енергетските инвестиции; рударството, стратегија и политика за развој на рударството; експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси; геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини; изработката на програма за истражувачки работи од областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите; надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

## 11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државната управа кој ги извршува работите во врска со стекнување и заштита на правата од индустриска сопственост. Заводот спроведува постапки за понатамошно усогласување на системот на заштита на правата на индустриска сопственост со европските и светските стандарди, интегрирање во регионалните и меѓународните системи на заштита на индустриската сопственост, јакнење на системот на индустриска сопственост и зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Активностите на Државниот завод за индустриска сопственост за 2024 година се насочени кон зголемување на ефикасноста во спроведувањето на управната постапка за признавање и заштита на правата од индустриска сопственост, јакнење на соработката на полето на индустриската сопственост со Светската организација за интелектуална сопственост и Европската патентна организација, јакнење на соработката во областа на патентите со Европскиот патентен завод и јакнење на соработката помеѓу институциите инволвирани во заштитата и спроведувањето на правата на интелектуална сопственост.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 39.773 | 88.899 | 50.110 | 40.814 | 46.914 | 67.450 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на вработени* | 34 | 32 | 30 | 30 | 30 | 31 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 46.504 | 53.635 | 48.809 | 52.718 | 57.033 | 62.554 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 922 | 1.273 | 1.103 | 1.138 | 1.314 | 1.386 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на издадени документи во постапката за признавање на правата за индустриска сопственост* | 30.000 | 30.000 | 11.911 | 26.549 | 32.900 | 25.000 |

## 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Главна функција на Министерството за животна средина и просторно планирање е зачувување и заштита на животната средина преку донесување и имплементација на законите и подзаконските акти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и просторните планови, паралелно усогласувајќи ги со европското законодавство, како и инвестирање во реализација на повеќе проекти од областа на заштитата на животната средина (унапредување на природата, заштита на флората и фауната, справување со жешки точки, изградба на канализациски мрежи, пречистителни станици за отпадни води, водоводни системи, регионални депонии за отпад, депонирање опасен отпад и спроведување на политиките за заштитата на животната средина, климатските промени, планирањето на просторот и развој според концептот на зелена економија и сл.)

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе продолжи со спроведување на активностите за реализација на веќе започнатите проекти од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и одржливиот развој, во чии рамки се опфатени: реконструкција на филтер-станица за вода за пиење во Општина Берово; реконструкција на системот за водоснабдување во Општина Богданци; реконструкција на цевковод за снабдување со вода во Општина Крива Паланка; регулација на дел од ободен канал во Општина Арачиново; изградба на фекална канализација во Општина Свети Николе; санација и подобрување на ефикасноста на колекторскиот систем за заштита на Охридското Езеро; валоризација и ревалоризација на природните вредности; изработка на просторен план на Република Северна Македонија, мониторинг на бучава, квалитет на воздухот, изработка на катастри на загадување, како и активности за одржување и подобрување на режимот на водите, промовирање на политиките за заштитата на

животната средина, климатските промени, планирањето на просторот и развојот според концептот на зелена економија.

Меѓу позначајни проекти што ќе се реализираат во текот на 2024 година се: Регулација на речното корито на Сува Река во Општина Сарај; Реконструкција на изворите, зафаќање нови и санација на каптажи во Општина Крушево; Изградба на филтер-станица за вода и резервоар за вода за пиење во Општина Теарце; Потисен цевковод и резервоар за вода за пиење во Општина Неготино; Изградба на водснабдителен систем во Општина Делчево; Изградба на водоводна мрежа во Општина Демир Хисар; Изградба на филтер-станица во Општина Струмица; Инсталација на водомери во Општина Боговиње; Изградба на фекална канализација во Општина Куманово; Изградба на колекторски систем од Радожда до Калишта, Општина Струга; Изградба на канализациски систем/мрежа во Општина Врапчиште; Изградба на пречистителна станица за отпадни води за Град Скопје (заем од ЕИБ и ЕБОР); Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија (заем од ЕИБ) и Воспоставување регионален систем за управување со отпад во Југоисточниот, Вардарскиот, Пелагонискиот, Југозападниот и Полошкиот Регион (заем од ЕБОР).

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 844.216 | 866.616 | 1.593.419 | 1.628.422 | 2.676.990 | 2.957.039 |
| *Број на вработени* | 208 | 218 | 211 | 206 | 209 | 200 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 40.772 | 41.093 | 43.735 | 50.051 | 56.325 | 58.993 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 930 | 1.081 | 1.293 | 1.238 | 1.763 | 1.729 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Изградба на водоводни мрежи (во метри должина)* | 6.310 | 5.285 | 20.200 | 32.000 | 30.223 | 30.000 |
| *Изградба на канализациски мрежи (во метри должина)* | 3.975 | 581 | 15.700 | 31.000 | 29.300 | 27.500 |
| *Број на изработени елаборати за заштита на животната средина* | 385 | 432 | 550 | 394 | 425 | 560 |

## 12102 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна функција на Државниот инспекторат за животна средина е спроведување инспекциски надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (национални паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и други заштитени подрачја со закон), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава емитирана во животна средина и превенција од еколошки инциденти.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор во наредниот период се: превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати; навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите коишто се предмет на надзор; воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштитата на животната средина.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 29.375 | 45.745 | 34.660 | 32.805 | 35.673 | 35.106 |
| *Број на вработени* | 24 | 27 | 24 | 30 | 30 | 28 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 48.341 | 52.469 | 60.398 | 62.596 | 71.878 | 77.110 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 909 | 1.003 | 1.386 | 1.081 | 1.183 | 1.247 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени инспекциски надзори и акти во инспекциска постапка* | 1.981 | 1.990 | 2.100 | 2.027 | 2.284 | 2.284 |

## 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за транспорт е орган на државната управа кој ги уредува односите во областа на урбанизмот и градежништвото и сообраќајот и врските. Мисијата на Министерството е во насока на развивање политики за обезбедување достапен, сигурен и одржлив национален и меѓународен транспортен систем, квалитетна урбанистичка и градежна инфраструктура и вршење надзор над спроведувањето на законите од својата надлежност.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Стратешки приоритети на Министерството за транспорт за 2024 година се: изработка на закони и подзаконски акти од сите области кои ги покрива Министерството; изградба и/или реконструкција на водоснабдителни и/или канализациски системи и изградба и/или реконструкција на улици во населени места (населби) со претежно ромско население, како поддршка на Владата на Република Северна Македонија во имплементацијата на „Декада за вклучување на Ромите“ и Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија; доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници; имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница Тетово - Гостивар - Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа - Струга - Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп - Битола); изработка на урбанистички планови на населените места во РСМ по годишна програма за изработка на урбанистички планови; спроведување на Договорот за вршење јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од трошоците при давање на услугата; тековно одржување на пругите низ целата територија на Република Северна Македонија согласно Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура; реализација на проектот „Рехабилитација и изградба на нова пруга на источниот дел на железничка пруга Коридор 8 - ФАЗА 2 – делница Бељаковце - Крива Паланка“; реализација на проектот: „Железнички коридор VIII – источна делница МК, делница Крива Паланка – граница меѓу Северна Македонија и Бугарија“; реализација на проектот „Изградба на заедничка гранична станица Табановце“; реализација на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот и на Проектот за поврзување на локалните патишта во Република Северна Македонија

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 2.693.065 | 4.040.739 | 4.734.523 | 19.839.585 | 18.816.435 | 9.653.248 |
| *Број на вработени* | 255 | 260 | 249 | 236 | 240 | 238 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 40.063 | 40.544 | 42.631 | 48.121 | 51.644 | 59.523 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 636 | 722 | 673 | 763 | 898 | 981 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на објавени и* | 95 | 100 | 80 | 44 | 50 | 50 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *спроведени постапки за јавни набавки* | | | | | | |
| *Број на распределени ЕКМТ дозволи* | 3.036 | 3.720 | 3.984 | 4077 | 4.488 | 4.488 |

## 13004 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за транспорт врши инспекциски надзор над Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за превоз на опасни материи во патниот сообраќај, Законот за жичари и ски лифтови, Законот за јавни патишта и Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачи во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни цели и приоритети на Државниот инспекторат за транспорт за 2024 година е спроведување на јавната регулатива за патен сообраќај и вршење надзор над економските субјекти за патен сообраќај со цел создавање еднакви и поволни конкурентски услови за слободен и безбеден превоз на патници и патна инфраструктура.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 28.101 | 29.650 | 31.775 | 35.764 | 38.888 | 44.451 |
| *Број на вработени* | 34 | 39 | 37 | 42 | 39 | 43 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 47.778 | 45.940 | 51.450 | 53.754 | 67.350 | 71.866 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 809 | 749 | 829 | 838 | 983 | 1.021 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Инспекциски надзори* | 3.658 | 2.022 | 3.679 | 4.465 | 5.000 | 5.000 |

## 13005 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам врши директен надзор над примената на Законот за градење кај објекти класифицирани - прва категорија и надзор на примената на Законот за градење преку овластените градежни инспектори за објекти калсифицирани - втора категорија. Воедно врши надзор над урбанистичко-планската документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни цели и приоритети на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам за 2024 година се: контролирана градежна експанзија со зголемени редовни, вонредни и контролни надзори во областа на градежништвото; зголемена контрола над донесувањето урбанистички планови, почитувајќи ја законската регулатива.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 12.608 | 16.563 | 17.786 | 16.875 | 19.769 | 21.749 |
| *Број на вработени* | 22 | 26 | 26 | 24 | 25 | 25 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 38.501 | 40.064 | 38.846 | 45.507 | 50.890 | 57.653 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 567 | 627 | 632 | 699 | 783 | 864 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на спроведени инспекциски надзори од областа на градежништвото и урбанизмот* | 250 | 300 | 112 | 150 | 98 | 98 |

## 13006 ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над Законот за комунални дејности, Законот за јавна чистота, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги, Законот за јавни патишта, Законот за домување, Законот за инспекциски надзор,

Законот за забрана и спречување вршење на нерегистрирана дејност и Законот за зеленило.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните цели и приоритети на Државниот комунален инспекторат за 2024 година се насочени кон зголемување на ефикасноста во работењето на јавните комунални претпријатија преку вршење редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 8.726 | 12.360 | 8.908 | 9.616 | 12.426 | 12.396 |
| *Број на вработени* | 14 | 12 | 13 | 11 | 11 | 11 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 43.743 | 62.361 | 43.071 | 55.750 | 73.136 | 73.250 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 617 | 976 | 659 | 847 | 1.080 | 1.081 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на спроведени инспекциски надзори* | 210 | 300 | 185 | 226 | 280 | 280 |

## 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги дефинира политиките од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и руралниот развој и спроведува мерки и активности во насока на економско искористување на природните ресурси на одржлив начин преку мерки за поддршка на развојот на полјоделското и сточарското примарно земјоделско производство; преработка и маркетинг на земјоделски производи од животинско и растително потекло; обезбедување одржлив и економски развој на руралните средини; ги унапредува ловството и риболовот и обезбедува заштита на здравјето на растенијата.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат активностите за рехабилитација и модернизација на системите за наводнување, проширување на постоечките и изградба на нови системи за наводнување; рационално користење и чување на

шумите; рационално користење и заштита на земјоделското земјиште; економско искористување на природните ресурси на одржлив начин преку мерки за поддршка на развојот на полјоделското и сточарското примарно земјоделско производство; преработка и маркетинг на земјоделски производи од животинско и растително потекло; развој на ловство; креирање мерки за финансиска поддршка во земјоделството со цел подобрување на конкурентноста и одржливоста на приходот на земјоделските стопанства; примена на еколошки практики за прилагодување на климатските промени, обезбедување одржлив развој на руралните средини; зајакнување на генетската база на растително и сточарско производство; развој на аквакултура; снабдување на пазарот со квалитетен сертифициран семенски и саден материјал, навремено дијагностицирање и детерминирање на штетни организми; контрола на остатоци од пестициди во храната; следење на користењето на водите и водостопанските објекти; реализација на инвестиции и проекти од областа на водостопанството, како што се изградба на: брана Конско, брана на Оризарска Река и ХМС Равен – Речица, Полог.

Во 2024 година продолжува реализацијата на проектот Програма за наводнување на Република Северна Македонија со цел одржливо зголемување на земјоделскиот аутпут (производство и продуктивност) преку подобра достапност и ефикасно користење на водните ресурси со рехабилитација и изградба на четири системи за наводнување во рамки на речниот слив на Вардар (ХС Лисиче, ХС Конско, ХС Пепелиште и ХС Јужен Вардар).

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 1.243.673 | 2.105.025 | 1.969.491 | 1.466.853 | 1.713.392 | 1.761.894 |
| *Број на вработени* | 1.018 | 1.070 | 1.010 | 1.002 | 1.008 | 993 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 35.258 | 36.246 | 40.942 | 45.418 | 49.195 | 54.400 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 515 | 529 | 624 | 657 | 770 | 839 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р- 2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Извршени лабораториски анализи согласно мониторинг-програмите и анализи за приватни производители* | 2.661 | 2.700 | 3.156 | 2.713 | 3.200 | 3.200 |
| *Број на оператори во органско земјоделско производство* | 907 | 929 | 913 | 913 | 923 | 923 |
| *Зголемување на наводнуваните површини во рамки на системите за наводнување* | 12% | 14% | 13,2% | 0% | 10% | 10% |

## 14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството овозможува трансфер на знаења и информации и нивна имплементација кај земјоделските стопанства со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на земјоделското производство со економска оправданост, конкурентност на македонските пазари, одржлив развој на земјоделството во руралните подрачја и поддршка во развојот и реализацијата на аграрната политика со одржување база на податоци од земјоделските стопанства преку дирекни посети на терен.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Согласно Стратешкиот план на Агенцијата, приоритети за 2024 година продолжуваат активностите за реализација на: континуиран развој на квалитетна советодавна услуга преку зголемен пристап на советниците на терен кај земјоделските производители, ефикасно информирање со поддршка во аплицирањето за Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и програмата ИПАРД, овозможување спроведување годишно истражување за структурата, производството, приходите и расходите кај земјоделските стопанства, како и заштита на животната средина преку правилна примена на добри земјоделски практики.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 65.053 | 77.367 | 68.228 | 74.631 | 73.733 | 78.106 |
| *Број на вработени* | 125 | 123 | 104 | 97 | 98 | 93 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 38.281 | 39.794 | 39.917 | 45.503 | 47.715 | 53.030 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 520 | 579 | 592 | 631 | 691 | 761 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на изготвени апликации за други јавни повици* | 1.000 | 1.200 | 1.507 | 800 | 1.800 | 1.800 |
| *Број на земјоделски стопанства во системот ФАДН* | 774 | 810 | 877 | 949 | 900 | 950 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на посети во системот ФАДН* | 2.500 | 2.800 | 1.514 | 3.800 | 3.600 | 3.600 |

## 14003 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за хидрометеоролошки работи врши хидролошки и метеоролошки работи кои опфаќаат активности поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата и водните ресурси и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува меѓународните обврски на Република Северна Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, го следи квалитетот на водите и квалитетот на воздухот и го координира нивното извршување.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат активностите од областа на хидрологијата, следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата, изготвување проекти и програми од областа на хидрометеоролошките истражувања, како и активности за примена на хидрологијата и метеорологијата за потребите на стопанството и интензивирање на меѓународната соработка и евроинтеграциските процеси во областа на хидрометеоролошката дејност.

| *Инпутиндикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 154.398 | 160.356 | 173.652 | 142.316 | 108.328 | 134.828 |
| *Број на вработени* | 174 | 176 | 150 | 141 | 148 | 137 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 35.576 | 35.360 | 40.605 | 46.592 | 47.423 | 52.637 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 875 | 901 | 1.098 | 743 | 713 | 790 |

| *Аутпутиндикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извештаи за мерења на површинските води* | 780 | 780 | 792 | 727 | 744 | 744 |
| *Број на мерења од фенолошки станици* | 264 | 275 | 288 | 280 | 216 | 288 |
| *Број на хемиски и биолошки серии за анализа на водите* | 280 | 320 | 228 | 250 | 320 | 280 |

## 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги спроведува мерките и инструментите на политиката за уредување и поддршка на земјоделските пазари, директни плаќања и рурален развој, извршување на мерките за директните плаќања во земјоделството, интервенции на пазарот на земјоделски производи, имплементација на производните квоти, извршување мерки за рурален развој, реализација на средствата од претпристапна помош на Европската Унија за рурален развој и спроведување мерки за државна помош во земјоделството.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат активностите за целосна и навремена обработка на барањата и зголемување на искористеноста на средствата од програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарството и аквакултурата, интервентен фонд во земјоделството, поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, млеко и млечни производи, социјална сигурност на жените.. Мерките од програмите се насочени кон: инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства; инвестиции за доработка, преработка, складирање, пакување и маркетинг на земјоделски производи; инвестиции за унапредување на човечкиот потенцијал на земјоделските производители; инвестиции за производство и користење на обновливи енергии во рурални средини, подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување диверзификација на економски активности во руралните средини, која вклучува капитални инвестиции во рурална инфраструктура за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, реновирање и изградба на рурална инфраструктура со што се очекува да бидат реализирани инфраструктурни проекти за решавање на приоритетните комунални проблеми на жителите во руралните средини, поддршка на рибарството и аквакултурата, инвестиции во материјални средства за земјоделските стопанства, инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи, диверзификација на фармите и развој на бизниси и техничка помош, мерки за ублажување на последиците предизвикани од зголемувањето на производствените трошоци за производство на земјоделски култури, поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделска дејност поради раѓање.

Од 2023 година се воведени нови модели за субвенционирање во земјоделството, кои претставуваат преминување од досегашниот систем на субвенционирање, во кој земјоделците ги добиваа субвенциите без да прикажат дека оствариле производство, во нов декаплинг (de-coupling) систем со нови критериуми за доделување субвенции (основна субвенција и дополнителна поддршка) со цел зголемување на производството на храна која ќе се базира на остварениот принос. Поддршката ќе остане за сите култури и видови добиток, но дополнителна поддршка

ќе се дава за оние култури и добиток кои во моменти на економска криза имаат можност да растат, да се развиваат и да им обезбедат храна на граѓаните.

Со новиот модел се дава приоритет на стратешки важните култури и производи за државата, со тоа што земјоделците ќе треба да доставаат податоци дека нивното производство е дадено до преработувачките капацитети или ако имаат добиток да обезбедат документ што се користи на нивната фарма.

| *Инпутиндикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 8.796.213 | 8.827.703 | 8.424.997 | 9.411.131 | 8.392.995 | 9.643.110 |
| *Број на вработени* | 221 | 226 | 230 | 223 | 224 | 223 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 36.741 | 40.101 | 41.618 | 48.699 | 54.508 | 57.159 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 507 | 608 | 610 | 939 | 914 | 918 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на исплатени решенија за одобрување и исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството* | 190.579 | 140.681 | 187.958 | 236.867 | 180.000 | 210.000 |
| *Број на исплатени решенија за одобрување и исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој* | 11.494 | 10.959 | 11.162 | 1.152 | 11.000 | 1.000 |
| *Број на исплатени решенија за одобрување и исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка во рибартсвото и аквакултурата* | 38 | 18 | 17 | 47 | 32 | 35 |

# 14005 АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за храна и ветеринарство ги врши работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни, заштита на интересите на потрошувачите, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарното јавно здравство, заштита на животната средина од отпад од животинско потекло преку контрола на прописите усогласени со стандардите на Европската Унија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат активностите за осигурување на безбедноста на храната и храната за животни и ветеринарно јавно здравство преку мониторинг на присуство на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло, усовршување на системот за рано откривање болести кај животните, спречување ширење на болести преку влез на гранични премини, унапредување на здравствената заштита и благосостојбата на животните, воспоставување и одржување систем на благосостојба и заштита на животните при нивно одгледување во фармерски услови и сл.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 515.776 | 634.348 | 652.356 | 812.561 | 740.358 | 712.355 |
| *Број на вработени* | 359 | 374 | 364 | 357 | 357 | 341 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 40.538 | 41.412 | 46.399 | 51.217 | 56.669 | 62.834 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 578 | 616 | 678 | 778 | 898 | 923 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Намалување на бројот на измами со храна врз основа на вонредни контроли* | 61% | 66% | 28% | 100% | 63% | 25% |
| *Намалување на бројот на измами со храна врз основа на редовни контроли* | 55% | 50% | 50% | 100% | 47% | 87% |
| *Број на заболени луѓе во случај на зоонози* | 3 | 5 | 12 | 5 | 3 | 6 |

## 14006 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за земјоделство врши надзор над спроведувањето и извршувањето на законите и другите прописи од страна на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите, физичките и правните лица кои вршат дејност од областа на земјоделството, руралниот развој, рибарството со аквакултурата, квалитетот на земјоделските производи и безбедноста на храната од примарно растително потекло и фитосанитарна политика, врши надзор во прометот, преглед и контрола на растителното производство и фазите на доработка, увоз, извоз и транзит на земјоделски производи, зема мостри и доколку е сторен прекршок отпочнува прекршочна постапка.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат активностите за ефикасно имплементирање на законската регулатива, зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, зголемување на животниот стандард и начинот и квалитетот на живот на населението, борба против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото, сé со цел спроведување на функционална пазарна економија на реална основа, организирано и ефикасно вршење на инспекциски надзор, зголемување на инспекциските контроли и надзори со цел зголемување на имплементацијата на законската регулатива, воспоставување електронски систем за анализа на ризик и зголемување на автоматизацијата и синхронизацијата на обработката на податоците.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 114.974 | 156.218 | 131.727 | 138.573 | 168.736 | 171.165 |
| *Број на вработени* | 166 | 164 | 156 | 156 | 156 | 154 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 41.564 | 51.135 | 52.213 | 57.363 | 63.000 | 67.996 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 632 | 863 | 798 | 863 | 1.010 | 1.061 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени инспекциски надзори* | 231 | 231 | 390 | 426 | 231 | 231 |

## 14007 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ШУМАРСТВО И ЛОВСТВО
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за шумарство и ловство врши надзор над спроведувањето на законските прописи од Законот за шумите, Законот за ловстовото,

Законот за семе и саден материјал, Законот за забрана и спречување за вршење на нерегистрирана дејност, Законот за заштита на растенијата од болести и штетници, како и контрола на претпријатијата што вршат одгледување и заштита на шумите со посебна намена, претпријатијата што се бават со шумско расадничко производство, ловни друштва, здруженија на ловци и други субјекти кои користат дивеч во ловиштата и претпријатијата што се занимават со промет и преработка на дрвото.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат надзорите со цел сочувување на површината под шума, зголемување на нивната вредност и обезбедување одржливо управување, планирање, стопанисување со шумите и чување на шумите, зголемување на контролите за исполнување на ловностопанските основи за одгледување, заштита, ловење на дивечот и неговите делови и зголемување на контролите за спречување и заштита за вршење на нерегистрирана дејност од страна на правни и физички лица.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 20.002 | 22.399 | 22.194 | 23.143 | 26.372 | 27.028 |
| *Број на вработени* | 28 | 28 | 27 | 25 | 24 | 25 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 46.617 | 51.887 | 55.793 | 62.320 | 77.847 | 77.187 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 695 | 767 | 807 | 897 | 1.081 | 1.065 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на записници за извршени контроли во складови за дрва и дрвни сортименти* | 1.400 | 304 | 195 | 336 | 350 | 350 |

## 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за социјална политика, демографија и млади е буџетска институција надлежна за развивање, контрола и спроведување на политиките во областа на пензиското и инвалидското осигурување, спроведување и унапредување на системот на социјална и детска заштита и грижа за благосостојбата на семејството, ранливите групи на популацијата, децата и возрасните засегнати од социјален ризик, како и подготовка и развој на демографската политика и политиката поврзана со миграциите односно подготовка и развој на политиката за млади.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните преку; проширување на мрежата на предшколски установи за згрижување и воспитание на деца, односно реконструкција и адаптација на постојните со цел зголемување на опфатот на бројот на деца во детските градинки; унапредување на родовата еднаквост во сите области на општественото живеење; создавање вредности на толеранција, правичност, еднакви можности и признавање на различностите во мултикултурализмот; подобрување на квалитетот на живот на старите лица и обезбедување достоинствена старост, планирање на семејството, грижа за психофизичкиот развој на младите, поттикнување и помагање на формите на младинско организирање, активности за задржување на талентираните млади и поттикнување на влаботливоста на младите.

Клучните активности во 2024 година во областа на социјалната заштита се насочени кон градење похумано општество и развој на социјални услуги според потребите на граѓаните и можноста за инклузија и активно учество во животот во заедница на лицата на кои им е потребна помош. Во оваа област се реализираат значајни активности за функционирање и развој на сервиси и услуги како деинституционализација, помош и нега во домот, лична асистенција, зголемување на капацитетите за дневно и привремено згрижување на социјално ранливите категории (деца и лица со посебни потреби, стари лица и други ранливи категории), поддршка на деца без родители, зголемување на капацитетите за згрижување и воспитување на деца во детски градинки, центри за ран детски развој и во други просторни услови, зголемување на капацитетите за услуги од областа на социјална заштита, како и преку финансиска поддршка на ранливите категории на граѓани со остварување на правата за гарантирана минимална, детски, посебен и родителски додаток, образовен додаток и други.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 50.423.644 | 55.164.528 | 52.603.055 | 55.262.929 | 58.763.868 | 64.302.175 |
| *Број на вработени* | 1.950 | 1.996 | 1.924 | 1.894 | 1.896 | 1.877 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 38.063 | 38.114 | 38.582 | 42.945 | 47.787 | 50.356 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 578 | 586 | 606 | 673 | 722 | 753 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на корисници на родителски додаток за трето дете* | 25.035 | 22.904 | 21.377 | 19.777 | 18.447 | 18.447 |
| *Број на корисници на детски додаток* | 16.984 | 20.587 | 21.666 | 20.828 | 22.500 | 22.500 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на корисници на еднократна парична помош* | 338 | 392 | 459 | 466 | 564 | 564 |

## 15002 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Организацијата и надлежностите на Државниот инспекторат за труд се уредени со Законот за инспекцијата на трудот, според кој овој правен субјект врши надзор над примената на законите и другите прописи за работни односи, вработување, безбедност и здравје при работа, колективни договори, договори за вработувања и други акти со кои се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работодавците и работниците во областа на работните односи, вработувањето и безбедноста и здравјето при работа.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни приоритети на Државниот инспекторат за труд се зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и на квалитетот на живеење, јакнење на владеењето на правото, доследна и селективна борба против криминалот и корупцијата, градење модерна и ефикасна инспекциска служба базирана на дигитализација, која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти, доследно спроведување на прописите од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа, на подзаконските акти и колективните договори, остварување на правата кои произлегуваат од работен однос и обезбедување безбедни мерки за безбедна работа на вработените во Република Северна Македонија.

Цели на Државниот инспекторат за труд се зајакнување на капацитетот за целосно приближување и преземење на правото на Европската Унија (acquis communautaire) согласно приоритетите утврдени во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, спроведување реална процена на влијанието на регулативата и креирање политики втемелени на транспарентност и соработка со заинтересираните страни, реализација на Планот за борба и спречување на корупцијата во Државниот инспекторат за труд, спроведување на постоечкото законодавство од областа на работните односи и безбедност и здравје при работа.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 123.159 | 130.523 | 135.326 | 139.443 | 158.519 | 169.282 |
| *Број на вработени* | 195 | 214 | 207 | 202 | 205 | 199 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 41.611 | 41.968 | 46.146 | 51.903 | 56.038 | 63.172 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 588 | 598 | 634 | 684 | 759 | 840 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени надзори за работни односи и безбедност и здравје при работа* | 30.407 | 28.860 | 24.965 | 22.938 | 21.904 | 21.904 |

## 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за образование и наука ја креира и реализира политиката во областа на воспитанието и образованието од сите видови и степени. Неговите надлежности се однесуваат и на делот на образованието на возрасни, организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на образованието, воспитанието и науката, воспитанието и образованието на деца со посебни образовни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство, верификација на струките профилите во образованието, унапредување на ученичкиот и студентскиот стандард, технолошкиот развој и поддршка на иновациите, информатичката и техничката култура, развој на дигитални вештини и други активности поврзани со образованието.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Активностите на Министерството за образование и наука се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата во основното и средното образование, унапредување на образовната инфраструктура, реформа на системот на финансирање преку блок дотации, оптимизација на училишната мрежа, обезбедување квалитет и ефективност во високото образование во согласност со европските добри практики, забрзан развој преку инвестиции во науката и иновациите, како и поддршка на можностите за образование на возрасните и доживотно учење и на системот на неформално и информално образование.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 24.841.811 | 27.156.621 | 28.405.344 | 33.625.498 | 36.062.613 | 39.875.686 |
| *Број на вработени* | 6.838 | 6.979 | 7.650 | 8.097 | 7.688 | 7.861 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 44.940 | 51.575 | 51.692 | 58.556 | 70.923 | 83.182 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 912 | 972 | 799 | 1.590 | 1.227 | 1.465 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на финансирани научноистражувачки проекти* | 15 | 40 | 65 | 63 | 65 | 65 |
| *Стапка на лица кои рано го напуштаат образованието (%)* | 5,7 | 5,7 | 5 | 3,96 | 5 | 5 |
| *Учество на учениците во средните училишта во системот на стручно образование и обука (%)* | 62,1 | 64 | 65 | 66 | 66 | 66 |

## 16002 БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за развој на образованието врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитно-образовната дејност во областа на предучилишното, основното и средното образование преку развивање нови наставни планови и програми, развојни истражувања, советувања и обуки на воспитно-образовниот кадар, следење на постигнувањата на учениците преку спроведување на државната матура и државното тестирање на постигнувањата на учениците во основното образование, публикување прирачници, списанија и други дидактички материјали за поддршка на наставата.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Бирото за развој на образованието во текот на 2024 година, ќе ги реализира следните активности: изготвување нови и адаптирање на постоечките наставни

програми за основно и средно образование и за децата со посебни образовни потреби, усовршување на системот за професионален развој на воспитно-образовниот и раководниот кадар во основните и средните училишта, издавање и навремена дистрибуција на педагошката документација и евиденција до основните и средните училишта и изготвување дигитални содржини за основното и средното образование.

| ***Инпут индикатори*** | ***2020*** | ***2021*** | ***2022*** | ***2023*** | ***Б-2024*** | ***Р-2024*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 141.475 | 197.988 | 162.056 | 188.935 | 197.330 | 289.512 |
| *Број на вработени* | 210 | 223 | 201 | 202 | 207 | 202 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 41.309 | 40.074 | 43.711 | 48.066 | 51.936 | 56.471 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 658 | 776 | 741 | 858 | 872 | 1.331 |

| ***Аутпут индикатори*** | ***2020*** | ***2021*** | ***2022*** | ***2023*** | ***Б-2024*** | ***Р-2024*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Изработени наставни програми за основно образование и образовни програми за средно стручно и гимназиско образование* | 787 | 44 | 42 | 144 | 97 | 97 |
| *Испечатена педагошка документација и евиденција за учениците од основните и средните училишта во Република Северна Македонија* | 250.000 | 250.000 | 250.000 | 250.000 | 250.000 | 250.000 |

## 16003 НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Надлежностите на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност се заснова на надлежностите и обврските што произлегуваат од Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми, и тоа децентрализиран менаџмент на европските образовни програми, односно индиректен менаџмент и имплементација на европската образовна програма ЕРАЗМУС+ 2014 – 2020 година, ЕРАЗМУС+ 2021 - 2027 година и Европскиот солидарен корпус. Годишната програма за работа на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност се реализира и врз основа на Водичот за Национални агенции за имплементирање на програмата ЕРАЗМУС+ и Европскиот солидарен корпус којшто секоја година го донесува Европската комисија - Генерален директорат за образование, млади, спорт и култура.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основни приоритети на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност се имплементација на европските програми ЕРАЗМУС+ и Европски солидарен корпус во сите сегменти на општествениот живот, а особено на ниво на општо образование (од градинка преку универзитет до доживотно учење); на ниво на средно стручно и професионално образование и обука; техничка и професионална имплеметација на размената на студенти и универзитетски професори; учество во создавањето на Европскиот образовен простор којшто истовремено се состои од соработка со други држави – интернационализација и соработка со невладини организации и поединци. Новата програма Еразмус+ 2021 - 2027 година има неколку приоритети, и тоа: инклузија и разновидност – овде се опфаќаат прашања поврзани со попречености, учесници со здравствени проблеми, пречки поврзани со системите за образование и обука, културни различности, социјално-економски пречки, дискриминација и географски бариери; дигитални трансформации кои, пред сè ги носи новото време; учество во демократскиот живот и одржливост, заштита на животната средина и климатски цели како еден од столбовите за една поздрава и поубава животна средина и здравје на луѓето. Националната агенција е одговорна за постигнување на целите на програмата, за воспоставување соодветни структури и системи за ефективно следење и управување во сите сегменти на програмите, а воедно обезбедува информации и услуги поврзани со учеството и спроведувањето на проектите, ги оценува потребите за учество врз основа на објективни критериуми, презема административни и финансиски работи во врска со активностите, обезбедува проток на информации од органите на ЕУ до националните институции и како контакт-институција ги презема потребните координативни активности и задачи.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 379.959 | 663.244 | 532.895 | 624.745 | 431.869 | 565.613 |
| *Број на вработени* | 32 | 30 | 34 | 34 | 34 | 34 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 43.418 | 46.511 | 40.804 | 47.493 | 54.012 | 57.081 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 687 | 793 | 668 | 712 | 814 | 830 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на обуки за крајни корисници за користење на фондовите на ЕК од програмата Еразмус плус* | 490 | 720 | 2.100 | 3.080 | 2.500 | 2.500 |
| *Потпишани договори за грант со крајни корисници* | 334 | 500 | 180 | 159 | 150 | 150 |

## 16004 ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот просветен инспекторат е организиран согласно надлежностите предвидени во Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 година) и другите прописи со подрачни организациони облици, според мрежата на училиштата и јазикот на кој се изведува наставата.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Согласно планираните активности и по задолжение на надлежните органи согласно член 9 од Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 година), а во насока на остварување на законските одредби и цели во образовните установи во Република Северна Македонија, Државниот просветен инспекторат ќе врши континуирани редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори и интегрална евалуација во основните и средните училишта, високообразовните научни установи, ученичките домови, студентските домови, отворените граѓански универзитети за доживотно учење, детските градинки, установите за ран детски развој и во други установи/приватни установи каде што се реализира воспитно-образовен процес во однос на: одобрен статут на установи, планирање и организирање на почетокот на новата учебна година, остварување наставен план и програма, реализација на дополнителна и додатна настава, употреба на учебници, реализација на воннаставните активности, изработка, донесување и остварување на Годишната програма (полугодишен - годишен период), формирање паралелки со помал број ученици и формирање групи за практична настава, запишување ученици, следење на учениците (успехот, поведението, изречените педагошки мерки), одржување продолжителна настава, работни должности на наставници и стручни соработници, спроведување државна матура, организација и реализација на практична настава, организација и реализација на слободни часови и проектни активности, водење педагошка евиденција и документација во пишана и електронска форма, планирање и реализирање активности за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието, реализирање на педагошките обврски на наставно-научниот кадар, педагошка евиденција во високообразовните установи и научните институти, број на слушатели (неформално и формално образование), остварување на воспитно-образовниот процес во детските градинки, како и во однос на примената на законите, другите прописи и општи акти во училиштата и установите.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 59.614 | 71.583 | 73.223 | 73.855 | 79.229 | 84.675 |
| *Број на вработени* | 106 | 110 | 101 | 101 | 104 | 101 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 42.609 | 47.352 | 52.267 | 47.493 | 57.712 | 63.936 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 555 | 632 | 702 | 727 | 758 | 835 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Инспекциски надзори* | 8.253 | 9.000 | 9.000 | 4.446 | 9.000 | 9.000 |
| *Интегрални евалуации* | 36 | 126 | 64 | 120 | 132 | 132 |

## 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија, бр.121/2024), Агенцијата за млади и спорт се укинува, а работите од нејзина надлежност преминуваат во Министерството за спорт и во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* |
|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 456.795 | 617.121 | 637.037 | 804.030 | 450.823 |
| *Број на вработени* | 43 | 48 | 47 | 45 | 46 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 42.323 | 39.931 | 41.048 | 50.33 | 54.870 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 914 | 877 | 931 | 1.061 | 1.062 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* |
|---|---|---|---|---|---|
| *Опфат на граѓани со активности во дејноста спорт* | 14% | 15% | 16% | 16% | 16% |
| *Број на спортски учесници во меѓународниот систем на натпревари* | 1.500 | 1.600 | 1.650 | 1.800 | 1.850 |
| *Опфат на женски лица кои се занимаваат со спорт* | 29% | 30% | 31% | 32% | 32% |

## 16201 МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за спорт е орган на државната управа кој ги врши работите кои се однесуваат на системот, развојот и унапредувањето на спортот и физичката култура, изработката и реализацијата на стратегии за развој на спортот, јавниот интерес во спортот во надлежност на Републиката во согласност со закон, учеството во изградба, опремување, одржување и располагање со спортски објекти и спортска инфраструктура во сопственост на државата, создавањето услови за поголема достапност на спортот до сите граѓани, развојот на моралните и етичките вредности во спортот, следењето, утврдувањето и поддршката на субјектите во спортот, заштитата од дискриминација и говор на омраза врз спортисти, спортски организации и други субјекти од областа на спортот, поддршката на млади талентирани спортисти, верификацијата на квалификации на стручните кадри во областа на спортот, меѓународната соработка во областа на спортот, надзорот во областа на спортот и други работи утврдени со закон.

## 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за дигитална трансформација е орган на државната управа кој ги врши работите кои се однесуваат на развојот и промоцијата на информатичкото општество, технолошкиот развој и технолошката култура, подготвување на стратешки документи од областа на дигитализацијата, организирање и спроведување на обуки за дигитални вештини, безбдност на мрежи и информациски системи, дигитализација на јавните услуги, администрирање со интегрирана база на лични податоци на населението на Републиката и соодветните книги за евиденција, креирањето и водењето на регистар на информационите и комуникациските системи и информатичката опрема во рамките на органите на државната управа, интегрираната информатичка и комуникациска мрежа, базите на податоци, меѓусебното поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, следењето на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународни стандарди, телекомуникациите и телеконикациската инфраструктура, радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура, остварувањето на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност, надзор од негова надлежност и други работи утврдени со закон.

## 17002 ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот управен инспекторат, согласно надлежностите утврдени во Законот за управна инспекција, врши надзор над примената на одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и другите закони и прописи што содржат одредби за управна постапка; надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за забрана и спречување на вршење нерегистрирана дејност, како и надзор над извршувањето на прописите за канцелариско работење согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапувањето со архивскиот материјал и документираниот материјал во канцеларискотo и архивското работење.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Главните приоритети и цели на Државниот управен инспекторат за 2024 година се: навремено, економично и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи; постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената управна постапка, како и во роковите определени со акти на судските органи; вклучување на заинтересираните странки во управната постапка заради заштита на нивните права и интереси; обезбедување докази по службена должност од службената евиденција што ја води органот надлежен за решавање, друг државен орган, правни и други лица кои имаат јавни овластувања, општините и Градот Скопје; начинот на однесувањето и работењето на административните службеници и вработените со цел да се обезбеди почитување на принципите на законитоста, професионален интегритет, ефикасност, одговорност и лојалност при вршењето на нивните службени должности.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 25.146 | 31.025 | 33.560 | 36.274 | 39.691 | 42.426 |
| *Број на вработени* | 40 | 45 | 44 | 43 | 45 | 43 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 44.487 | 48.148 | 52.570 | 61.391 | 65.031 | 73.415 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 623 | 677 | 739 | 840 | 879 | 977 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори* | 1.499 | 1.116 | 2.493 | 2.659 | 2.400 | 2.040 |

## 17101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за јавна администрација е орган на државната управа кој ги врши работите кои се однесуваат на законското уредување на прашањата во врска со администрацијата, надзорот и обезбедувањето на единствена примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници, развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници, класификацијата и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници, водењето Регистар за вработените во јавниот сектор, подготвувањето стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници, организирање и спроведување на обуката, развојот и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси, реформата во јавната администрација, како и остварување на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност.

## 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
## и
## 18010 ФИНАНСИРАЊЕ ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за култура извршува активности за следење, анализирање и предлагање акти и мерки за развој и унапредување на културата, финансирање на националните установи, развој на мрежа на национални установи и финансирање проекти од национален интерес во областа на литературата и издавачката дејност, филмската и драмската дејност, музичката и музичко-сценската дејност, фолклорната дејност, визуелната и ликовната дејност, архитектурата и галериската дејност, библиотечната дејност, музејската и кинотечната дејност, недвижното културно наследство, заштитата на авторското и сродните права, споменично одбележување настани и истакнати личности од национален интерес, надзор во културата и други работи утврдени со закон.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритети и цели за 2024 година на Министерството за култура се: продолжување на постапката за децентрализација во културата согласно Стратегијата за развој на културата, донесување на Законот за остварување на јавниот интерес во културата, изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за издавачка дејност, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност, изработка наревизија

Национална стратегија за развој на културата за периодот 2023 - 2027 година и изработка на Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство, реализација на програми за рамномерен културен развој во Република Северна Македонија преку поддршка на проекти во рамките на Годишната програма на Министерството, збогатување на културната понуда на лицата со посебни потреби.

Исто така, како врвен приоритет за 2024 година останува заштитата на културното наследство и реализирањето на евроинтеграциските процеси во културниот ресор во Република Северна Македонија преку соодветни активности и проекти.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | 287.448 | 246.362 | 201.523 | 210.241 | 274.733 | 311.235 |
| *Број на вработени* | 199 | 199 | 192 | 183 | 186 | 181 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 47.18 | 43.97 | 47.505 | 52.853 | 58.677 | 59.786 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 744 | 724 | 774 | 859 | 921 | 946 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на доделени државни награди* | 2 | 16 | 23 | 17 | 27 | 27 |
| *Број на реализирани манифестации и фестивали од обласa на драмската, издавачката, музичко сценската дејност, фолклорната дејност и манифестации по посебни конкурси* | 42 | 44 | 44 | 22 | 25 | 25 |
| *Број на проекти наменети за деца од музичката и музичко сценска дејност* | 24 | 12 | 12 | 26 | 15 | 15 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Дигитална реставрација на македонски филмови* | 2 | 1 | 1 | 5 | 12 | 12 |

## 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Основна цел на Министерството за здравство е обезбедување високо ниво на здравје на населението, како и висококвалитетна здравствена заштита на најисплатлив начин. Министерството за здравство имплементира активности насочени кон унапредување на здравствената инфраструктура и условите со цел воспоставување и одржување ефикасен и достапен систем на здравствена заштита на населението.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Инвестиционите активности се насочени кон набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ во РСМ, изградба, реконструкција и доградба на објектите во ЈЗУ, како и реализација на проектите финансирани со кредитни средства. Како градежни активности се планираат реконструкции на следните ЈЗУ: Општа болница Кичево, Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св Еразмо“ - Охрид и Клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје. Исто така, ќе продолжи изградбата на Клиничката болница во Штип, а се планираат и градежни активности и реконстукции во Здравствен дом Скопје, Клиника за психијатрија и др.

Во рамки на превентивните и куративните здравствени програми се преземаат активности со цел остварување подобра комуникација и обезбедување квалитетни здравствени услуги. Притоа, активностите на превентивните програми се насочени кон превенција од кардиоваскуларни болести, систематски прегледи на ученици и студенти коишто се насочени кон комплетна превенција од деформитети, откривање лоши навики и одделни заболувања кај целата школска и студентска популација, активности за организирање и унапредување на крводарителството, имунизација на населението преку набавка на вакцини, активности околу рано откривање на лица евентуално разболени од бруцелоза, континуирана набавка на лекови за болни од туберкулоза, заштита на населението од СИДА, активна здравствена заштита на мајки и деца, рана детекција на малигни заболувања преку активностите на гинеколозите за повикување за ПАП тест и скрининг за карцином на грло на матка кај жените, активности за скрининг за карцином на дебело црево и активности за скрининг за карцином на дојка.

Активностите што се спроведуваат во рамки на куративните програми се насочени кон организирање пунктови за бесплатни прегледи по плоштади и рурални места, бесплатни прегледи за превенција од топлотни бранови во рамки на програмата „Здравје за сите“, здравствена заштита на лицата со душевни растројства,

набавка на метадон и бупренорфин и целосна услуга за лекување лица со болести на зависности, обезбедување на трошоците за болни коишто се третираат со дијализа и активности за пациенти со хемофилија, набавка на лекови за лекување на ретки болести, набавка на инсулин, инсулински игли, глукагон, ленти за мерење шеќер и пумпи за континуирано снабдување со инсулин за инсулинозависни пациенти, болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери со пензија пониска од просечната во РСМ и за деца до 18 години чии семејства се приматели на социјална парична помош, како и активности за едукација на лекари и медицински персонал.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 7.209.513 | 8.183.816 | 7.364.209 | 6.634.218 | 7.665.098 | 7.204.034 |
| *Број на вработени* | 195 | 194 | 194 | 191 | 187 | 192 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 41.573 | 43.989 | 45.237 | 50.387 | 55.963 | 60.646 |
| *Оперативни расходи по вработен ( илјади денари)* | 1.342 | 2.444 | 1.923 | 2.007 | 2.456 | 2.903 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на новороденчиња опфатени со тиреоиден скрининг* | 18.753 | 13.141 | 19.500 | 18.000 | 18.000 | 18.000 |
| *Број на жени кои користат бесплатни прегледи за време на бременост* | 182 | 157 | 200 | 300 | 300 | 300 |
| *Број на инсулинозависни лица опфатени со третман (инсулин тип 1 и тип 2)* | 42.000 | 44.000 | 47.500 | 46.000 | 46.000 | 46.000 |

## 19002 ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот санитарен и здравствен инспекторат е правно лице во состав на Министерството за здравство чија основна задача е да организира, следи и врши инспекциски надзор над спроведување на законите и другите прописи од областа на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението, здравственото осигурување, евиденциите во областа на здравството, заштита на правата на пациентите, да ја следи безбедноста во снабдувањето со крв, биомедицинското потпомогнато оплодување, безбедноста на детските играчки, козметички средства и предметите за општа употреба и надзор над спроведувањето

на мерките за спречување на ширењето и сузбивањето на заразните болести со цел заштита на населението од заразни болести.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Цели на Инспекторатот се изготвување инструкции и процедури за работа во сите области на инспекцискиот надзор, месечни и квартални планови за инспекциски надзор, месечни планови за земање примероци согласно Стратешкиот план и Стандардните оперативни процедури, изготвување извештаи, реализирање на проектот за изработка на софтвер за воспоставување единствен регистар на објекти што подлежат на санитарно–хигиенски и здравствен надзор, евидентирање на извршени надзори, донесени решенија, преземени казнени мерки, мрежно поврзување на одделенијата во Инспекторатот со Централната база на податоци, унапредување на знаењата на инспекторите и добивање квалитет на инспекцискиот надзор преку организирање на планираните обуки.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 52.586 | 63.228 | 59.474 | 60.661 | 68.104 | 75.617 |
| *Број на вработени* | 72 | 72 | 72 | 68 | 71 | 67 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 44.330 | 49.616 | 51.499 | 51.732 | 60.353 | 67.701 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 696 | 836 | 804 | 808 | 933 | 1.101 |

| *Аутпут индикатори* | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Б-2024 | Р-2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Извршени контроли во образовни, социјални и детски установи* | 1.253 | 451 | 1.350 | 1.098 | 1.250 | 1.250 |
| *Контрола во производството и прометот на предмети за општа употреба* | 281 | 152 | 420 | 311 | 480 | 480 |
| *Извршени контроли во здравствени установи* | 5.017 | 1.708 | 4.890 | 2.966 | 3.300 | 3.300 |

## 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за локална самоуправа подготвува закони и подзаконски акти за уредување и развој на системот за локална самоуправа и за рамномерен регионален развој, го следи развојот и предлага мерки за унапредување на локалната самоуправа; го следи и поттикнува рамномерниот регионален развој; ја следи функционалноста на територијалната организација на локалната самоуправа; ја поттикнува, поддржува и следи меѓуопштинската соработка; спроведува програми за

прекугранична и транснационална соработка согласно одредбите од регулативата на Европската Унија за спроведување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА - прекугранична и територијална соработка), води регистри и евиденции согласно закон (регистарот на грбовите и знамињата на општините, евиденција на воспоставените облици на меѓуопштинска соработка, евиденција на меѓународната соработка на општините, евиденција на облиците на месна самоуправа, евиденција за развојните потенцијали на општините и на планските региони).

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Меѓу главните приоритети и цели за 2024 година е имплементацијата на проектот „Зајакнување на општинските совети“ којштo се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединетите нации во соработка со Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС, а е финансиски поддржан од страна на Владата на Швајцарската конфедерација претставувана од Амбасадата на Швајцарија/Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ). Во 2023 година, Министерството за локална самоуправа ќе започне да спроведува Програма за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност, во согласност со член 57 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21), како и кофинансирање на проекти од проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 181.503 | 268.583 | 299.897 | 321.477 | 281.077 | 465.325 |
| *Број на вработени* | 55 | 58 | 56 | 54 | 58 | 52 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 43.630 | 47.205 | 45.375 | 56.703 | 58. 012 | 72.720 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 789 | 679 | 744 | 900 | 918 | 1.138 |

## 19102 ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот инспекторат за локална самоуправа врши надзор над законитоста на прописите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и го опфаќа надзорот над постапката за нивно донесување. Под прописи на општината се подразбираат: статут на општината, програми, планови, одлуки, решенија, заклучоци и други општи акти што ги донесува Советот на општината и актите со кои се

воспоставува меѓуопштинска соработка, како и конкретните акти што ги донесува градоначалникот на општината за извршување на актите на Советот на општината. При спроведување на инспекцискиот надзор инспекторите постапуваат и одлучуваат согласно Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 158 од 9.12.2010 година), додека за прашањата кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5 од 29.1.2002 година) и Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102 од 22.5.2019 година). За успешно и организирано функционирање на Државниот инспекторат за локална самоуправа се изготвува и носи Годишен план за работа на Инспекторатот со кој се предвидени основните активности, мерки и начинот на нивното извршување.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Целите за 2024 година вклучуваат подигнување на квалитетот и ефикасноста во работењето, континуитет во примената на принципот на законитост и супсидијарност, транспарентност, јавност и отчетност, принципот на еднаквост, непристрасност и објективност, самостојност и независност и превенција, поточно зајакнување на јавната и институционалната перцепција за работата и позицијата на Инспекторатот како високопрофесионална, стручна и квалитетна државна институција и ефикасно спроведување и засилување на целокупниот систем на постојана правна заштита при вршењето редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори. Основна цел на инспекторите е примена на начелото на превенција при вршењето на инспекцискиот надзор. Инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот. Целите на Инспекторатот вклучуваат и обезбедување поефективен, поефикасен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на прописите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје и унапредување на нивната законитост, како и правилна примена на законските прописи од страна на субјектот на инспекцискиот надзор.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 8.327 | 10.626 | 7.199 | 8.247 | 8.490 | 8.148 |
| *Број на вработени* | 13 | 13 | 8 | 7 | 6 | 6 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 33.618 | 43.462 | 51.354 | 56.449 | 75.722 | 66.056 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 630 | 804 | 871 | 1.135 | 1.376 | 1.339 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на извршени инспекциски* | 1.189 | 959 | 1.300 | 1.302 | 650 | 650 |

| | |
|---|---|
| *надзори* | |

## 19201 АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за иселеништво е орган на државната управа, чија основна цел е поттикнување, помагање и одржување на националниот идентитет на иселениците од Република Северна Македонија преку негување на македонскиот јазик и култура на иселениците во средините каде што живеат, како и интеграција во општествениот живот на Република Северна Македонија преку нивно вклучување во јавниот и економскиот живот.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Основните цели на Агенцијата се во насока на унапредување на положбата и правата на иселениците од Република Северна Македонија, поттикнување на културниот развој на иселениците, информирање на иселениците со состојбата во Република Северна Македонија и унапредување на врските со нив и нивните организации, создавање услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економскиот живот во Република Северна Македонија, како и остварување контакти во земјата со припадници на македонските иселеници преку одржување на системска мрежа со единиците на централната власт, локалните власти и заедницата на единиците на локалната самоуправа.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 17.183 | 19.130 | 21.858 | 19.994 | 20.544 | 19.944 |
| *Број на вработени* | 20 | 20 | 15 | 14 | 14 | 13 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 40.395 | 51.833 | 57.561 | 59.437 | 72.494 | 81.276 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 853 | 944 | 1.254 | 1.397 | 1.459 | 1.523 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на деца кои посетуваат настава по мајчин јазик* | / | 100 | 130 | 92 | 100 | 100 |

## 19302 АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер го афирмира, унапредува и штити правото на слободен пристап до

информации од јавен карактер како уставно загарантирано право во Република Северна Македонија. Агенцијата, пред сè има централната улога во развојот на политиките за транспарентност кај т.н. имателите на информации, односно сите институции кои трошат буџетски средства, кои имаат јавни овластувања или кои вршат дејност од јавен интерес. Воедно, Агенцијата се грижи за подобрување и зајакнување на законодавството во областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер, води сметка за опфатот, толкувањето и соодветната примена на ЗСПИЈК, врши едукативни активности за примената на ЗСПИЈК, се грижи за подигнување на свеста околу слободниот пристап до информации од јавен карактер како уставно и законско право на граѓаните и како обврска на јавните органи, одлучува како второстепен орган во посебна управна постапка преку која директно влијае на начинот на кој јавните органи го овозможуваат остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, одржува континуирана соработка со сродни институции и партнери на домашно и меѓународно ниво со цел хармонизирање на правото на слободен пристап со правото на Европската Унија и други релевантни интернационални чинители.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Клучните цели и приоритети се насочени кон континуирана заштита и промовирање на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку подигнување на свеста на барателите на информации и едукативни активности насочени директно спрема нив, намалување на молкот на управата и зголемување на (про)активната транспарентност, спроведување ефективни мерки за мониторинг и следење на имплементацијата на ЗСПИЈК и подобрување на практичната примена на ЗСПИЈК преку измени и дополнувања на политиките и практиката, базирани на докази; јакнење на институционалниот капацитет и јавната препознаеност на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер преку воспоставување стабилни механизми за унапредување на знаењата и вештините на вработените во Агенцијата, зајакнување на видливоста на Агенцијата како релевантен чинител во јавниот дискурс, унапредување на соработката со надворешни и интернационални чинители, примена на современи алатки и решенија за поефективна комуникација и побрзо обезбедување услуги и надградба на информацискиот систем.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 12.246 | 16.423 | 18.973 | 17.418 | 19.406 | 20.051 |
| *Број на вработени* | 19 | 21 | 21 | 21 | 21 | 20 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 43.209 | 42.857 | 42.936 | 56.516 | 63.032 | 69.504 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 630 | 632 | 655 | 814 | 898 | 980 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на пријавени жалби* | 764 | 640 | 343 | 453 | 800 | 800 |

## 20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи е надлежен за прашањата од верската сфера во државата, заштита на начелото на секуларност на државата, унапредување на верските слободи и права и на меѓуконфесионалната соработка, како и за односите на црквите, верските заедници и религиозните групи со државата. Основни функции на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи се: доследно спроведување на Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група и обврските што произлегуваат од него; унапредување и промоција на верскиот соживот; унапредување на положбата на верските субјекти во општеството; создавање услови за еднаков третман на сите верски субјекти; остварување на правата на верските субјекти кои произлегуваат од позитивните законски прописи; вклучување и поддршка на средношколските и високошколските образовни институции на МПЦ-ОА и ИВЗ во државниот образовен систем на Република Северна Македонија; издавање решенија за одобренија за престој на странски мисионери на територијата на државата; давање мислења за донации од јавен интерес коишто се наменети за верските субјекти и нивните потреби; придонес во изградбата на политиката на мирно разрешување на меѓуверски конфликти; создавање клима за дијалог; афирмација на верските вредности на државата; промоција на мултиконфесионалниот карактер на државата како пример за почитување на различните вери и верски соживот; достојно оддавање почит на значајни личности и настани од сферата во која работи Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи; следење на состојбите со доследно почитување на начелото на секуларност на државата; следење на остварувањето на верските слободи и права и ангажман за унапредување на состојбите; следење на работата на верските субјекти; сервисна ориентација кон потребите на верските субјекти; поддршка на активните манастири; унапредување и поддршка на црковните и другите верски општини во дијаспората; унапредување на меѓународната соработка со институции кои работат во верската сфера, како што се Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и други соодветни чинители и реализирање на заеднички проекти.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година продолжуваат активностите за промовирање на културните и верските вредности на Република Северна Македонија врз основа на постојана и

конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции, а главни три цели се: промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка; обезбедување заштита на начелото на секуларност, унапредување на верските слободи и права и меѓународна соработка; зајакнување на сервисната ориентација кон потребите на верските заедници. Реализацијата на наведните приоритет и цели КОВЗРГ ќе ги оствари преку повеќе активности, иницијативи и проекти предвидени во Годишниот план за 2024 година, што ќе даде особен придонес во развојот на состојбите и прашањата кои се релевантни во областа на делување.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 10.970 | 11.588 | 13.858 | 10.325 | 11.571 | 11.321 |
| *Број на вработени* | 15 | 15 | 11 | 10 | 11 | 11 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | 41.645 | 42.194 | 44.480 | 57.096 | 62.591 | 68.850 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 614 | 684 | 771 | 953 | 977 | 1.060 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Решенија за издавање одобренија за престој на странски верски лица* | 140 | 100 | 121 | 132 | 160 | 160 |

## 21001 АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за катастар на недвижности ги врши работите на управувањето со податоците од Геодетско-катастарскиот информациски систем, одржување на катастарот на недвижности, востановување и одржување на катастарот на инфраструктурни објекти, основни геодетски работи, геодетски работи за посебни намени, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижностите, премерот и одржувањето на државната граница на Република Северна Македонија, топографските карти, масовна процена на недвижностите, воспоставување и управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште, водење Регистар за просторни единици, улици и куќни броеви и др. Активностите на Агенцијата се насочени кон дигитално одржување на катастарските планови, интеграција на графичката со алфанумеричката база на податоци, ажурирање на векторизирани архивски оригинали, воведување електронска архива и скен-центар, ефикасно опслужување на потребите и барањата на сите категории корисници на јавните

услуги на Агенцијата, нов пристап до просторните информации и нивен мониторинг и намалување на просечното време за решавање предмети.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритетни цели на Агенцијата за катастар на недвижности за 2024 година се: зголемување на задоволството и довербата на корисниците; обезбедување точна и навремена информација до корисниците; информирање на јавноста преку промоција на услугите, со што корисниците ќе знаат кои услуги можат да ги добијат од АКН, за колку време и за кој износ; организирање и одржување обуки за професионалните корисници; подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности; изедначување на податоците во документите каде што носител на правото на сопственост се јавува Република Северна Македонија; унифицирање на податоците во базите на податоци; изготвување геодетски елаборати за посебни намени - ажурирани геодетски подлоги; одржување на системот МАКПОС; одржување на националните геодетски референтни мрежи и нивно поврзување со мрежите од соседните земји; воспоставување точки од комбинираната геодетска мрежа (мрежа од нулти ред); обновување и згуснување на нивелманската мрежа од висока точност; создавање предуслови за ставање во официјална примена на европскиот координатен систем ЕТРС89; изработка на топографски и наменски карти и карти според стандардите на НАТО; координирање на активностите на НИПП во Република Северна Македонија; ласерско скенирање (ЛиДАР) на преостанатиот дел од територијата на Република Северна Македонија; редизајнирање на кодот и на корисничкиот интерфејс на системот на електронскиот катастар; редизајнирање на компоненти на системската/апликациската архитектурата и редизајнирање и модернизација на веб кориснички и управувачки интерфејс на ОССП - дистрибутивен систем на АКН.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 562.120 | 648.500 | 648.553 | 651.833 | 654.656 | 776.696 |
| *Број на вработени* | 851 | 860 | 836 | 745 | 770 | 698 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 35.564 | 36.337 | 38.050 | 46.622 | 48. 085 | 54.578 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 559 | 646 | 663 | 785 | 816 | 968 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Процент на територија на РСМ со дигитално одржување на катастарски планови* | 98,91% | 99,41% | 99,59% | 99,90% | 99,80% | 100% |
| *Процент на ажурирани имотни листови во однос на вкупниот* | 85% | 90% | 93% | 98% | 95% | 96% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *број од 1.754.093 неажурирани имотни листови* | | | | | | |
| *Процент на поднесени електронски барања преку е-шалтер* | 80% | 80% | 85% | 90% | 88% | 88% |

## 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за статистика е самостојна стручна управна организација чијашто основна дејност е развој, производство и продукција на статистички податоци за потребите на широк круг корисници (Влада, научна заедница, локална самоуправа и др.). Државниот завод за статистика го координира статистичкиот систем на земјата во кој покрај Заводот учествуваат уште други осум овластени носители. Државниот завод за статистика, исто така, е главен носител на меѓународната статистичка соработка.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Тековно реализирање на меѓународните проекти, продолжување со трендот на намалување на оптовареноста на извештајните единици и зголемено користење на административните извори на податоци, реализација на Петгодишната програма за периодот 2023 - 2027 година и донесување на планираните статистички стандарди.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 382.587 | 579.675 | 211.491 | 205.378 | 239.006 | 226.538 |
| *Број на вработени* | 245 | 237 | 228 | 232 | 233 | 229 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 40.520 | 41.463 | 41.155 | 45.905 | 51.996 | 53.596 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 545 | 661 | 678 | 728 | 804 | 824 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Број на реализирани статистички истражувања* | 229 | 229 | 229 | 229 | 229 | 229 |

## 24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Северна Македонија е современа архивска институција со статус на управна организација, чија специфичност е во тоа што го прима, заштитува, обработува, публикува и дава на користење архивскиот материјал

создаден при работењето на сите институции што постојат во државата (државни органи, јавни установи, здруженија на граѓани и физички и правни лица). Согласно со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Државниот архив на Република Северна Македонија е основан како управна организација со својство на правно лице и во неговиот состав не се предвидени никакви други орган.

Основни надлежности и функции на Државниот архив на Република Северна Македонија се преземање на архивски материјал и водење евиденција и инспекциски надзор кај имателите на архивски материјал, средување и обработка на архивскиот материјал на приоритетно одбрани фондови што се наоѓаат во Државниот архив, чување и стручно одржување и преземање техничко технолошки мерки за заштита на архивскиот материјал.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2024 ГОДИНА

Приоритети и цели на Државниот архив се надзор и стручна помош и заштита на архивскиот материјал кај имателите, изградба на Дигитален архив на Државниот архив, сукцесија на архивски материјал од поранешната држава СФРЈ и меѓународна соработка, популаризација на архивската дејност и унапредување на позицијата на Државниот архив.

| *Инпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен буџет (илјади денари)* | 135.585 | 154.203 | 158.197 | 165.502 | 187.019 | 199.995 |
| *Број на вработени* | 282 | 288 | 287 | 275 | 281 | 272 |
| *Просечна месечна бруто-плата по вработен* | 34.030 | 35.274 | 35.429 | 41.275 | 45.432 | 47.801 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | 462 | 508 | 524 | 582 | 633 | 698 |

| *Аутпут индикатори* | *2020* | *2021* | *2022* | *2023* | *Б-2024* | *Р-2024* |
